УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ

ИНСТИТУТ ЗА СОЦИОЛОШКИ И
ПОЛИТИЧКО-ПРАВНИ ИСТРАЖУВАЊА

Универзитет „Св. Кирил и Методиј“
ИНСТИТУТ ЗА СОЦИОЛОШКИ И ПОЛИТИЧКО ПРАВНИ ИСТРАЖУВАЊА

# ПОЛИТИЧКО-ПРАВНИТЕ И КУЛТУРОЛОШКИТЕ ПРЕДИЗВИЦИ ВО СПРАВУВАЊЕТО СО ПАНДЕМИЈАТА

Раководител на проектот и уредник
Вонр. проф. д-р Бојана Наумовска

**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ**

**ИНСТИТУТ ЗА СОЦИОЛОШКИ И ПОЛИТИЧКО-ПРАВНИ ИСТРАЖУВАЊА – СКОПЈЕ**

# Политичко-правните и културолошките предизвици во справувањето со пандемијата

**(истражувачка студија)**

**Раководител на проектот и уредник**
**Вонр. проф. д-р Бојана Наумовска**

**Скопје, 2022 година**

**Автори:**
Вонр. проф. д-р Бојана Наумовска
Проф. д-р Емилија Симоска
Проф. д-р Мирјана Најчевска
Проф. д-р Ганка Цветанова
Проф. д-р Горан Јанев
Проф. д-р Елеонора Серафимовска
Проф. д-р Маријана Марковиќ
Доц. д-р Дритон Маљиќи
Доц. д-р Јован Близнаковски
Асс. м-р Милка Димитровска
Асс. м-р Блаже Јосифовски
Асс. м-р Теа Конеска-Василевска

**Рецензенти:**
Проф. д-р Ружица Цацаноска
Проф. д-р Панде Лазаревски

**Издавач:**
Институт за социолошки и политичко-правни истражувања,
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје

**Јазична редакција:**
Теа Конеска-Василевска

**Тираж:** 100

**Дизајн и печат:**
МАР-САЖ Ташко ДООЕЛ, Скопје

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека “Св. Климент Охридски”, Скопје

616.98:578.834]:32(497.7)(082
616.98:578.834]:34(497.7)(082)
616.98:578.834]:316.7(497.7)(082)

ПОЛИТИЧКО-правните и културолошките предизвици во справувањето со пандемијата : (истражувачка студија) / Бојана Наумовска ... [и др.]. - Скопје : Институт за социолошки и политичко-правни истражувања, 2022. - 148 стр. : илустр. ; 21 cм

Фисноти кон текстот. - Други автори: Горан Јанев, Емилија Симоска, Ганка Цветанова, Мирјана Најчевска, Елеонора Серафимовска, Маријана Марковиќ, Дритон Маљиќи, Јован Близнаковски, Милка Димитровска, Блаже Јосифовски, Теа Конеска-Василевска. - Библиографија кон трудовите

ISBN 978-9989-633-60-7

1. Јанев, Горан [автор] 2. Симоска, Емилија [автор] 3. Цветанова, Ганка [автор] 4. Најчевска, Мирјана [автор] 5. Серафимовска, Елеонора [автор] 6. Марковиќ, Маријана [автор] 7. Маљиќи, Дритон [автор] 8. Близнаковски, Јован [автор] 9. Димитровска, Милка [автор] 10. Јосифовски, Блаже [автор] 11. Конеска-Василевска, Теа [автор]
а) Ковид-19 -- Предизвици -- Политичко-правни аспекти -- Македонија -- Зборници б) Ковид-19 -- Предизвици -- Социо-културолошки аспекти -- Македонија -- Зборници

COBISS.MK-ID 57523461

**СОДРЖИНА**

ВОВЕД ........................................................................................................ 5

МЕТОДОЛОШКА РАМКА ............................................................................................ 9

**ОПШТЕСТВОТО И ПОЕДИНЕЦОТ**

**Проф. д-р Горан Јанев**
**Доц. д-р Дритон Маљиќи**
ПАНДЕМИЈАТА КАКО ИЗВОРНИК-ГЕНЕРАТОР ИЛИ АМПЛИФИКАТОР-ПРОДЛАБОЧУВАЧ НА ОПШТЕСТВЕНИТЕ ПОДЕЛБИ? ........................................ 13

**Проф. д-р Емилија Симоска**
СТРАВОВИ ........................................................................................................ 21

**ПРЕДИЗВИЦИТЕ ВО КУЛТУРНИОТ СЕКТОР**
**ВО ВРЕМЕ НА ПАНДЕМИЈАТА СО КОВИД-19**

**Проф. д-р Ганка Цветанова**
КУЛТУРНИТЕ ИНСТИТУЦИИ ВО ВРЕМЕ НА
ПАНДЕМИЈАТА СО КОВИД-19 ............................................................................ 31

**Асс. м-р Теа Конеска-Василевска**
ИЗДАВАШТВОТО И ИЗДАВАЧКИТЕ КУЌИ ВО МАКЕДОНИЈА
ВО ВРЕМЕ НА ПАНДЕМИЈАТА СО КОВИД-19 ...................................................... 39

**Асс. м-р Блаже Јосифовски**
АНАЛИЗА НА ЕФЕКТОТ ОД КОВИД-19 ВРЗ НЕВРАБОТЕНИТЕ
ХОНОРАРНО АНГАЖИРАНИ ЛИЦА ВО ИНСТИТУЦИИТЕ
ОД КУЛТУРАТА ВО МАКЕДОНИЈА ........................................................................ 53

**ПОЛИТИЧКО-ПРАВНИ ПРЕДИЗВИЦИ**

**Проф. д-р Мирјана Најчевска**
**Асс. м-р Милка Димитровска**
ПРАВНА АНАЛИЗА НА ПРОЦЕДУРАЛНОТО И МАТЕРИЈАЛНОТО
ФУНКЦИОНИРАЊЕ НА СОБРАНИЕТО ВО ВРЕМЕ НА ПАНДЕМИЈА:
КАКО ДА СЕ ОДГОВОРИ НА ВОНРЕДНИ ПРЕДИЗВИЦИ ................................... 63

**Вонр. проф. д-р Бојана Наумовска**
**Доц. д-р Јован Близнаковски**
ВЛИЈАНИЕТО НА ПАНДЕМИЈАТА ВРЗ ПОЛИТИЧКАТА ПАРТИЦИПАЦИЈА НА ГРАЃАНИТЕ ........ 93

**МЕДИУМИТЕ ВО УСЛОВИ НА ПАНДЕМИЈА**

**Проф. д-р Елеонора Серафимовска**
**Проф. д-р Маријана Марковиќ**
**Асс. м-р Теа Конеска-Василевска**
НОВИНАРСТВОТО И МЕДИУМИТЕ ВО МАКЕДОНИЈА ВО УСЛОВИ НА ПАНДЕМИЈА ........ 113

ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА ........ 145

**ВОВЕД**

Пандемијата доведе до сериозни промени во животот на граѓаните. Општеството се соочува со двегодишно живеење во услови на пандемија. Иако на почетокот се сметаше дека таа ќе трае кратко и нема да направи големи промени во начинот на живеење и функционирање како на државниот, така и на приватниот сектор, денес го сведочиме спротивното. Речиси не постои сегмент или гранка што останаа непогодени. Во најголем дел, податоците од стопанството се поразителни, иако има гранки што се адаптираа лесно. Живеењето во услови на пандемија (или, поинаку кажано, во услови на „новото нормално“), грижата за сопственото здравје и она на најблиските, како и грижата за економскиот опстанок, ги смени луѓето. Се смениja начинот на работа, функционирањето на институциите, начинот на одлучување, начинот на комуникација.

Тргнувајќи од традицијата на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања секогаш да ги истражува актуелните појави во општеството и со тоа да понуди релевантни податоци што се од интерес како за истражувачката, така и за пошироката јавност, предметот на ова истражувањето во фокусот го има <u>утврдувањето на политичко-правните и културолошките предизвици во справувањето со пандемијата</u>.

Оваа истражувачка студија (монографија) е сочинета од осум текста што меѓу себе се надополнуваат детектирајќи ги политичко-правните и културолошките промени и предизвици во справувањето со пандемијата.

Во делот *Општеството и поединецот*, во првиот труд насловен „Пандемијата како изворник-генератор или амплификатор-продлабочувач на општествените поделби?“, проф. д-р Горан Јанев и доц. д-р Дритон Маљиќи ги истражуваат позициите на круговите на солидарност помеѓу два екстрема на (не)постоење на општествена заедница на континуумот помеѓу поларизација и фрагментација, наспроти солидарност и соработка на ниво на пошироко општествено опкружување. Дополнително, овој труд бара одговор на прашањата дали круговите на солидарност или опфатот на мрежите на солидарност ги отцртуваат замислените групирања и поделби, дали се преклопуваат или се надминуваат. Со посебен осврт на споделените искуства на испитаниците за време на кризата, се надополнува сликата на опфатот на мрежите на солидарност, односно границите на заедниците во нашето општество.

Во трудот „Стравови“, проф. д-р Емилија Симоска дава одговор на прашањето „Од што се плашат најмногу граѓаните во овој момент?“, односно колку пандемијата влијаела врз преструктурирање на „ранг-листите“ на стравови со коишто се соочуваат граѓаните.

Во втората целина, насловена *Предизвиците во културниот сектор во време на пандемијата со КОВИД-19*, проф. д-р Ганка Цветанова во својот текст, „Културните институции во време на пандемијата со КОВИД-19“, зборува за предизвиците со коишто беа соочени националните институции од областа на културата и нивниот институционален одговор. Поконкретно, со трудот: се добива генерална слика за предизвиците со коишто се соочија националните институции од областа на културата во Република Македонија во време на пандемијата со КОВИД-19; се утврдува

дали и како се приспособија културните институции при користење на релативно нови технологии и медиуми/онлајн-платформи за алтернативен и креативен начин на презентација на програмските содржини; се добива генерална слика за приемот и постигнатиот ефект кај публиката од реализираните културни настани и активности во време на пандемијата со КОВИД-19.

Предмет на интерес на асс. м-р Теа Конеска-Василевска во текстот „Издаваштвото и издавачките куќи во Македонија во време на пандемијата со КОВИД-19" се предизвиците со коишто се соочиле издавачките куќи како еден вид на културни институции (а со тоа и издаваштвото) за време на пандемијата со КОВИД-19, и тоа од културолошко-комуниколошка гледна точка.

Главната цел на текстот „Анализа на ефектот од КОВИД-19 врз невработените хонорарно ангажирани лица во институциите од културата во Македонија" од асс. м-р Блаже Јосифовски е да ги оцени ефектите од пандемијата со КОВИД-19 врз невработените хонорарно ангажирани лица во културните институции во Македонија. Дополнително, како индиректен ефект, трудот се фокусира на мерките преземени од централната и локалната власт и како тие влијаеја врз неформално ангажираните лица во културните институции.

Во третата целина, *Политичко-правни предизвици*, во текстот „Правна анализа на процедуралното и материјалното функционирање на Собранието во време на пандемија: Како да се одговори на вонредни предизвици", проф. д-р Мирјана Најчевска и асс. м-р Милка Димитровска ги анализираат процедуралните и други деловнички прашања за функционирањето на Собранието, како и посериозните предизвици и можни алтернативни решенија во однос на неговата содржинска функционалност, опфаќајќи битни прашања, како верификување на нормативата донесена за време на вонредната состојба, внатрешното постапување и внатрешната активност на пратениците, но и материјалната страна на донесување на закони и други акти како специјална регулатива поврзана со КОВИД-19 за заштита на граѓаните, со цел адресирање на штетите од пандемијата.

Во истражувачкиот фокус на текстот „Влијанието на пандемијата врз политичката партиципација на граѓаните" од вонр. проф. д-р Бојана Наумовска и доц. д-р Јован Близнаковски се ефектите од пандемијата со КОВИД-19 кон политичкото учество на граѓаните и се обидува да процени дали и до кој степен стравот од заразување со коронавирусот влијае врз нивната одлука да (не) учествуваат на избори или јавни протести.

Во делот од студијата со наслов „Новинарството и медиумите во Македонија во услови на пандемија" од авторите проф. д-р Елеонора Серафимовска, проф. д-р Маријана Марковиќ и асс. м-р Теа Конеска-Василевска, истражувачкиот фокус е ставен на предизвиците со коишто се соочи новинарството во услови на пандемијата со КОВИД-19. Во овој дел, даден е приказ на релевантни податоци добиени од странски истражувања што биле спроведени во текот на 2020 и почетокот на 2021 година, како и приказ на текстови и новински прилози што обработувале теми поврзани со начините на справување со известувањето во време на пандемија на новинарите во Македонија. Особено значајно место во овој дел има истражувањето што се реализира во рамките на проектот на ИСППИ, но коешто, воедно, е иницирано од страна

на неформалната мрежа на водечки научници во доменот на новинарството – Global Risk Journalism Hub.

## МЕТОДОЛОШКА РАМКА

Врз основа на потребите, областа и поставениот фокус, во истражувачката студија „Политичко-правните и културолошките предизвици во справувањето со пандемијата“ методолошкиот пристап е различен во секој текст.

Во првиот текст, „Пандемијата како изворник-генератор или амплификатор-продлабочувач на општествените поделби?“, се употребува квалитативен методолошки пристап, односно за добивање на попродлабочени сознанија реализирани се четири фокус-групи со вкупно 26 учесници.

За текстот „Стравови“, користен е комбиниран пристап, односно податоците за оваа тема се собрани со три методи: анкета (електронска, на примерок од 379 испитаници), фокус-група и интервјуа (две со психијатри и две со психолози-терапевти).

Во текстот „Предизвиците во културниот сектор во време на пандемијата со КОВИД-19“, методолошкиот пристап е квалитативен. За реализирање на истражувачките цели се спроведени интервјуа со релевантните чинители (директори, раководители) во културните институции преку примена на претходно креиран прашалник со отворени прашања. Со прашалникот се опфатени: Македонската филхармонија, Македонската опера и балет, Македонскиот народен театар, Националната галерија и Кинотеката на Република Македонија.

За текстот „Издаваштвото и издавачките куќи во Република Македонија во време на пандемијата со КОВИД-19“ како истражувачка техника за собирање податоци е користена квалитативната методска техника длабинско полуструктурирано интервју, со експерти од областа и инволвирани во издавачката дејност.

За текстот „Анализа на ефектот од КОВИД-19 врз невработените хонорарно ангажирани лица во институциите од културата во Македонија“, покрај тоа што е направена анализа на секундарни податоци, реализирани се и полуструктурирани интервјуа со засегнатите групи работници, спроведени во националните и локалните културни институции што се наоѓаат во Скопје.

Како главна техника во текстот „Правна анализа на процедуралното и материјалното функционирање на Собранието во време на пандемија: Како да се одговори на вонредни предизвици“ е користена анализа на содржина, со цел анализа на правни акти (Устав, закони, уредби со законска сила, Деловник, Буџет, стратешки документи), понатаму стенографски белешки од Собранието, интернет-страници, како и други соодветни документи. Во разработката на материјалните аспекти од работата на Собранието, односно донесувањето закони со одредена содржина, опфатени се исклучиво законите и одлуките што или директно ја регулираат материјата на пандемијата или оние закони што третираат одредена основна материја како социјала, здравство, управа итн., а подлегнале на внес на дополнителни одредби што се однесуваат на сегашни или идни пандемични и други вонредни или кризни околности.

Во текстот „Влијанието на пандемијата врз политичката партиципација на граѓаните“, методолошкиот пристап е квантитативен, односно за потребите на истражувањето е реализирана електронска анкета на примерок од 379 испитаници. Во овој текст, користени се и секундарни извори на податоци.

За текстот „Новинарството и медиумите во Македонија во услови на пандемија“, истражувањето е реализирано во две фази. Во првата фаза е реализирана онлајн-анкета, додека во втората фаза, со цел добивање на подетални и продлабочени податоци, е спроведено интервју. Беа изготвени два инструмента (инструментите беа изготвени од работната група на Global Risk Journalism Hub), еден за реализација на анкетата и вториот за реализација на интервјуто.

# ОПШТЕСТВОТО И ПОЕДИНЕЦОТ

*Проф. д-р Горан Јанев*
*Доц. д-р Дритон Маљиќи*

# ПАНДЕМИЈАТА КАКО ИЗВОРНИК-ГЕНЕРАТОР ИЛИ АМПЛИФИКАТОР-ПРОДЛАБОЧУВАЧ НА ОПШТЕСТВЕНИТЕ ПОДЕЛБИ?

Пандемијата со КОВИД-19, како една од најголемите глобални кризи, разоткри низа слабости на современото општествено уредување, проблематизирајќи ја, пред сѐ, општествената кохезија. Реакциите на кризата, вклучените одбранбени механизми, како и барањето и нудењето помош ја истакнаа најреално состојбата на постојната општествена кохезија, така што ги направија јасно видливи границите на круговите на солидарност, мрежите на првостепените и второстепените (сроднички, пријателски, професионални, соседски) микрозаедници на припадност и опфатот на пошироките заедници, етнички и религиозни. Од Диркемова [Durkheim (1893) 1997] перспектива, се чини дека се истакна механичката солидарност, иако станува збор за современо комплексно општество со развиена поделба на трудот, спротивно на предвидувањата на самиот Диркем (Mishra, Rath, 2020). Применувајќи ги современите теории за солидарност што ја разгледуваат нејзината појава на три нивоа, интерперсонално, групно и ниво на правни и договорни норми, при услови на пандемија, при едно истражување во Австрија се констатира првично преовладување на првите две нивоа и постепено преоѓање кон третото за справување со кризата (Prainsack, 2020). Ова е особено важно, бидејќи оваа студија е заснована на повеќе конзистентно спроведени истражувања, од еден од врвните теоретичари на солидарноста во современите општества, па можеме да ја земеме како мошне меродавна за нашето многу поскромно истражување.

Праинсак ја истакнува ограниченоста на солидарноста според согледана „релевантна почит“ (relevant respect) (2020, 125). Тоа, само по себе, е ограничување на кругот на солидарност на сличните, препознаени како слични, и оттаму исклучиво.

Оттаму, вака ограничената солидарност, ексклузивна во суштината, би можело да се доведе во непосредна врска со конципирањето на механичката солидарност, како произлезена под притисок на примарните општествени групи, а не како што би се очекувало солидарноста да биде проширена на база на споделено собитување во рамките на современото општество. Следствено, со оглед на еволуционистичката парадигма што ја води Диркемовата теорија на солидарност (Thijssen, 2012), може да се заклучи дека пандемијата ги разоткри слабостите на кохезивните врски во современите општества. Нашите наоди од спроведените фокус-групи говорат и во прилог на оваа претпоставка и спротивно од неа и се покажаа недоволно соодветни за проверка на олку значајно социолошко прашање. Сепак, добиените наоди посочуваат низа интересни сфаќања и опсервации на општествената практика, кои овозможуваат солидна аналитичка примена.

Во нашето особено разновидно општество што, за жал, е исто така особено раздвоено до крајност во изминативе три децении на независност, се чини дека постојните поделби за време на пандемијата или се продлабочија или барем останаа исто длабоки, но тоа ќе мора и дополнително да се истражи. Ограничувањата на ова истражување не овозможија особено продлабочена анализа, но барем добиените наоди ќе бидат разгледани во рамките на најновите истражувања за последиците од пандемијата врз општествената кохезија. Во истражувањето најпрвин ќе се пријде со дефинирање на општествената заедница според критериум на солидарност, набљудувано преку одговорот на здравствената криза и поделбите што произлегоа за време на пандемијата; односно, ќе се преиспита основата за создавање заедница врз основа на искуствата од здравствената криза според тоа каде се ограничува полето на солидарност. Праинсак, врз основа на истражувањата спроведени во Австрија, забележува дека се повторува сличен тренд на првична изразена солидарност и подоцнежно затворање на кругот на солидарност, како и при големата бегалска криза од 2015/16 година (Prainsack, 129). Преку ранливи групи, до дежурните неинтегрирани надворешни елементи, мигранти, различни, до затворање во национални граници, кругот на солидарност брзо се стеснува на оние слични на мене, со коишто се полесни идентификацијата и себепрепознавањето.

Кај нас, се чини, сè уште доминираат исполитизираните етнички поделби, иако испитаниците истакнаа дека тоа не е така во нивното опкружување, барем не според нивните непосредни искуства. Искуствата на испитаниците во голема мера се во спротивност со она што можеше да се забележи во јавноста, во медиумите и по социјалните мрежи, но е секако од големо значење за суштинско разликување помеѓу реалниот (со)живот и тоа како ни се претставуваат меѓуетничките односи во јавноста, проблематични и тензични. Инаку, процесите на политичка поларизација не се само наша особеност туку и опасна појава и во најразвиените демократии и веќе преминуваат во емотивниот регистар на однесување како афективна поларизација (Iyengar et al., 2019). Афективната поларизација се манифестира со јавно и јасно изразени стереотипи и предрасуди за *другиот*. Кај нас ова беше многу видливо за време на првите карантински мерки, а подоцна дојде до особен израз со појавата на вакцините и силните сомнежи за нивна примена кај значително голем дел од населението, но ставот за вакцините не беше целосно опфатен со нашето истражување, иако се појави како тема поттикната од самите учесници во фокус-групите. Ова испитување имаше за цел да ги истражи позициите на круговите на солидарност помеѓу два екстрема на (не)постоење на општествена заедница на континуумот помеѓу поларизација и фрагментација, наспроти солидарност и соработка на ниво на пошироко општествено опкружување. Со други зборови, нè интересираше дали круговите на солидарност или опфатот на мрежите на солидарност ги отцртуваат замислените групирања и поделби, дали се преклопуваат или се надминуваат. Со посебен осврт на споделените искуства на испитаниците за време на кризата, ќе се надополни сликата на опфатот на мрежите на солидарност, односно границите на заедниците во нашето општество.

При водењето на фокус-групите, во поглед на испитаниците ги земавме предвид следниве прашања:

1) Кои се општествените импликации на пандемијата врз општествената кохезија во Македонија?; 2) Какви појави и облици на изразена солидарност се појавија за време на кризата?; 3) Дали опфатот на мрежите на солидарност кореспондира со крупните, исполитизирани категории на етничка, религиска и партиска припадност? Тоа беше разработено во низа потпрашања со коишто се обидовме да допреме до сликата на солидарноста и заедништвото во нашето општество во време на пандемијата. При конципирањето на сценариото за фокус-групите, за да ги одговориме овие три главни истражувачки прашања разработивме низа прашања, од поконкретна природа и полесно разбирливи за испитаниците, почнувајќи од основното, какво е нивното искуство со пандемијата, дали вирусот ги допрел нив или нивни блиски, па потоа како би ги опишале тие искуства, со потпрашања за расположеноста да се помогне, кој, кому, како, кои се нивните видувања, до пренесување на дискусијата на секогаш незгодниот терен на меѓуетничките односи, личните и колективните перцепции, нивните мислења и ставови за вмешаноста на политиката и, секако, улогата на медиумите. Но, пред да преминеме на соопштување на нашите наоди, мораме искрено да посочиме дека резултатите не се подложни на големи и силни генерализации, а за да го образложиме ова предупредување, неопходно е сега да ги посочиме главните предизвици и органичувања на истражувањето.

Главниот ограничувачки фактор е можноста за регрутирање на испитаниците од најшироката база на општа популација. Ускратени од каква било финансиска поддршка, при регрутирањето на испитаниците за учество во фокус-групите зависевме, пред сѐ, од заинтересираноста и подготвеноста на потенцијалните учесници да издвојат време и да се приклучат во определениот термин на интернет-платформата за комуникација „Зум“ (Zoom). Тоа со себе носи повеќе предизвици и ограничувања што мораат да се нотираат. Прво, се работи за возрасна група со опфат помеѓу 25 и 55 години, но претежно кон средната возраст. Повеќето се со професионален кариерен развој што кај дел од нив е поврзан со ангажман во невладиниот сектор. Второ, од истражувањето, поради неопходното техничко искуство и неопходната запознаеност со дигиталната комуникација, беа изоставени најшироките категории на помалку образовани и оние во полоша економска состојба. Трето, доброволното учество во истражувањето укажува на извесно ниво на развиена општествена одговорност кај испитаниците кои, според своите еманципирани ставови и нивната воздржаност при одговарањето на скокотливи и тешки прашања поврзани со етничките поделби, веројатно не се репрезентативни за општата македонска популација. Конечно, врз динамиката на фокус-групите значително влијание имаше фактот дека не беше очи в очи во заедничка просторија, туку беше посредувана преку интернет-платформа, која не овозможува поголемо ниво на спонтаност кај респондентите, ниту, пак, им овозможува да ги видат и да ги прочитаат невербалните знаци на комуникација на преостанатите учесници. Сепак, со оглед на можностите, приспособувајќи се на новонастанатите услови, успеавме да собереме интересни наоди што се покажаа податливи и соодветни за потребите на нашата анализа.

Со испитувањето беа опфатени четири региони од нашата земја, и тоа: скопскиот, полошкиот, североисточниот и југоисточниот. Бројот на учесници во четирите фо-

кус-групи беше околу 7, или севкупно 26, од коишто 10 со албанско етничко потекло, а другите претежно со македонско, но и од другите етнички заедници. Во поглед на полот, исто така беше избалансирано според реалната застапеност во популацијата, и тоа 13 женски и 13 машки учесници. Фокус-групите беа спроведени во период од ноември 2021 до јануари 2022 година. Врз динамиката на организирањето на фокус-групите, пред сè, влијаеше изборниот период во текот на есента, кој беше оставен да помине и беше направена пауза во периодот околу новогодишните празници. Според возраста, како што беше кажано погоре, повеќето испитаници беа во средната возрасна група и повеќето вработени со најмалку средно образование.

Во фокус-групата од полошкиот регион беа изнесени разновидни искуства во однос на трите основни истражувачки прашања. Споделените искуства одеа во прилог на јасно изразена солидарност, дека помагале и им била нудена и давана помош, но истовремено кај некои од испитаниците постои токму забелешка за недостиг од помош. Една од соговорничките истакна дека кога се дознало за тоа дека нејзината сестра се има заразено, најголемиот број повици биле само за да се провери информацијата и да се ограничи интеракцијата. Други истакнаа дека пандемијата ја зајакнала појавата на засилена социјална дистанца што веќе од порано била присутна со новите технологии, а дека за време на кризата тоа само се продлабочило.

Од аспект на меѓуетничките односи, беа наведени примери на помагање помеѓу пријатели и соседи отаде етничките бариери и беа наведени примери и искуства и од Гостивар и од Тетово. Сите беа согласни дека медиумите и овој пат ги потенцираа и ги поттикнуваа разликите, додека тоа не е случај во реалноста што тие ја живеат, односно дека луѓето си помагаат без оглед на различната етничка припадност.

Од изјавите на соговорниците од оваа група може да се заклучи дека кризата еволуирала и се менувала од општа паника на самиот почеток до пореално прифаќање на состојбите, но дека најсилна поделба е најновата, по однос на вакцинацијата. Од толку мал примерок, тешко е да се извлечат заклучоци, но вреди да се наспомене дека од испитаниците, тројца се вакцинирани, а другите четворица се недоверливи во однос на ова прашање и го одложуваат сопственото вакцинирање. Во дискусијата се истакна дека најголемите поделби помеѓу луѓето се по однос на сфаќањето на неопходноста од вакцинирањето.

Североисточниот регион е исто така значително етнички мешан според структурата на населението и тоа беше пресликано и во оваа фокус-група. Дискусијата веднаш се заврти кон погрешно прикажаните поделби, кои особено биле видливи со првите мерки на ограничување на движењето и обврските да се носат маски и да се држи дистанца. Испитаниците веднаш истакнаа дека различно мислење се среќава во секое домаќинство и дека тоа не треба да се припишува на припадност на една или на друга група. Се забележува дека впечатокот за почитување или непочитување на мерките зависел од присуството на полицијата, а тоа не било насекаде исто, повеќе било концентрирано во централните делови на градот и главните сообраќајници, а полицијата била сосема отсутна на периферијата и во помалите места. Затоа биле разменувани различни приказни, кои често биле манипулирани како од медиумите, така и од обичните луѓе.

Во однос на изразената солидарност, истакнаа дека најчесто помагаат роднините, па вистинските пријатели, потенцирајќи ги вистинските за разлика од другите, и соседите. Често, оние што помагале биле и од другата етничка група, колеги, соседи, кои помагале искрено. И во оваа група во однос на поделбите се забележа дека најголемата е произлезена од несогласувањето околу вакцинирањето и дека скептици има кај сите групи. За тоа најголем виновник се теориите на заговор што се шират по социјалните мрежи и меѓу народот, кои исто биле присутни и на почетокот на пандемијата.

Фокус-групата од југоисточниот регион беше етнички хомогена, составена само од Македонци. Иако со внимание и со почит кон другите етнички групи, сепак на површина излегоа некои стереотипизации по однос на другите, но најчесто зборувајќи според посредни сознанија за други делови од земјата, каде што, според медиумските објави, мерките не биле почитувани. Сепак, еден од учесниците бил во скопската населба Чаир, во Гостивар и на други места со доминантно албанско население и, како што вели, тоа што го искусил било како искуство од „друга држава". Кога се истакна опсервацијата дека во југоисточниот регион Ромите се веројатно најнедисциплинираната група по однос на почитување на мерките, како и со веројатно најмал опфат со вакцинацијата, се спомена и тоа дека се работи за најсиромашна и најнеобразована популација, па ова беше понудено како оправдување за таквото однесување. Мора да се наспомене дека ова беа дискусии во коишто учесниците на фокус-групата не се држеа само до сопствените ставови што, се чини, се многу поеманципирани, туку повеќе се работеше за дискусија за ставови што кружат во нивната средина.

Инаку, истакнаа дека медицинската нега, особено на почетокот, не била соодветна и дека, како што е секогаш случај, за тоа се потребни врски. Оттаму, истакнаа дека помошта или солидарноста, иако се сведуваат на најблиските кругови, кога се работи за добивање на здравствени услуги, главен фактор се можеби врските, остварените контакти и услугите по неформален пат, а не етничката припадност.

Во фокус-групата од скопскиот регион имаше четворица Македонци и двајца Албанци, а ваков беше и соодносот на машки и женски учесници. Испитаниците во голема мера истакнаа задоволство од здравствените протоколи и искуствата по здравствените установи, наспоменувајќи дека на почетокот било похаотично, додека подоцна се средиле работите. Ова важи за сите аспекти на животот за време на здравствената криза предизвикана од пандемијата, дека по првичната збунетост, подоцна се дошло до подобрено функционирање. Беше истакнато дека потребата од солидарност ги покажала вистинските пријатели, но и сите се согласни дека таа солидарност ја имало колку што е потребно.

Во врска со прашањето за поделбите, исто како и во другите групи, ја истакнаа најголемата поделба на оние што прифаќаат или не прифаќаат секакви теории на заговор, а со тоа и поделбата на „ваксери" и „антиваксери", а не врз основа на етничка припадност. Се истакна дека, во најголема мера, за добивањето слика на поделеност придонеле медиумите и дека еднакво имало кршење на мерките и од оние што оделе на ифтарски вечери и од оние што се причестувале во црква со исто лажиче. Повеќе-

то не мислат дека кризата ги зголемила поделбите, а сепак еден од учесниците смета спротивно, дека поделбите во општеството се продлабочиле со кризата.

Од изложените сумирани наоди, станува очигледно дека ќе биде тешко да се извлекуваат генерализации, но останува фактот дека кај повеќето од испитаниците постои јасен увид дека искуствената реалност или секојдневието се различни од она што се претставува во медиумите и во јавната сфера. Основното прашање дали здравствената криза ја ослабнала или ја зацврстила општествената кохезија ќе остане без дефинитивен одговор, но со надеж дека жителите на Македонија добро знаат да разликуваат политизираност и предрасуди, најчесто посредувани или фабрикувани во медиумите, од она што го живеат како искуствена реалност. Свесноста за оваа разлика е поизострена, особено во регионите каде што населението е хетерогено.

Во однос на опфатот или опсегот на мрежите на солидарност, можеме да заклучиме дека се најсилни примарните: семејството, соседството, кругот на пријатели. Се појавиле и себичност и отсуство на помош, но веројатно во услови на паника и страв тоа е и за очекување. Оцената за понудената здравствена заштита варира и се чини дека Скопје е привилегиран центар, во однос на периферијата на земјата. Но, токму рефлектирајќи за искуствата со здравствениот систем, повеќе учесници истакнаа дека болеста не одбира според етничка припадност, па оттаму и констатацијата дека не постои разделеност кога е во прашање здравјето. Од одговорите на испитаниците се согледува и една мудра воздржаност и резервираност кон медиумските известувања, особено во однос на прашањата од сферата на меѓуетничките односи. Во речиси сите фокус-групи, учесниците ја потенцираа разликата помеѓу она што го живеат како секојдневно искуство, кое е многу попозитивно од тоа како се прикажани, односно злоупотребени разликите во медиумите.

Од целата палета одговори, не е можно да се состави целосно јасна слика што би укажала на тоа дека пандемијата ги зајакнала или ги ослабнала кохезивните врски во општеството. Беа наведени примери и за едното и за другото, иако се наметнува сознанието дека по изминатиот првичен хаотичен период, кога стравот поодминал, солидарноста што ги надминува најтесните или најблиските кругови на солидарност како да се манифестирала сè поизразено. Исто така, со одминувањето на кризата порасналa и свесноста за критично проследување на медиумите, бидејќи во практиката, особено во мешаните региони, сличностите помеѓу луѓето се поизразени отколку разликите. Со други зборови, разликите постојат, но не се причинети од различна етничка припадност. Најголемите разлики се помеѓу оние сомничавите и поотворените за примена на вакцината, да речеме, кои се присутни кај сите етнички групи. Во најмала рака, може да се заклучи дека кризата не ги продлабочила поделбите, бидејќи луѓето знаат да гледаат и да просудуваат според непосредните искуства подобро отколку од сервираните групни претстави. Секако, солидарноста најмногу се појавила во најблиското опкружување, но не се забележани или потврдени пречки за пошироко изразена, понудена и примена помош што ги надминува етничките поделби, за што сведочат многу од нашите учесници во фокус-групите, особено од оние региони каде што хетерогеноста е поизразена.

Според примерите, особено од Скопје, кои укажуваат на добро понудена здравствена нега, што може и треба да го читаме и како ултимативен системски механизам на општествена солидарност, па преку примерите на заемно помагање преку етничките „бариери“, сè повеќе се добива аргументација за потврда на Диркемовата органска солидарност. Од друга страна, најсилната солидарност е забележана и изразена во најтесните кругови на роднинство, соседство и пријателство, што, пак, укажува на механичка солидарност. Она што ја мати сликата дополнително е постоењето на етнички поделби и нивно надминување според потреба во услови на криза. Можеби и тоа се заснова на директен контакт и повеќе личи на механичката солидарност, иако е можеби збунувачки во однос на теориите на солидарност што предвидуваат солидарноста да се ограничи на оние што ни се слични. Можеби одговорот е во тоа дека, на човечко ниво, во нашата земја преовладува сфаќањето дека имаме повеќе заеднички сличности отколку што сме различни. Оттаму, одговорот е помалку во прилог на разбиструвањето на Диркемовата дихотомија, отколку на покажувањето на една подлабока поврзаност кај нас, што е можеби многу посилен индикатор за општествена кохезија отколку премерувањето на механичка или органска солидарност.

Можеби е време да престанеме да ги прифаќаме здраво за готово нашите поделби и различности како засебности и на нив да почнеме да гледаме како на посебности, како што подолго време се заговара кај прогресивните општествени мислители (Ang & Louis, 2005). Повикувајќи се на Стјуарт Хол, Арџун Ападурај, Корнел Вест, Анг и Луис истакнуваат дека политиката на идентитети треба да ги истакнува посебностите, но не поделбите, сфаќајќи ги идентитетите како процес во постојан развој, а не како засекогаш зададени. Тоа е веројатно моделот што човештвото го познава отсекогаш, во сите мешани средини, но во добата на модернизмот и развојот на современиот капитализам се негира за да ја оправда нерамноправната распределба, но тоа нека остане за друга расправа, а засега да извлечеме поука дека поларизацијата секогаш доаѓа од политички центри. Во нашето истражување, не можевме да се зафатиме со овие крупни прашања, а сепак добивме одговори што охрабруваат за понатамошно сериозно разгледување.

**Референции**


Ang, I., Louis, B. (2005). The predicament of Difference. *Ethnicities*, Vol. 5, No. 3, pp. 291-304.

Durkheim, E. (1893) 1997. *The Division of Labor in Society.* Los Angeles: Free Press, University of California Press.

Iyengar, S., Lelkes, Y., Levendusky, M., Malhotra, N., Westwood, S. J. (2019). The Origins and Consequences of Affective Polarization in the United States. *Annual Review of Political Science*, Vol. 22, pp. 129-146.

Mishra, C., Rath, N. (2020). Social solidarity during a pandemic: Through and beyond Durkheimian Lens. *Social Sciences and Humanities Open*, Vol. 2.

Prainsack, B. (2020). Solidarity in Times of Pandemics. *Democratic Theory*, Vol. 7, No. 2 (124-133).

Thijssen, P. (2012). From Mechanical to Organic Solidarity, and back: With Honneth Beyond Durkheim. *European Journal of Social Theory*, Vol. 15, No. 4, pp. 454-470.

*Проф. д-р Емилија Симоска*

# СТРАВОВИ

Една од последиците на пандемијата на глобално ниво е, несомнено, преструктурирањето на „ранг-листите“ на стравови со коишто се соочуваат граѓаните. Во рамките на овој проект беше анализирана и оваа поттема; поточно, прашањето од што се плашат граѓаните најмногу во овој момент?

Податоците за оваа поттема се собрани со три методи:

- Прашање во електронска анкета.
- Фокус-група со учесници различни според возраста, полот и етничката припадност.
- Четири интервјуа (две со психијатри и две со психолози-терапевти).

## Резултати од анкета

Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања во текот на изминатите години има спроведено неколку анкетни истражувања во рамките на коишто се анализирани најголемите стравови на граѓаните („Политичката култура на граѓаните во РМ“ во 2010, 2011 и 2017 г.). Во сите, како и во последново истражување, беше поставено истото прашање: **„Од што се плашите најмногу?“** Истражувањата во 2010, 2012 и 2017 година беа правени на репрезентативен примерок од 1.600 испитаници, со директно интервјуирање, додека во 2021 година, анкетата беше електронска и на помал примерок, така што не можат целосно да се компарираат. Сепак, со оглед на пандемијата што во голема мера влијае врз стравовите, заради илустрација ќе бидат прикажани и одговорите на граѓаните во сите споменати периоди, прикажани во следниве табели:

**Табела 1. Од што се плашите најмногу? (2021 г.)**

| | |
|---|---|
| Невработеност, сиромаштија | 41% |
| КОВИД-19 | 16% |
| Војна | 8% |
| Елементарна непогода | 10% |
| Сообраќајна несреќа | 3% |
| Криминал, тероризам | 4% |
| Климатски промени | 9% |
| Не се плашам од ништо | 8% |

**Табела 2. Споредбена табела: Од што се плашите најмногу?**

| | 2018 г. | 2011 г. | 2010 г. |
|---|---|---|---|
| Војна | 26% | 23% | 18% |
| Невработеност | 25% | 19% | 24% |
| Болести | 15% | 28% | 32% |
| Елементарна непогода | 7% | 11% | 10% |
| Сообраќајна несреќа | 1% | 3% | 2% |
| Криминал, тероризам | 3% | 3% | 2% |
| Не се плашам од ништо | 13% | 14% | 12% |

**Евидентно е дека и покрај пандемијата, сиромаштијата и невработеноста остануваат најголем проблем за граѓаните, додека од КОВИД-19 се плашат само 16%, што е помалку од декларираниот страв од болести во 2010 и 2011 година, кога и не постоела пандемијата.**

Интересно е да се разгледаат податоците од аспект на структурата на испитаниците, како и во однос на тоа дали имале лично искуство со КОВИД-19.

### Стравови на граѓаните според возраста

Анкетата покажува дека без разлика на возраста, најголемиот страв кај испитаниците е стравот од невработеност и сиромаштија. Така, дури повеќе од половина (52%) од најмладите испитаници (18-29 години) најмногу се плашат од наведените категории. Потоа, следуваат анкетираните на возраст од 46 до 60 години со 46%, па оние над 61-годишна возраст со 38%. Испитаниците на возраст од 30 до 45 години со 37% ја посочиле сиромаштијата како нивен најголем страв.

Во поглед на стравовите од КОВИД-19, интересно е да се забележи дека четвртина (25%) од испитаниците од „најзагрозената“ група, над 61-годишна возраст, се плашат од КОВИД-19, што е над просекот. Стравот од КОВИД-19 опаѓа со годините, па така кај оние на возраст од 46 до 60 години и од 30 до 45 години е застапен со 16%, додека кај најмладите испитаници (до 29 години) се појавува кај само 13%.

Стравот од војна е минимален кај сите возрасни групи и е малку поизразен кај најмладите и најстарите лица. Така, 12% од оние на возраст над 61 година и 9% од најмладите (18-29 години) најмногу се плашат од војна, додека само 7% е застапен кај двете „средно-возрасни групи“ (30-45 и 46-60 години).

Од терористички напади најмногу се плашат испитаниците на возраст од 30 до 45 години, со 5%. Малку понизок е процентот кај оние на возраст од 46 до 60 години (3%) и најмладите – до 29 години (2%). Интересно е што ниеден од анкетираните граѓани на возраст над 61 година не се плаши од тероризам.

Стравот од сообраќајни незгоди, иако во мал процент, сепак најмногу е застапен кај најмладите испитаници (18-29 години), со 7%. Тој опаѓа со возраста, па се појавува кај 3% од оние на возраст од 30 до 45 години и само 1% кај испитаниците од 46 до 60 години. Тука, повторно од страна на граѓаните на возраст над 61 година – овој страв не е посочен воопшто.

Климатските промени најмногу ги вознемируваат испитаниците на „средна“ и млада возраст. Идентично, застапен е со 10% кај оние на возраст од 30 до 45 години и од 46 до 60 години, додека кај најмладите анкетирани (до 29 години) како најголем страв се појавува кај 9%. Најстарите (над 61 година) воопшто не се плашат од климатските промени.

За разлика од претходното, природните непогоди се најмногу застапени кај највозрасните (над 61 година), со 13%. Страв од природни катастрофи кај оние на возраст од 30 до 45 години е доминантен кај 11%, па следуваат оние на возраст од 46 до 60 години со 7% и е најмал кај најмладите (18-29 години), со само 4%.

### Стравови на граѓаните според пол

Гледано според полот, не се појавуваат драстични разлики, иако за мал процент мажите повеќе се плашат од: сиромаштија, тероризам и природни непогоди, додека кај жените е поизразен стравот од: КОВИД-19, војна, климатски промени и сообраќајни несреќи:

- За 43% од мажите и 40% од жените, најголем е стравот од сиромаштија.
- Од војна најмногу се плашат 9% од жените и 6% од мажите.
- За 18% од жените и 13% од мажите, КОВИД-19 претставува најголем страв.
- Само 4% од анкетираните мажи и 3% од анкетираните жени најмногу се плашат од тероризам.
- 3% од жените и 2% од мажите се плашат од сообраќајни несреќи.
- На 11% од испитаните мажи и 9% од испитаните жени најголем страв им се природните непогоди.
- Климатските промени се посочени како најголем страв од страна на 10% жени и 8% мажи.

### Стравови на граѓаните според образование

Интересна е кростабулацијата за стравовите според завршеното образование на испитаниците. Имено, повеќе од половина (52%) од испитаниците со завршено средно образование најмногу се плашат од сиромаштија. Потоа следуваат оние со факултетска диплома (41%), па оние со постдипломски студии и докторат (36%). Ниеден од испитаниците со основно образование нема ваков страв. (Последната група е најмалку застапена во примерокот.)

Стравот од КОВИД-19 е најизразен кај магистрите и докторите на науки (21%) и опаѓа со степенот на образование – 16% кај оние со завршено високо образование и кај 10% од испитаниците со завршено средно образование.

Тероризмот како страв се појавува само кај 7% од анкетираните со постдипломски и докторски студии и кај 3% од дипломираните. Кај преостанатите не е забележан.

Сообраќајните несреќи најмногу ги плашат дипломираните испитаници (5%), додека само по 1% кај тие со средно образование и со највисоко образование (магистерски и докторски).

Природните непогоди се најмногу посочени (21%) од анкетираните со завршено средно образование, па потоа за 8% од оние со факултетски дипломи и за 6% со магистерски и докторски титули. Ваков страв не е забележан кај групата со основно образование.

### Стравови на граѓаните според етничка припадност

Поголеми разлики се појавуваат кога стравовите се гледаат од аспект на етничката припадност. Така, за Македонците најголем е стравот од невработеност и сиромаштија (39%), но тој е двојно помал отколку кај Албанците (68%).

**Сликата е поинаква кога се зборува за пандемијата, така што 18% од испитаните Македонци најмногу се плашат од КОВИД-19, за разлика од само 3% од Албанците.**

Стравот од војна е идентичен кај Македонците и Албанците и изнесува 8%. Идентична слика има во однос на стравот од сообраќајни несреќи (3% кај двете етнички групи). Незначителна е разликата и во стравот од тероризам (5% кај Албанците и 4% кај Македонците). Стравот од климатските промени е малку поизразен кај Македонците (9%) отколку кај Албанците (5%). Соодносот е ист и во поглед на стравот од природните непогоди (9% кај Македонците и 5% кај Албанците).

### Страв од КОВИД-19 според вакцинален статус на испитаниците

Интересно е вкрстувањето на стравот од КОВИД-19 со вакциналниот статус на испитаниците. Имено, само 6% од невакцинираните изјавиле дека најмногу се плашат од КОВИД-19. За разлика од нив, кај дури петтина (20%) од целосно вакцинираните (со две или три дози) овој страв е најизразен. Кај некомплетно вакцинираните (со 1 доза), овој број изнесува 8%.

**Евидентно, но и очекувано, е сознанието дека граѓаните кои одбегнуваат вакцина, не се плашат од оваа болест.**

### Страв од КОВИД-19 според прележаност

Ова вкрстување покажува дека КОВИД-19 за неколку проценти повеќе ги плаши испитаниците кои не ја прележале оваа болест (18%) отколку оние што ја прележале (13%), што не е голема разлика.

### Фокус-група

Во рамките на фокус-групата, основната тема за разговор се однесуваше на стравовите со коишто се соочуваат учесниците, како и чувството на безбедност или загрозеност. **Нивните искази го потврдија податокот добиен со анкетата – КОВИД-19 не е најголемата закана.**

Неколкумина учесници ја споменаа пандемијата, но како нешто што се случува „на глобално ниво“, а не како најголем страв со којшто се соочуваат лично. Доми-

нираа искази поврзани со економската состојба, тероризмот (кај помладите учесници), но дефинитивно најмногу се говореше за стравот од сообраќајни незгоди и за чувството на лична загрозеност од сообраќајот и од криминалот. За илустрација, во прилог се неколку вакви искази:

- „Последниве години со пандемијава, сѐ ми е некако разнишано... ама најмногу ме мачи дали воопшто жените можат да се чувствуваат безбедно во јавниот простор... Генерално, не се чувствувам баш пријатно. Ме мачат и политичката ситуација и поделеноста на општеството, така што секакви ризици има...“
- „Јас мислам дека воопшто не се чувствувам безбедно. Јас, кој мислам дека имам сила да се изборам и да правам некакви промени во општеството, а можам да замислам како би се чувствувале жена ми или децата. Јас се плашам да ги пуштам децата сами... мислам дека ќе ги прегази кола. Се вози со 200 на час... Се јавувам во полиција и ми викаат ’не можеме ништо да направиме‘, значи заштитните механизми на граѓанинот кој сака да ги почитува законите – не функционираат.“
- „Не мислам дека сме безбедна земја. Не мислам на безбедност во смисла на тоа дека ќе нѐ нападнат Америка или Русија, но мислам на овие едноставни, секојдневни работи и на неможноста да бидеме заштитени и од институциите и од некакви тела. Пополека ќе дојдеме до ситуација сами да се организираме за лична заштита.“
- „Многу е хаотичен сообраќајот и тоа најмногу ми предизвикува чувство на страв и небезбедност. Не, како што веќе кажаа, да мислиш дека некој ќе те ограби или дека ќе те нападнат, туку стравот е повеќе дека ќе те прегазат...“
- „Исто мислам дека не треба да се чувствуваме безбедно, освен од пандемијава, но добро, тоа е на глобално ниво. Сообраќајот, а во последно време имаше голем број кражби и убиства, чиј епилог сѐ уште не е решен.“
- „За КОВИД, еве, не се плашам, за лична безбедност не се плашам, а за сообраќајот – тоа 100%. Катастрофа е во Скопје. Во последниве години мислам дека е ептен лошо, а инаку за другото... не знам... Од сѐ се плашам за блиските...“
- „Можеби е смешно, ама имам најголем страв од терористички напади. Коса ми се крева кога читам, гледам, следам документарци. Живеам во страв од очекување на првиот терористички напад во Македонија и мислам дека тоа кога ќе се случи, ќе биде ужасно. Инаку, од сообраќајот имав многу голем страв. Сега некако полека го надминувам со тоа што се качив на велосипед, ама никако да се осмелам за во кола.“
- „Не се чувствувам безбедно. Немаш ни финансиска ни општествена сигурност. Имаш чувство дека си затворен и немаш иднина и дека можеш да излезеш од целото и дека си како во вител...“

**Интервјуа**

Двајцата интервјуирани психијатри и двајцата психолози-терапевти имаат заеднички впечаток дека најголемиот проблем за граѓаните е пандемијата, што е спротив-

но на добиените резултати со анкетата и од фокус-групата. Нивните искази одат во иста насока и можат да се сумираат на следниов начин:

- Бројот на пациенти е значително зголемен од почетокот на пандемијата. Сите четворица интервјуирани имаат зголемено работно време, бидејќи работат со пациенти и во живо и онлајн.
- Најголемиот број на нови пациенти се во врска со пандемијата.
- Кај старите пациенти кои се лекуваат од анксиозност и депресија, состојбата е влошена од почетокот на пандемијата.
- Кај психијатрите е забележан значителен број на нови пациенти, кои претходно немале никакви проблеми, но поради пандемијата развиле сериозна анксиозност, па дури и психози.
- Помал е бројот на пациенти со прележан КОВИД-19.
- Расте бројот на помлади пациенти, особено генерации на средношколска и студентска возраст.
- Се намалуваат стравот и срамот да се закаже средба со психијатар или психолог.
- Расте потребата од земање лекови за смирување.

## Заклучок

Основната претпоставка со којшто се појде во истражувањето на стравовите – дека пандемијата е на врвот на ранг-листата на стравови со коишто се соочуваат граѓаните – не е потврдена. Економската состојба во државава, поточно невработеноста и сиромаштијата, како и лошото функционирање на институциите, претставуваат поголем товар за граѓаните одошто можноста да се прележи или да се има последици од КОВИД-19. Ваквиот тренд не е видоизменет со години наназад. Граѓаните повеќе ги мачат дневните проблеми – сообраќајот, криминалот и сл., меѓу другото и поради тоа што не веруваат дека ќе се подобрат, за разлика од пандемијата, за којашто очекуваат дека е времена.

Позитивно е што поголем број граѓани се одлучуваат за своите стравови да говорат со стручни лица, што во перспектива би можело да го подобри менталното здравје во целина.

# ПРЕДИЗВИЦИТЕ ВО КУЛТУРНИОТ СЕКТОР ВО ВРЕМЕ НА ПАНДЕМИЈАТА СО КОВИД-19

**ВОВЕД**

Во 2021 година, Управниот комитет за култура, наследство и пејзаж (CDCPP) при Советот на Европа ја издаде збирката текстови со наслов *Културата во време на КОВИД-19 или како откривме дека не можеме да живееме без култура и креативност (Cultures in times of COVID-19 or how we discovered we cannot live without culture and creativity. Impressions and lessons learnt from COVID-19).*[1] Во оваа збирка, како што е наведено во нејзиниот предговор, се наоѓаат текстови во коишто се прикажани впечатоците, искуствата, но и научените лекции од справувањето со последиците од пандемијата со КОВИД-19 во културниот сектор. Имено, текстовите даваат интересен приказ за тоа како земјите-членки потписнички на Европската културна конвенција се справуваа и сè уште се справуваат со предизвиците настанати како резултат на пандемијата во 2020-2021 година во сферата на културата што, покрај здравствениот систем и економијата, беше погодена многу силно. Текстовите – напишани од страна на министри за култура, институти, писатели, уметници и други – сведочат за многу иновативни решенија што културниот сектор мораше брзо и ефикасно да ги спроведе, но и ги опишуваат искуствата, размислувањата, добрите практики, фактите и бројките поврзани со борбата против влијанието на КОВИД-19 во културниот сектор. Истовремено, збирката има за цел да ја потврди и да ја илустрира важноста на културата и нашата основна потреба секој од нас поединечно, но и организирано, на ниво на општество, да се вклучи во културните процеси.

И покрај големите предизвици со коишто беше соочен културниот сектор, текстовите сведочат за многу позитивни искуства и практики. Од презентираните текстови, може да се заклучи дека уметниците, културните институции, но и голем дел од владите биле принудени да размислуваат во насока на наоѓање на иновативни и креативни решенија, користејќи ја современата технологија, со цел да ја одржат културната понуда отворена за колку што е можно повеќе учесници. Па, така, голем број на уметници, уметнички ансамбли и културни институции почнаа да се вклучуваат онлајн во нивните алтернативни културни активности.

Како резултат на споделените искуства во рамките на оваа збирка, Управниот комитет за култура, наследство и пејзаж (CDCPP) при Советот на Европа констатира дека министерствата за култура ширум Европа реагирале брзо на предизвиците што ги донесе пандемијата со КОВИД-19 во 2020 година и коишто, за жал, сè уште траат, притоа преземајќи многу мерки и препораки за поддршка на културата и на уметноста. *Меѓу овие мерки, искористени се дигиталните можности, социјалните медиуми, кои беа позитивен придонес, а уметниците дури во некои случаи го зголемија своето онлајн-присуство. Театрите, киното, музеите, музиката, фотографијата и книгите успеаја да ги задржат упориште во срцата и умовите на луѓето* – се вели во збирката.

Во рамките на оваа збирка се најдоа текстови што сведочеа за искуствата на 29 земји-членки на Советот на Европа, меѓу коишто и голем број од нашето соседство, но и поширокиот регион, на пример: Србија, Хрватска, Словенија, Грција, Албанија, Босна и Херцеговина, Турција, Словачка, Полска, Романија и други.

[1] https://www.coe.int/en/web/cdcpp-committee/-/culture-in-times-of-covid-19-or-how-we-discovered-we-cannot-live-without-culture-and-creativity-impressions-and-lessons-learnt-from-covid-19

Културниот сектор во Република Македонија беше соочен со големи предизвици еднакво колку и другите европски земји оној момент кога се затворија театарските и музичките сцени, киносалите, музеите и галериите како дел од протоколите и мерките за заштита од КОВИД-19. Културните институции и издавачките куќи беа принудени да направат одредени промени во начинот на своето дејствување, приспособувајќи се на условите произлезени од глобалната криза. Неопходно беше да се изнајдат алтернативни начини на комуникација и притоа да се користат релативно нови медиуми/онлајн-платформи, каде што ќе можат да се презентираат содржини на поинаков начин, со цел да се доближат до публиката во специфичните услови на живеење и дејствување. Сето тоа доведе до различни начини на дејствување, поголема креативност и поголем степен на користење на онлајн-алатките при комуникацијата, промоцијата и презентацијата на културните содржини.

За жал, во рамките на збирката *Културата во време на КОВИД-19 или како откривме дека не можеме да живееме без култура и креативност*, издадена од страна на Советот на Европа, не се претставени предизвиците, искуствата и институционалниот одговор на културниот сектор во Република Македонија во време на пандемијата. Оттука, истражувачкиот тим на ИСППИ при реализацијата на оваа студија имаше за цел да го даде својот придонес во оваа смисла и да направи пресек за начинот на справувањето на културниот сектор во Република Македонија со предизвиците од пандемијата со КОВИД-19. Во рамките на оваа студија, направена е анализа на начинот на справувањето и функционирањето на дел од националните установи од областа на културата, анализа на работата на издавачките куќи, како и фискалните импликации во однос на институциите и дел од културните работници.

Истражувачкиот тим во состав: проф. д-р Ганка Цветанова, асс. м-р Теа Конеска-Василевска и асс. м-р Блаже Јосифовски, би сакал да ја изрази својата благодарност до сите институции од областа на културата, издавачките куќи и културните работници кои несебично и со голем ентузијазам со своите одговори излегоа во пресрет на ова истражување.

*Проф. д-р Ганка Цветанова*

# КУЛТУРНИТЕ ИНСТИТУЦИИ ВО ВРЕМЕ НА ПАНДЕМИЈАТА СО КОВИД-19

## Вовед

Културата претставува една од фундаменталните области на севкупното општествено живеење. Како исклучително специфична и хетерогена сфера, културата е составена од материјалните и духовните вредности настанати како резултат на мисловниот процес и човековата интервенција во природата и во општеството. Постои еден цел спектар значења на поимот *култура* што се однесуваат на различни сфери и третираат различни аспекти од човечкиот живот. Повеќезначноста на поимот *култура*, како што вели Бауман (1984, 365), произлегува не толку од начинот на којшто луѓето ја дефинираат културата, колку од инкомпатибилноста на повеќе линии на размислување што историски се помируваат во истиот термин. Имено, културата е содржана и артикулирана на различни нивоа: во уметноста, музиката, усните преданија, пишаната литература, моралните вредности и идеалите за возвишеност. Таа е содржана и во правилата и нормите на некои базични активности и социјални релации од типот каде, како и со кого се дружиме, како се радуваме, како ја доживуваме и оплакуваме смртта, како се однесуваме со најблиските, родителите, децата, соседите, а како со непознатите. Културата ги обликува и ги структурира моралните вредности, содржината на човечкиот живот и сите видови емоции поврзани со нив (Парек, 2000, 143). На она таканаречено базично ниво, таа е содржана во јазикот, вклучително и во неговата синтакса, во граматиката и вокабуларот, и затоа, не случајно, велиме дека она општество што споделува заеднички јазик, во најмала рака споделува и некои заеднички особини (Цветанова, 2007, 22).

Рејмонд Вилијамс, во неговото дело *The Long Revolution* (1961), говори за три општи категории на дефиниции во однос на поимот *култура*. Според првата, односно т.н. *идеалистичка* категорија, културата се однесува на состојба или процес на човечкото совршенство, во смисла на одредени апсолутни или универзални вредности. Во втората или *документаристичка* категорија, културата е претставена како збир на интелектуални и имагинативни дела, во коишто на детален начин различно се евидентирани човечката мисла и човечкото искуство. Според третата или *општествена* дефиниција, културата се однесува на одреден начин или стил на живеење, кој изразува одредени значења и вредности не само во уметноста и учењето туку и во институциите и обичното, секојдневно однесување.

Согледувајќи го севкупното влијание на културата, како во животот на поединецот, така и во рамките на општественото живеење, произлегува сознанието дека *не постои човечка природа независна од културата*. Оттука произлегува и потребата за организирано пренесување на културните вредности во рамките на една држава. За таа цел, постојат културните институции, кои се занимаваат со зачувување и пре-

зентирање на културните вредности, како и со промоција и афирмација на активностите наменети за информирање и едукација на граѓаните. Или, како што вели Исак Адижес (2020, 12), уметноста – како еден од аспектите на културата – за да може да се консумира мора да дојде во контакт со публиката и тоа најчесто во храмовите на уметноста, а тоа се уметничките и културните институции. Примери за културни институции се музеите, галериите, библиотеките, музичките и балетските ансамбли, театрите, кинотеките, културните центри, фестивалите и други.

Управувањето со културните институции, како дел од културологијата и културниот менаџмент – подразбира напор на човекот со свесно ангажирање да ги усогласи, да ги доведе во одредени односи човечките потреби, работата и творештвото во областа на културата и уметноста (Драгиќевиќ-Шешиќ и Стојковиќ, 2003, 14).

Културните институции во Република Македонија се регулирани со Законот за културата.[2] Според одредбите од овој закон, генералната поделба на културните институции е направена на три нивоа и тоа: културни институции дефинирани и определени како институции од поединечен интерес во културата; културни институции од локален интерес за културата и културни институции од национален интерес за културата. Поимот *национални институции од областа на културата* се однесува на оние институции што ја негуваат и ја презентираат културата од национален интерес, односно онаа култура што е јавен интерес за сите граѓани во Републиката и е неопходно нејзиното континуирано вршење, како и достапноста до сите граѓани под еднакви услови. Во оваа категорија влегуваат 64 установи, институции и правни лица кои се од национално значење за културата.[3]

Имајќи предвид дека Република Македонија беше еднакво силно погодена со КОВИД-19 како во економскиот и здравствениот, така и во културниот сектор, целите на ова истражување беа насочени кон предизвиците и начините со коишто беа соочени националните институции од областа на културата (во понатамошниот текст културни институции) и нивниот институционален одговор. Или поконкретно:

- да се добие генерална слика за предизвиците со коишто се соочија националните институции од областа на културата во Република Македонија во време на пандемијата со КОВИД-19;
- да се утврди дали и како се приспособија културните институции при користење на релативно новите технологии и медиуми/онлајн-платформи за алтернативен и креативен начин на презентација на програмските содржини;
- да се добие генерална слика за приемот и постигнатиот ефект кај публиката од реализираните културни настани и активности во време на пандемијата со КОВИД-19.

Со други зборови, ако се има предвид дека секој целосен зафат на организациско ниво во изразено турбулентно опкружување во суштината претставува „лабораториски експеримент“ (Драгиќевиќ-Шешиќ и Драгоевиќ, 2011, 9), крајната цел на ова истражување беше да се утврди дали културните институции, со нивниот збир на знаења и вештини, како и со кадровската и техничката опременост, можеа да се

[2] http://sonk.org.mk/wp-content/uploads/2018/05/Закон-за-културата-консолидиран-текст.pdf

[3] Национални установи од областа на културата, Регистар на локални установи, Национален регистар на објекти кои се заштитено културно наследство, http://kultura.gov.mk/institucii/.

справат со предизвиците од пандемијата со КОВИД-19, да придонесат за нивниот внатрешен развој и да претставуваат фактор за стабилизација на културниот сектор, како и за преземање на пошироки културни иницијативи.

## Методолошки пристап

За потребите на оваа студија, а со цел да се утврдат начините на дејствување на културните институции за време на пандемијата со КОВИД-19 или, поконкретно, користењето на дигиталните алатки, постојните дигитални платформи, како и преостанатите онлајн-активности со цел промоција и презентација на нивните програмски содржини, беше спроведено емпириско истражување со примена на квалитативен истражувачки метод, во периодот од септември 2021 до декември истата година.

За реализирање на истражувачките цели беа спроведени интервјуа со релевантните чинители (директори, раководители) во културните институции преку примена на претходно креиран прашалник со отворени прашања, а со цел поконкретно да се утврдат предизвиците со коишто се соочија националните институции од областа на културата во Република Македонија за време на пандемијата предизвикана од КОВИД-19 и начинот на нивното справување во однос на реализирање на нивните програмски активности и содржини. Прашалникот беше доставен до следните национални институции од областа на културата: Македонската филхармонија, Македонската опера и балет, Македонскиот народен театар, Националната галерија и Кинотеката на Република Македонија.

Конкретни истражувачки прашања:

1. Дали институциите се придржувале до мерките и протоколите предвидени од страна на здравствените власти?
2. Дали и каков вид на алтернативни активности организирале институциите со цел да ги презентираат своите програмски содржини?
3. Дали институциите биле технички и кадровски подготвени за да ги реализираат активности преку употреба на дигиталните платформи?
4. Колку време им било потребно на институциите да се реорганизираат за да почнат со алтернативните начини на презентирање на програмските содржини?
5. На кој начин ги најавувале алтернативните активности и одржувале контакт со публиката?
6. Каков бил одѕивот кај публиката при онлајн-прикажувањето на настаните?
7. Дали при организирање на овие онлајн/алтернативни настани менаџментот на институциите водел сметка за менталното здравје[4] на граѓаните?

[4] Според Светската здравствена организација, менталното здравје е **субјективна состојба на благосостојба** во којашто една личност е свесна за своите способности, може да се справи со предизвиците од секојдневниот стресен живот, може да работи продуктивно и да биде корисна за средината и за општеството како целина. Исто така, СЗО потенцира дека менталното здравје не е само отсуство на ментални нарушувања туку и чувство на среќа и благосостојба. Исто така, грижата за менталното здравје е клучна за индивидуата, но и за целата општествена средина.

8. Дали забраната за организирање на јавни настани со физичко присуство на публика имала негативни финансиски импликации во однос на вработените?

**Истражување**

Македонска филхармонија (МФ). Уште на почетокот од воведувањето на забраната за одржување на јавни настани, Македонската филхармонија почнала со емитување снимки од претходно одржани и снимени концерти на својот канал на „Јутјуб“ и на својот профил на „Фејсбук“. Веднаш откако менаџментот согледал дека последиците од пандемијата ќе бидат многу подолготрајни во однос на сите претходни искуства, институцијата почнала со емитување стримови во живо од настапи на МФ на нивниот официјален канал на „Јутјуб“. Концерти се снимале без присуство на публика, а потоа се емитувале онлајн. Овој алтернативен начин на емитување на концертите продолжил и по престанокот на забраната за одржување на јавни настани.

Целокупната реорганизација во начинот на презентирањето на програмските содржини е направена за релативно кус период, од причини што Македонската филхармонија е една од ретките културни институции во државава што поседува сопствено и високотехнички опремено студио за снимање, па оттука можноста за онлајн-емитување на концертите постоела и претходно. За потребите на емитувањето на стримовите во живо била обезбедена само надворешна екипа која ги снимала и монтирала настапите на оркестарот.

Имајќи предвид дека станува збор за воведување на нова практика во однос на презентирање на музичките и програмските содржини, но и фактот дека ова е релативно ново искуство за публиката, менаџментот смета дека одѕивот на посетителите на онлајн-концертите бил задоволувачки:

*...На публиката ѝ беше потребно време да се научи да слуша концерт во живо од дома. Онлајн-концертите, во просек, ги следеа по 300 луѓе, иако таа бројка варираше во зависност од програмскиот концепт на концертот и од солистите и диригентите кои настапуваа.*

Клучната мотивација или „главната водилка“ за вложување на дополнителен ангажман за онлајн-презентирање на програмските содржини на МФ била токму грижата за редовната публика и за нејзиното ментално здравје:

*...Бидејќи на луѓето им беше потребна оддишка од сè, а музиката е уметност што и во древни времиња се користела како лек и научно е докажана нејзината терапевтска моќ. Затоа, не престанавме со нашите концерти, туку, напротив, продолживме со нивна реализација, се обидовме преку возвишеноста на музиката, барем за момент, да ја натераме нашата публика да заборави на секојдневните грижи.*

Од денешна временска дистанца, на целокупното искуство од работењето во услови на пандемијата со КОВИД-19, менаџментот на МФ гледа како на отворање на нови можности и перспективи во однос на презентирањето на програмските содржини:

*...Тоа е една од придобивките на овој исклучително тежок период, зашто преку потребата за одржување концерти се отворија нови начини и перспективи за презентација на нашата работа.*

*Македонска опера и балет (МОБ).* За процесот на реорганизација и приспособувањето кон „новото нормално“, менаџментот на МОБ смета дека се одвивал без особени тешкотии. Па, така, за време на забраната за одржување на јавни настани, а со цел да остане во контакт со редовната публика, биле организирани онлајн-прикажувања на веќе снимени претстави од сопствената продукција и од постојната видеоархива на официјалниот канал на „Јутјуб“ на МОБ.

Поконкретно, во мај 2020 година по првпат почнало онлајн-одржување на претстави и тоа во рамките на фестивалот Мајски оперски вечери. Во зависност од мерките и препораките на здравствените власти во дадениот период, менаџментот на МОБ го приспособувал одржувањето на претставите, притоа комбинирајќи ги онлајн-прикажувањето, одржувањето настани на отворено со присуство на публика или, пак, одржувањето претстави во затворен простор со намалено присуство на публиката, односно 30% од постојниот капацитет. Па, така, на пример, *фестивалот Мајски оперски вечери во 2021 година се одржувал во хибридна форма, со онлајн-претстави и претстави со присуство на публика во концертниот салон, но и на отворено.*

Во однос на техничката опременост за дигитално снимање и прикажување на оперскиот и балетскиот репертоар, менаџментот истакнува дека институцијата се соочила со потребата од дополнително збогатување на својот видеофонд, како и со потребата од соодветно снимање и документирање на своите продукции, со цел задоволување на стандардите што се бараат на пазарот.

*...Националната опера и балет, за жал, нема доволен фонд на видеозаписи со високотехнички квалитет за својата дигитална архива, промоција и афирмација. Оттука, се јави и потребата за дополнителна услуга, што опфаќа професионална техничка видеоопременост за креирање видеозапис со висок квалитет (Full HD резолуција 1920:1080, 25 фрема), што подразбира и професионална кадровска екипираност (режисер, директор на фотографија, професионални камермани, монтажер и техничари). Во однос на преземени идни чекори, поднесен е проект во Годишната нацрт-програма за 2022 година, со којшто се опишува оваа потреба и за неа се бараат средства.*

Во делот на одѕивот на публиката и бројот на онлајн-посети, забележано е дека нивото на посетеност било поголемо на почетокот и се намалувало со текот на времето. Сознанијата на менаџментот говорат дека, во зависност од продукцијата, бројот на онлајн-посетители варирал од 400 до 3.600. Во однос на демографските податоци, повеќе била присутна женската популација (60%) наспроти машката (40%), и тоа на возраст меѓу 35 и 44 години.

*Македонски народен театар (МНТ).* Од аспект на професионалното функционирање во услови на пандемијата, менаџментот на МНТ смета дека приспособувањето на новонастанатата ситуација се одвивало без поголеми тешкотии и за релативно кус временски период. Имено, уште во текот на март 2020 година биле емитувани пет онлајн-претстави преземени од архивата на МНТ. За брзото приспособување, менаџментот на институцијата смета дека се должи на комплетната техничка и кадровска подготвеност за реализирање на онлајн-активностите.

Во однос на одѕивот на онлајн-емитувањата, менаџментот цени дека е задоволувачки, па, така, на нивниот канал на „Јутјуб’, на којшто се емитувани претставите од архивата на МНТ, од март 2020 година, па сѐ до периодот кога е спроведено ова

истражување, забележани се околу 106.000 посетители/гледачи. На прашањето дали при организирање на овие онлајн-настани менаџментот на МНТ водел сметка за менталното здравје на граѓаните, оттаму истакнуваат:

*...Театарот има големо влијание врз психофизичкиот развој и врз менталното здравје на публиката. Тоа е веќе докажано преку секојдневните разговори со публиката, која на посебен емотивен начин ги споделува своите интимни доживувања и искуства од претставите.*

*Кинотека на Македонија*. Во текот на забраната за организирање на јавни настани, Кинотеката почнала со прикажување филмови на платформата „Синесквер", на којашто е забележана многу мала посетеност (прегледи), односно пет до шест прегледи по филм. Според менаџментот на оваа институција, слабата посетеност се должи на веќе постојните телевизиски филмски канали и платформи, на пример Ејчби-о, „Нетфликс", „Пикбокс", „Јутјуб" и други. Оттука, и покрај слабата посетеност, тие истакнуваат:

*...Задоволни сме од секој гледач кој изразил желба да види дури и секунда од она што сме го постирале, во услови кога имаме поплава од пејпервју-сервиси, филмови и стотици канали на нашите ТВ-приемници.*

Ова е и една од причините што, од аспект на техничка и кадровска екипираност за онлајн/алтернативни начини на прикажување филмови, Кинотеката е оспособена делумно. Менаџментот смета дека нема потреба од дополнително инвестирање во сопствена опрема и кадровска обука во таа насока, бидејќи постојат сервиси што го нудат овој вид услуги и со коишто Кинотеката соработувала на овој план и пред почетокот на пандемијата.

Сепак, во текот на летните месеци во 2020 година, а со цел да ја реализира предвидената филмска програма, Кинотеката отворила летно кино според сите професионални стандарди, кое функционирало и во текот на летниот период во 2021 година, а ќе продолжи да функционира и понатаму.

*Национална галерија (НГ)*. Националната галерија во целост пристапила кон онлајн-презентирање на нивните програмски содржини, и тоа преку изработка на видеосодржини, виртуелни тури низ објектите на галеријата, онлајн-прикачување на постојните електронски изданија, како на нивниот канал на „Јутјуб", така и на нивните официјални профили на преостанатите социјални мрежи. Во однос на кадровската и техничката опременост, од менаџментот сметаат дека се делумно екипирани, поради што не биле во можност да обезбедат високопрофесионално ниво на онлајн-презентации:

*...Веќе подолг период, нашата институција комуницира со публиката на дневна основа на овој начин, па следствено на тоа, брзо се адаптиравме, иако не беше лесно да се анимираат сите стручни лица да покажат активности во оваа форма.*

Посетеноста на онлајн-содржините презентирани од страна на НГ била многу помала во однос на настаните што се организирале со физичко присуство. Најчесто, онлајн-посетителите биле оние од фелата, па оттука менаџментот е задоволен што и во услови на пандемијата успеал да ја одржи комуникацијата со својата најредовна публика.

**Заклучни согледувања**

По анализата на одговорите од спроведените интервјуа со раководителите на националните институции од областа на културата, беше констатирано дека сите институции во целост ги почитувале мерките и препораките на Комисијата за заразни болести и на Министерството за здравство за справување со КОВИД-19. Имено, институциите што беа предмет на анализа на ова истражување, во времетраењето на одлуката на Владата за забрана за организирање на јавни настани, односно од март 2020 до септември 2020 година, во целост ја почитувале истата и не организирале ниту еден настан од јавен карактер во затворен простор. По укинувањето на оваа забрана, при организирањето на уметничките и културните настани со присуство на публика, сите институции во целост ги почитувале и ги спроведувале предвидените мерки, препораки и протоколи утврдени од страна на здравствените власти, на пример: задолжително носење на заштитна маска, приложување сертификат за вакцинација, намалување на бројот на присутни во публиката како во концертните, така и во театарските сали и во киносалите, а со цел одржување на препорачаната социјална дистанца, организирање настани (претстави, концерти) со учество на минимален број членови на ансамблите, и тоа без пауза, со цел да се избегне групирање на публиката.

Во однос на начините на одржување контакт со публиката, културните институции посочија дека информирањето на јавноста за сите случувања и онлајн-настани се одвивало преку објави во медиумите, особено преку социјалните медиуми, на пример: „Фејсбук“, „Твитер“, „Инстаграм“ и нивните официјални интернет-страници.

Со оглед на тоа дека станува збор за национални институции од областа на културата, чие финансирање е утврдено со Законот за култура, односно од буџетот на државата, вработените во културните институции како од уметничкиот, така и од административниот и техничкиот кадар, не претрпеле никакви негативни финансиски импликации во периодот на неодржувањето на уметничките и културните настани. Сепак, поради забраната за одржување настани со присуство на публика, институциите не биле во можност да обезбедат каква било финансиска поддршка за оние лица што биле ангажирани со договор за дело, имајќи предвид дека средствата за оваа намена се обезбедуваат од т.н. дополнителни (сопствени) приходи – продажба на билети, спонзорства и друго.

Од анализата на истражувањето може да се заклучи дека културните институции за релативно кус временски период успеале да ги пренасочат своите активности на социјалните медиуми и да ги трансформираат во т.н. онлајн-активности, што во голема мера се должи на соодветната техничка и кадровска опременост на дел од институциите. Оние институции што не се целосно и соодветно технички опремени за ваков начин на работа, веќе размислуваат во насока на целосно комплетирање на неопходната техничка опрема.

Во однос на онлајн-посетеноста, иако е значително помала во однос на претходно организираните настани со физичко присуство, институциите сепак изразуваат задоволство, имајќи предвид дека станува збор за релативно нов начин и концепт на следење на културните и уметничките настани, за што на публиката ѝ било потребно време да се навикне. Од друга страна, задоволителното онлајн-присуство на публика-

та говори за утврдена практика на континуирана културна партиципација во рамките на општеството.

Водејќи се од потребите на сите учесници во процесот на културната партиципација, институциите од областа на културата на новонастанатата ситуација и на предизвиците во време на пандемијата со КОВИД-19 гледаат како на можност за отворање на нови перспективи во однос на презентирање на програмските содржини и наоѓање на иновативни и креативни решенија, притоа користејќи ја современата технологија, а со цел одржување на културната понуда и нејзината широка достапност.

## Референции


Adižes, I. (2002). *Menadžment za kulturu.* Adižes menadžment konsulting.

Bauman, Z. (1984). *Kultura i društvo.* Prosveta.

Драгичевиќ-Шешиќ, М., и Стојковиќ, Б. (2003). *Култура: Анимација, менаџмент и маркетинг.* Темплум.

Драгичевиќ-Шешиќ, М., и Драгоевиќ, С. (2011). *Менаџмент на уметноста во турбулентно опкружување: Организациски пристап.* Готен.

Закон за култура. http://sonk.org.mk/wp-content/uploads/2018/05/Закон-за-културата-консолидиран-текст.pdf

Parekh, B. (2000). *Rethinking Multiculturalism: Cultural Diversity and Political Theory.* Harvard University Press Cambridge, Massachusetts.

Цветанова, Г. (2007). *Културните разлики и општествената интеграција: Македонија пред и по Рамковниот договор.* Институт за економски стратегии и меѓународни односи – Охрид.

Williams, R. (1961). *The Long Revolution.* London: Parthian.

*Асс. м-р Теа Конеска-Василевска*

# ИЗДАВАШТВОТО И ИЗДАВАЧКИТЕ КУЌИ ВО МАКЕДОНИЈА ВО ВРЕМЕ НА ПАНДЕМИЈАТА СО КОВИД-19

## Вовед

Како индустрија што го организира процесот на објавување, издаваштвото ги финансира објавувањето и дистрибуцијата на книги, од подготовка на ракописите до продажба, и има две клучни димензии. Како и кај секој друг деловен потфат, издаваштвото ја има својата главна економска цел, а тоа е профитот. Сепак, она што ја прави специфична оваа индустрија е фактот што издаваштвото не е само производствена категорија туку и културна категорија што го обликува културниот идентитет на една земја, а со тоа и оној на нејзините граѓани (Tomašević & Ljevak Lebeda, 2014).

Така, во ова истражување, издавачките куќи се дефинираат како еден вид на културни институции, а издаваштвото како културна и креативна индустрија, со акцент на *кул̄турна̄та ка̄те̄орија*, и се истражуваат од тој аспект.

Предмет на интерес на истражувањето претставено преку овој труд се предизвиците со коишто се соочиле издавачките куќи како еден вид на културни институции (а со тоа и издаваштвото) за време на пандемијата со КОВИД-19, и тоа од културолошко-комуниколошка гледна точка. Како и другите културни и креативни индустрии, така и издаваштвото се адаптираше на пандемијата со КОВИД-19 и своето дејствување го приспособи на условите произлезени од глобалната криза. Соочени со големи предизвици, издавачките куќи беа принудени да направат и одредени промени во своето дејствување и за својот опстанок. Но, кризата исто така овозможи и посебна можност за издавачките куќи да изградат поинаков вид комуникација и доверба со својата читателска публика, да ја продлабочат таа врска и да ѝ ги понудат сите информации што ѝ се потребни во време кога читателските апетити растеа со оглед на изолираноста, карантините и полициските часови. Издавачките куќи мораа да посегнат по алтернативни начини на комуникација и притоа користеа релативно нови интернет-технологии и комуникациски канали и медиуми, каде што презентираа содржини на поинаков начин, со цел да се доближат до публиката во специфичните услови на живеење и дејствување. Сето тоа доведе до многу приспособувања, различни начини на размислување и дејствување, поголема креативност и поголем степен на користење на онлајн-можностите и онлајн-алатките при промоцијата и презентацијата, но и при комуникацијата воопшто.

Во тој контекст, значајно е да се спомене Џејмс Кери (James Carey), кој поаѓа од две различни метафори на комуникацијата, односно трансмисиска или транспортна комуникација, сфатена како процес на трансмисија на пораки на далечина со цел контрола. Архетипскиот случај опфаќа убедување, промена на ставови, влијание. Втората е ритуална комуникација, односно процес преку којшто се креира, се модифицира и се менува заедничката култура... Притоа, пораките не се распространуваат во прос-

торот, туку се одвива одржување на општеството во времето, во основата не е чинот на испраќање информации и влијание, туку креацијата, репрезентацијата и воздигнувањето на заедничките верувања, дури и ако тие се илузорни. Така, трансмисиската комуникација е насочена кон распространување на пораките преку географијата, со цел проширување на контролата, а ритуалната кон церемонијата на заедништвото, која ги сплотува луѓето во заедништво и во пријателство (Milivojević, 2001).

Од културолошко-комуниколошка гледна точка, во овој поглед е клучно да се истражи со какви предизвици се соочиле издавачките куќи во Република Македонија за време на пандемијата со КОВИД-19, како се приспособиле на *новото нормално*, какви алтернативни решенија презеле во поглед на своето дејствување и комуникацијата со публиката, какви активности и настани изготвиле и организирале и како притоа ги користеле интернет-технологиите, комуникациските канали и медиумите, како и каков ефект сакале да постигнат со одредени активности и настани и дали се постигнал тој ефект.

## Емпириско истражување

Спроведеното истражување за предизвиците на издаваштвото и на издавачките куќи за време на пандемијата со КОВИД-19 е во рамките на *културолошките предизвици во справувањето со пандемијата*, односно *Предизвиците во културниот сектор во време на пандемијата со КОВИД-19*, и според научната цел е експлоративно и дескриптивно, а како истражувачка техника за собирање податоци се користеше квалитативната методска техника длабинско полуструктурирано интервју со експерти од областа и инволвирани во издавачката дејност. Интервјуто беше смислено и креирано во согласност со темата и предметот на интерес на истражувањето и со утврдените истражувачки прашања и цели, додека, пак, примерокот беше намерен, а главен критериум за одредување и селекција на соговорниците беше тие да бидат инволвирани во издавачката дејност, односно да се вработени во издавачки куќи во Република Македонија[5], и да имаат долгогодишно работно искуство во рамките на издаваштвото. Така, во примерокот беа вклучени: тројца уредници, еден главен уредник, двајца сопственици и уредници, еден директор и еден уредник и книжар. Во поглед на работното искуство во рамките на издаваштвото, петмина од соговорниците се со таков вид на работно искуство над петнаесет години, а тројца од пет до десет години.

Со оглед на состојбата со пандемијата со КОВИД-19 и работните обврски и ангажмани на одбраните соговорници, реализирањето на интервјуата лице-в-лице беше отежнато, така што на идните соговорници им се понуди можност интервјуата да се реализираат онлајн, преку некоја видеоплатформа, или преку е-пошта, со испраќање на прашањата. Сите идни соговорници ја одбраа можноста преку е-пошта, така што се пристапи кон реализирање на интервјуата по електронски пат, односно листата со прашања за интервју им беше испратена на соговорниците по електронска пошта на

[5] Со оглед на тоа дека најголемиот дел од издавачките куќи во Република Македонија се со седиште во главниот град, Скопје, особено оние позначајните во издавачката дејност, во примерокот беа вклучени само соговорници кои се вработени во издавачки куќи од Скопје.

нивната е-адреса, а тие ја вратија пополнета исто така по електронски пат, сето тоа во ворд-формат. Од вкупно осум испратени листи со прашања, беа одговорени шест, односно интервјуа се реализираа со шестмина инволвирани во издавачката дејност (со што се опфатени шест различни издавачки куќи), а две не беа одговорени и со двајца од планираните соговорници не се реализираа интервјуа. Интервјуата беа реализирани во временски период од 20 септември до 20 ноември 2021 година.

Во согласност со истражувачките прашања и цели, податоците се претставени тематски и наведени се конкретни примери со цитати од ставовите на соговорниците од реализираните интервјуа, по што следуваат анализа, заклучоци и согледби за понатамошни истражувања и дискусија во поглед на добиените одговори, односно резултати.

## Истражувачки прашања

Спроведеното истражување за предизвиците на издаваштвото и издавачките куќи за време на пандемијата со КОВИД-19 тргна од поставеното главно истражувачко прашање:

- Со какви предизвици се соочиле издавачките куќи (како еден вид на културни институции) за време на пандемијата со КОВИД-19?

Споредните истражувачки прашања се следните:

- Како одговориле одредени издавачки куќи на пандемијата со КОВИД-19?
- Каков вид активности/настани/случувања се организирале од страна на издавачките куќи за време на пандемијата со КОВИД-19 со цел промоција на културата и комуникација со читателската публика?
- Преку кои комуникациски канали најчесто се организирале овие настани и случувања од страна на издавачките куќи за време на пандемијата со КОВИД-19?
- Како биле примени активностите/настаните/случувањата организирани од издавачките куќи согласно новонастанатата ситуација со пандемијата со КОВИД-19 од страна на читателската публика?
- На каков начин активностите/настаните/случувањата организирани од издавачките куќи биле употребени (имале улога) како механизми за справување со стресот предизвикан од пандемијата со КОВИД-19?
- Дали издавачките куќи како организатори на активностите, настаните и случувањата иницирани и реализирани согласно новонастанатата ситуација со пандемијата со КОВИД-19 го имале предвид и менталното здравје на читателската публика?

## Истражувачки цели

Во однос на истражувачките цели на спроведеното истражување, тие се во насока на:

- идентификување на предизвиците со коишто се соочиле издавачките куќи (како еден вид на културни институции) во Република Македонија за време

на пандемијата со КОВИД-19,

- идентификување на различните видови активности/настани/случувања организирани од страна на издавачките куќи во Република Македонија за време на пандемијата со КОВИД-19 со цел промоција на културата и комуникација со читателската публика,
- идентификување на комуникациските канали преку коишто различните видови активности/настани/случувања организирани од страна на издавачките куќи во Република Македонија стигнале до читателската публика за време на пандемијата со КОВИД-19,
- идентификување на ефектите од наведените активности/настани/случувања организирани од страна на издавачките куќи во Република Македонија врз читателската публика.

## Резултати од спроведените интервјуа и тематско-наративна анализа

Во овој дел се претставени примери преку цитати од спроведените интервјуа, поделени по тематски целини, по што следува наративна анализа.

***– Предизвици со коишто се соочиле издавачките куќи (како еден вид на културни институции) за време на пандемијата со КОВИД-19***

„Со предизвици што предизвикаа отежнато работење, пред сè, во однос на реализација на некои планирани проекти. На пример, во рамките на нашите проекти имавме планирано гостувања на автори во нашата земја, кои не можеа да се реализираат поради пандемијата. Така, тоа предизвика намален обем на работа, но и намалување на буџетските средства за реализација на тие активности.“ **(#2)**

„Периодот на карантини и изолации буквално ги затвори книжарниците, со што продажбата на книгите драстично опадна и се сведе на минимум. Корона-кризата значително се одрази врз целокупната економија, па и издаваштвото не беше, ниту е изземено од поразителните бројки на намалена продажба, но и продукција. Дури и по тој период, кога настапи какво-такво нормализирање во функционирањето, за жал не може да се каже дека настапи и целосно нормализирање на продажбата. Со оглед дека економските последици допрва се најавуваат, очекуваме тој финансиски јаз да има тенденција на зголемување.“ **(#4)**

„Помала продажба на изданијата, помала посетеност во книжарницата, помала посетеност на годишниот саем на книга, немање слух на државата за помош на овој сектор на кој било план.“ **(#5)**

Од посочените горенаведени примери претставени преку цитати во поглед на *генералните предизвици со коишто се соочиле издавачките куќи за време на пандемијата со КОВИД-19*, можат да се идентификуваат следните главни предизвици што се однесуваат на:

1. Зачувување на физичкото здравје на вработените во издавачките куќи и обезбедување услови за тоа.

2. Организирање и реализација на одредени планирани активности, како проекти, саеми, промоции и други настани и случувања.
3. Намалена продажба и продукција на книжевни изданија во печатена форма.
4. Недостиг од државна помош.

***– Преземени и организирани активности/настани/случувања во поглед на предизвиците со коишто се соочиле издавачките куќи за време на пандемијата со КОВИД-19 со цел нивно надминување***

„(...) Меѓу повпечатливите активности ќе ги издвојам: кампањата ’Нашите вработени ви читаат‘, во којашто уредниците и книжарите читаа кратки извадоци од изданијата за деца што ги прикачувавме на каналот на ’Јутјуб‘, потоа блог-содржината ’Топ 5 препораки за читање од нашите уредници‘, при што секој уредник издвојуваше пет наслови што ги препорачува за читање, онлајн-промоциите со авторите на нашите најнови изданија, онлајн-гостувања и презентации на најновата продукција во медиумите и др.“ **(#1)**

„Се обидовме активностите да ги приспособиме на новите околности на тој начин што дел од тие активности што требаше да ги реализираме со присуство на авторите ги реализиравме онлајн, односно имавме онлајн-активности со автори/писатели и зголемено присуство на социјалните мрежи.“ **(#2)**

„Уште пред почетокот на пандемијата ја увидовме потребата од рекреирање на нашата официјална интернет-страница, но новите навики за онлајн-купување што ги наметнаа карантините ја направија оваа потреба и повеќе од ургентна. (...) Ова се однесува, пред сè, на оптимизирањето на нашата онлајн-продавница, но и тоа што неколку пати во текот на пандемијата, покрај честите попусти, како опција понудивме и бесплатна достава за сите нарачки, на тој начин овозможувајќи им на нашите читатели сите посакувани книги да им бидат доставени до нивниот дом и притоа таа услуга да им биде понудена бесплатно. Се потрудивме малку повеќе да поработиме и на моментот со е-книгите и аудиокнигите, соработувајќи со неколку платформи каде што понудивме поширок спектар на атрактивни наслови достапни во таков формат. Исто така, почнавме и со зголемен број на виртуелни настани – онлајн-промоции и разговори со автори од Македонија и странство. Со самиот почеток на пандемијата, нашата издавачка куќа беше првата што организираше е-саем на книгата, како соодветна алтернатива на традиционалниот Саем на книгата, кој, за жал, во мај 2020 година мораше да биде откажан. Покрај тоа, имајќи го предвид фактот дека во тој период беа забранети јавни настани, организиравме неколку онлајн-промоции на книги со домашни, но и со странски автори, кои во живо беа пренесувани на нашите страници на социјалните мрежи, а потоа беа поставени и на нашиот канал на ’Јутјуб‘, така што секој во секое време може да ги погледне. Сепак, според нас, најзначајниот проект, кој како идеја исто така тлееше во нас долго време, но се реализираше токму во периодот на пандемијата и дефинитивно го олесни процесот на купување книги за многу читатели е – Книжарницата на тркала, која речиси цела година патува од град во град и во време кога движењето и патувањето се ограничени од различни причини, ги носи омилените наслови речиси на чекор до сечиј дом.“ **(#4)**

Земајќи ги предвид одговорите на соговорниците, преземените и организираните активности/настани/случувања во поглед на *предизвиците со коишто се соочиле издавачките куќи за време на пандемијата со КОВИД-19 со цел нивно надминување*, вклучуваат:

1. Онлајн-присуство преку разни активности:
– онлајн-промоции на книжевни изданија,
– онлајн-читања и книжевни дружења,
– онлајн-кампањи,
– онлајн-гостувања на автори,
– онлајн-продажба,
– понуда на е-книги,
– организирање на е-саем,
– онлајн-комуникација со читателите.
2. Бесплатна достава на книжевни изданија.
3. Попусти на книжевни изданија.
4. Мобилна книжарница.
5. Намалување на бројот на вработени кои ќе работат од работното место и распоредување на дел од вработените да работат од дома.
6. Одржување физичка дистанца и следење на соодветните мерки и протоколи.

***– Користење на комуникациски канали, медиуми и интернет-технологии за реализирање на организираните активности/настани/случувања и за поголема достапност за време на пандемијата со КОВИД-19 и специфичните услови на живеење и дејствување***

„Во сиот овој период, највидливи и најдостапни бевме/сме на нашите профили на социјалните мрежи ’Фејсбук‘, ’Инстаграм‘, на социјалната видеоплатформа ’Јутјуб‘, на литературниот блог. Придобивката од социјалните медиуми на коишто ги пласираме нашите активности и каде што ги одржува(в)ме онлајн-промоциите е огромна. Претходната и тековната година нашите профили се честа одредница на читателите, а за тоа зборува анализата на податоците од дневната и месечната посетеност.“ **(#1)**

„Програмите ’Зум‘ и ’Тимс‘, социјалната мрежа ’Фејсбук‘. Да, медиумите и новите технологии ни помогнаа да бидеме достапни. Но, би рекол дека тоа е до одреден и ограничен степен, затоа што за голем дел од нашите активности е потребно и физичко присуство.“ **(#2)**

„Од помош се најдоа социјалните мрежи (’Фејсбук‘, ’Инстаграм‘), каде што нашата публика беше редовно известувана за најновите наслови што се појавуваа во продажба. (...) Нашата интернет-страница е исто така место каде што заинтересираните купувачи можат да се информираат за сите новости и акции поврзани со попустите, промоциите и сл. Многу ни помогнаа, посебно социјалните мрежи и интернет-страницата, каде што на почетокот на пандемијата беше забележан огромен раст на продажба преку интернет-нарачки.“ **(#3)**

„Како што споменав и претходно, ја исползувавме онлајн-технологијата максимално за да останеме достапни до нашите читатели и луѓето кои нè следат. Тоа се однесува како на опцијата за електронско купување книги, така и на споменатите

онлајн-промоции и книжевни поткасти, кои се снимаа преку платформи како што е ’Зум‘ и во живо беа прикажувани преку опцијата за ’streaming‘ на ’Фејсбук‘, ’Инстаграм‘ и ’Јутјуб‘. Самото постоење на овие медиуми и нови технологии и опциите што ги нудат беше доволно во овој период на изолираност и намалени контакти сепак да останеме поблизу до своите читатели и да почувствуваат дека не сме ги заборавиле и дека секогаш ни се на прво место. Без нивно постоење, културната мобилност и размена ќе беше сведена на нула.“ **(#4)**

Во поглед на *користењето на комуникациски канали, медиуми и интернет-технологии за реализирање на организираните активности/настани/случувања од страна на издавачките куќи и за поголема достапност за време на пандемијата со КОВИД-19 и специфичните услови на живеење и дејствување*, на сите издавачки куќи интернетот (со своите разни можности и алатки) им помогнал за да им бидат достапни на читателите за време на пандемијата и да воспостават комуникација, а тој бил од голема корист и при виртуелното организирање на одредени активности, настани и случувања, како: промоции, читања, акции со попусти, поткасти и сл., но и состаноци во рамките на работните места. Најзастапено е користењето на социјалните мрежи („Фејсбук“, „Инстаграм“), а се користеле и онлајн-платформите „Зум“ и „Јутјуб“, како и блоговите и интернет-страниците на издавачките куќи. Социјалните мрежи биле особено значајни во текот на пандемијата со КОВИД-19 затоа што на издавачките куќи им овозможиле непречена комуникација со читателската публика, можност за споделување на разни содржини и интерактивност.

Секако, дел од соговорниците нагласуваат дека за одредени активности што ги реализираат како издавачки куќи е потребно физичко присуство, што е незаменливо, но ја истакнуваат важноста на социјалните мрежи и онлајн-платформите во услови на глобална криза како пандемијата со КОВИД-19, кои како технологија многу им помогнале да останат достапни и да ја одржат комуникацијата со читателската публика. Овие технологии им помогнале и при работниот процес во рамките на издавачките куќи, олеснувајќи им го работењето во смисла на нудењето можности за онлајн-состаноци и сл.

***– Употреба и ефекти на одредени активности/настани/случувања од страна на издавачките куќи како механизми за справување со психичкиот стрес кај читателската публика предизвикан од пандемијата со КОВИД-19***

„Со оглед на тоа што дејноста со којашто се занимава секоја издавачка куќа, па и оваа во којашто работам, е во најголема мера грижа за менталното здравје на читателите, таа грижа се подразбира и не е условена само од моменталната здравствена ситуација во целиот свет. Веројатно издаваштвото е една од ретките гранки кои лесно го надминуваат овој глобален кризен период, затоа што читателите самите побараа и бараат прибежиште во книгата. Ова беше посебно интензивно за време на карантинот, кога побарувачката ги достигна своите ’пикови‘. Но, секако го имаме предвид менталното здравје на читателската публика, а за тоа говорат и последните проекти посветени на изданија што обработуваат психосоцијални теми, што ги работиме со професионалци од областа, а коишто имаат за цел емоционално описменување (пред

сè, на децата) и лесна транзиција во периоди на криза (на пример, развод на брак и безболно приспособување на промената). Реакцијата на читателската публика на настаните што ги организиравме онлајн во најголем дел од пандемичната година и половина е видлива и евидентирана. Имавме богата промотивна понуда, со содржајни соговорници и со разговорливи автори, па не изостанаа гледаноста и коментарите од читателите. Промоциите организирани онлајн се неограничено достапни на нашите онлајн-профили и се случува да добиеме коментар или реакција и ден-денес на промоција што се случила пред неколку месеци. Тоа овозможува прегледување на содржините, а неретко добиваме и пофалби и конструктивни критики од читателите. Исто така, сметам дека и читателите почувствуваа поголема важност и вклученост во издавачките процеси во земјава.“ **(#1)**

„Искрено да одговорам, како издавачка куќа во планираните проектни активности за време на пандемијата, ги немаме земено предвид нашите активности како активности кои би ги разведриле, расположиле или на некаков друг начин би влијаеле позитивно врз нашите читатели. Лично сметам дека сите активности со коишто се занимаваме имаат и одредена нијанса за којашто се зборува во прашањето, но тоа е само дел од таа нијанса. Имаше некои согледувања во текот на пандемијата дека книгите и уметноста воопшто можат да бидат одредена алатка, начин, средство со коишто би можело да се помогне во насока на разведрување, расположување на луѓето, но мислам дека таквото гледање на уметноста е мошне еднострано и го намалува нејзиниот капацитет и комплексноста која е дел од неа. Иако, морам да признам дека со неколку промоции/гостувања на автори што ги организиравме во мај и јули оваа година се почувствува некакво позитивно расположение во публиката. Но, не сум сигурен дека тоа позитивно расположение беше толку во контекст на пандемијата, колку во контекст на тоа дека, ете, по подолго време луѓето имаат можност да следат културни настани, кои некако позитивно влијаат врз нивното расположение. Во контекст на нашата позиција на организирање на овие настани во текот на пандемијата, повеќе станува збор за идејата дека и во време на пандемија мора и треба да се одржуваат културни настани, затоа што културата е начин на живот, нешто што секојдневно е поврзано со животот, без разлика на тоа каков е тој – дали се одвива во време на пандемија или во време на т.н. ’нормалност‘. Настаните главно беа доживеани како позитивни.“ **(#2)**

„Нашата издавачка куќа некаде на почетокот на пандемијата, кога беа спроведувани мерки на карантин, почна иницијатива за собирање приказни/кратки раскази од многу автори и обични читатели за начинот на којшто се справуваат со целата ситуација, а пократок избор од тие приказни/кратки раскази беше објавен во книга со наслов ’Карантински приказни‘, која можеше да се купи во нашите и во другите книжарници. Главно имавме позитивни реакции за понудените попусти, за можноста да се нарачува преку интернет со достава до домашна адреса, како и за некои акции што беа преземени (на пример, со издавањето на книгата ’Карантински приказни‘ и сл.).“ **(#3)**

„Здравјето на читателската публика во секоја смисла ни е на прво место, па колку што мислиме на физичкото здравје, секако дека мислиме и на менталното здравје. За среќа, самата книга како продукт е еден од најдобрите начини за справување со

животните тешкотии и за грижа за личното ментално здравје, а во овој период го интензивиравме објавувањето на мотивациски книги и книги од областа на популарната психологија токму со таа цел – да помогнеме во ’менталната хигиена‘ на нашата публика. За време на првите карантински денови, во соработка со наши автори и со други соработници, објавувавме и видеа во коишто тие им се обраќаа на нашите читатели со совети за побрзо поминување на деновите на изолација и за полесно соочување со новиот начин на живеење и дејствување. Она што го добивме како повратна информација од нашите читатели секогаш беше најпозитивно. (...) Проектот *Книжарница на тркала* повторно ќе го спомeнеме како најважен и во овој случај, со оглед на повратните реакции што секојдневно ги добиваме во однос на него.“ **(#4)**

Издавачките куќи, покрај другите причини, одредени активности/настани/случувања употребиле и како механизми за справување со психичкиот стрес кај читателската публика предизвикан од пандемијата со КОВИД-19, сакајќи некако да придонесат и да помогнат луѓето барем накратко да се оттргнат од стравот, вознемиреноста, стресот и неизвесноста, нудејќи содржини што сметале дека би го разведриле „мрачното“ секојдневие и би ги ослободиле луѓето од стресот, но и би поттикнале поголем интерес за книгите и читањето, за разни културни содржини, поголема креативност, инспирација и поотворен светоглед.

Многу истражувања на светско ниво покажуваат дека во текот на пандемијата со КОВИД-19 се зголемила стапката на читање (види: World Reading Habits in 2020, Global English Editing), што укажува на тоа дека луѓето нашле некакво прибежиште во книгите, во читањето и во следењето на виртуелно организираните настани и активности во рамките на издаваштвото и културата, односно им се зголемил интересот за таков вид содржини, а токму таков ефект и сакале да постигнат издавачките куќи (тргајќи го настрана финансискиот аспект), односно да ги „разонодат“ луѓето и да им ги оттргнат мислите од претежно негативните аспекти на пандемијата со КОВИД-19. Од одговорите на соговорниците се согледува дека поголем дел од издавачките куќи и во услови кога немало пандемија, во својата програма и во своето дејствување вклучувале изданија и активности/настани/случувања што се од корист за менталното здравје на читателската публика и поголемиот дел од нив сметаат дека читањето и книгите, а и културните содржини, генерално, се од особено значење за менталното здравје на луѓето, што посебно се истакна за време на пандемијата со КОВИД-19.

Така, во поглед на *употребата на одредени активности/настани/случувања од страна на издавачките куќи како механизми за справување со психичкиот стрес кај читателската публика предизвикан од пандемијата со КОВИД-19*, можат да се наведат следните активности/настани/случувања што биле употребени како механизми за справување со психичкиот стрес кај читателската публика од страна на издавачките куќи:

1. Проекти посветени на изданија што обработуваат психосоцијални теми;
2. Онлајн-читања на одредени книжевни изданија од страна на автори и вработени во издавачките куќи;
3. Собирање приказни/кратки раскази од многу автори и обични читатели за начинот на којшто се справуваат со целата ситуација во врска со пандемијата со

КОВИД-19 и објавување на пократок избор од тие приказни/кратки раскази во книга насловена „Карантински приказни“;
4. Интензивирано објавување на мотивациски книги и книги од областа на популарната психологија;
5. Објавување видеа во коишто автори им се обраќаат на читателите со совети за побрзо поминување на деновите на изолација и за полесно соочување со новиот начин на живеење и дејствување;
6. Проектот *Книжарница на тркала*, подвижна книжарница што патува од град во град и ги носи омилените наслови речиси на чекор до сечиј дом.

Што се однесува до *ефектите на одредени активности/настани/случувања од страна на издавачките куќи како механизми за справување со психичкиот стрес кај читателската публика предизвикан од пандемијата со КОВИД-19*, од сумираните одговори на соговорниците може да се согледа дека разните организирани активности/настани/случувања имале позитивен ефект врз читателската публика и повратната информација од тоа е пренесена преку:

– афирмативни коментари и реакции на социјалните мрежи,
– е-пораки со искажување задоволство и пофалби,
– пофалби при средби „во живо“.

Во контекст на *употребата и ефектите на одредени активности/настани/случувања од страна на издавачките куќи како механизми за справување со психичкиот стрес кај читателската публика предизвикан од пандемијата со КОВИД-19*, еден од соговорниците вели дека, како издавачка куќа, при организирањето на одредени активности/настани/случувања не го зеле предвид менталното здравје на читателската публика, односно не се воделе од тоа тие да претставуваат некаков вид механизми за справување со психичкиот стрес кај читателската публика. Соговорникот смета дека е многу еднострано на книгите, читањето, издавачката дејност и, општо, на уметноста, културата и културните содржини да се гледа само како на средство/алатка/начин за разведрување и расположување на луѓето и дека тие се многу покомплексни, но го нагласува тоа дека „и во време на пандемија мора и треба да се одржуваат културни настани, затоа што културата е начин на живот, нешто што секојдневно е поврзано со животот, без разлика на тоа каков е тој – дали се одвива во време на пандемија или во време на т.н. ’нормалност‘“.

## Заклучок и согледби за понатамошни истражувања и дискусија

Истражувачките цели на спроведеното истражување за предизвиците на издавачките куќи и на издаваштвото за време на пандемијата со КОВИД-19 беа во насока на идентификување на: предизвиците со коишто се соочиле издавачките куќи (како еден вид на културни институции) во Република Македонија за време на пандемијата со КОВИД-19; различните видови активности/настани/случувања организирани од страна на издавачките куќи во Република Македонија за време на пандемијата со КОВИД-19 со цел промоција на културата и комуникација со читателската публика; комуникациските канали преку коишто различните видови активности/настани/случувања организирани од страна на издавачките куќи во Република Македонија

стигнале до читателската публика за време на пандемијата со КОВИД-19; ефектите од наведените активности/настани/случувања организирани од страна на издавачките куќи во Република Македонија врз читателската публика. Сето тоа се постигна преку реализацијата и добиените резултати од истражувањето, што се прикажани преку овој труд.

Спроведеното истражување за предизвиците на издаваштвото и на издавачките куќи за време на пандемијата со КОВИД-19 тргна од поставеното главно истражувачко прашање:

► Со какви предизвици се соочиле издавачките куќи (како еден вид на културни институции) за време на пандемијата со КОВИД-19?

Во поглед на главното истражувачко прашање, од добиените одговори од спроведените интервјуа и од нивната анализа, може да се заклучи дека издавачките куќи се соочиле со разни предизвици за време на пандемијата со КОВИД-19, и тоа во насока на:

- ❖ Зачувување на психофизичкото здравје на вработените;
- ❖ Сменетите услови на работа со оглед на неможноста за физичко присуство во одредени периоди од пандемијата, карантините и социјалната дистанца;
- ❖ Сменетите услови на продажба и дистрибуција;
- ❖ Сменетите услови во поглед на комуникацијата со читателската публика;
- ❖ Користењето на разни комуникациски канали, медиуми и интернет-технологии во рамките на издавачките куќи меѓу вработените, но и при комуникацијата со читателската публика;
- ❖ Организација на активности/настани/случувања (саеми на книга, промоции на изданија, книжевни читања, гостувања на автори, проекти и сл.);
- ❖ Отсуство на државна помош во поглед на финансиска поддршка.

Според поставените споредни истражувачки прашања и добиените одговори од соговорниците при спроведените интервјуа, можат да се изведат неколку заклучоци. Во врска со *преземените и организирани активности/настани/случувања во поглед на предизвиците за време на пандемијата со КОВИД-19*, покрај основните во поглед на зачувување на физичкото здравје и спречување на инфекцијата со вирусот, односно почитување на мерките и препораките од страна на соодветните институции и реорганизацијата на работата во рамките на издавачките куќи, евидентно е дека сите издавачки куќи своите активности ги „преселиле“ онлајн. Така, за време на пандемијата со КОВИД-19, организирани се разни онлајн-кампањи, онлајн-читања, онлајн-промоции, е-саем на книга, попусти и промотивни понуди при купувањето на книжевни изданија онлајн, онлајн-комуникација во рамките на издавачките куќи, а и со читателската публика преку разни онлајн-платформи.

Исто така, како пример за одговарање на предизвиците како резултат на пандемијата со КОВИД-19, за снаоѓање и креативност е и мобилната книжарница (Книжарница на тркала) од страна на една од издавачките куќи вклучени во истражување-

то, со којашто на читателската публика ѝ се нуди достапност до книжевни изданија на отворено, а истовремено и намален ризик од пренесување на вирусот, а на тој начин и издавачката куќа има придобивки во поглед на комуникацијата со читателската публика и на продажбата.

Од комуниколошки аспект, клучно беше прашањето во поглед на *комуникациските канали што најчесто ги користеле издавачките куќи за време на пандемијата со КОВИД-19*, односно преку коишто организирале разни активности, настани и случувања и на тој начин комуницирале со читателската публика. Сите издавачки куќи ги користеле интернетот и неговите можности за време на пандемијата, а најмногу биле користени социјалните мрежи („Фејсбук“ и „Инстаграм“) и видеоплатформите („Зум“ и „Јутјуб“). На тој начин, користејќи ги овие комуникациски канали, тие ја продолжиле комуникацијата со читателската публика посредно, адаптирајќи се на новите услови, со цел да бидат достапни и работата да продолжи да се одвива непречено и покрај *новото нормално*.

Од комуниколошка гледна точка, уште еден клучен елемент е и *ефектот што сакале да го постигнат одредени издавачки куќи (како еден вид на културни институции) врз читателската публика организирајќи и преземајќи одредени активности/настани/случувања, особено како механизми за справување со психичкиот стрес кај читателската публика предизвикан од пандемијата со КОВИД-19*. Од добиените одговори од реализираните интервјуа, може да се заклучи дека речиси сите издавачки куќи сакале да постигнат одреден ефект во насока на намалување на психичкиот стрес кај читателската публика и разведрување и расположување, преку нудење на разни содржини што влијаат благопријатно врз менталното здравје на луѓето, односно претставуваат еден вид „лек/мевлем“: организирање на онлајн-читања, собирање на приказни/кратки раскази поврзани со справувањето со пандемијата со КОВИД-19, издавање на книжевни изданија со психосоцијална тематика и на мотивациски книги и сл.

Сепак, има и исклучоци во поглед на ова, односно за некои издавачки куќи читањето и книгите се многу повеќе од само инструменти за „разведрување и расположување“, а заклучокот е дека „(...) повеќе станува збор за идејата дека и во време на пандемија мора и треба да се одржуваат културни настани, затоа што културата е начин на живот, нешто што секојдневно е поврзано со животот, без разлика на тоа каков е тој – дали се одвива во време на пандемија или во време на т.н. ’нормалност‘“.

Како што вели Клифорд Гирц (Geertz, 2007, 55):

„Ние, сè на сè, сме нецелосни и недовршени животни и се комплетираме и довршуваме преку културата – и не само општо преку културата туку и преку нејзините многу посебни форми: добуанската или јаванската, Хопи или италијанската, културата на високата или ниската класа, академската и комерцијалната“.

***

Спроведеното истражување претставува еден зачеток на тема што може да се истражува, обработува и анализира од повеќе аспекти и да се стави во повеќе теориски рамки, а и да се употребат повеќе методски техники на прибирање податоци,

во зависност од предметот на интерес и истражувачките цели. Со оглед на условите со пандемијата со КОВИД-19 и малкуте соговорници со коишто беа спроведени интервјуа, добиените резултати се лимитирани, но во насока на предметот на интерес и поставените истражувачки прашања и цели, даваат многу суштински и корисни информации и податоци за истражуваната појава и отвораат нови сознанија и перспективи за понатамошни истражувања, идентификувајќи неколку клучни елементи од општествен, културолошки и комуниколошки аспект.

***

„Книгите не се само предмети направени од хартија туку и медиум за споделување идеи. Продавачот на книги кој ги дистрибуира е во изложена позиција на крајот на комуникацискиот синџир што шири информации и култура низ една земја“ (Escarpit, 1966, 141-142).

## Референции

### Единици на кирилица:

Гирц, К. (2007). *Толкување на кул<u>т</u>ури<u>т</u>е.* Скопје: Магор.

### Единици на латиница:

Cabrera, I. (2020, November 6). World Reading Habits in 2020 [Infographic]. Global English Editing. https://geediting.com/world-reading-habits-2020/

Escarpit, R. (1966). *The Book Revolution.* London: George G. Harrap & Co. Ltd; Paris: UNESCO. https://unesdoc.unesco.org/ark:/48223/pf0000003119

Milivojević, S. (2001). Javnost i ideološki efekti medija. *Reč*, 64.10/2001, 151-213. https://www.fabrikaknjiga.co.rs/rec/64/151.pdf

Tomašević, N., & Ljevak Lebeda, I. (2014). Role of publishing in the cultural and creative industry. *Knygotyra 62*, 47-59. https://www.journals.vu.lt/knygotyra/article/view/3610/2622

*Асс. м-р Блажe Јосифовски*

# АНАЛИЗА НА ЕФЕКТОТ ОД КОВИД-19 ВРЗ НЕВРАБОТЕНИТЕ ХОНОРАРНО АНГАЖИРАНИ ЛИЦА ВО ИНСТИТУЦИИТЕ ОД КУЛТУРАТА ВО МАКЕДОНИЈА

## Вовед

Сите ги чувствуваат негативните влијанија врз економијата, а со тоа и на пазарите на трудот, како резултат на пандемијата од КОВИД-19 на глобално ниво. Според Организацијата за економска соработка и развој, околу 80% од светската работна сила е погодена од негативните економски влијанија од КОВИД-19. Дел од луѓето ги изгубија своите работни места, а на друг дел од вработените им е намалено работното време или едноставно престанаа да работат на одредено време. Проценките на релевантните институции се дека последиците се најголеми во делот на неформалниот сектор. Овие работници кои функционираат во рамките на неформалната економија, спаѓаат во групата работници со најголем степен на изложеност од губење на работата и на доходите.

Според Меѓународната организација на трудот, во 2020 година на глобално ниво околу 2 милијарди луѓе работеле во неформалната економија. Процената е дека речиси 1,6 милијарди неформални работници се значајно погодени од кризата, што ќе доведе до намалување на нивните приходи од околу 60%. Овие намалувања на доходите ја зголемуваат сиромаштијата на неформалните работници и на нивните семејства. Најчесто, неформалните работници немаат здравствена и социјална заштита, ретко работат на работни места што можат да се работат од далечина и немаат дополнителни извори на приходи во случај на непредвидени случувања.

Проценките за учеството на неформалната економија во вкупниот бруто домашен производ (БДП) го покажуваат високиот степен на неформална економија во Македонија, па, така, таа се проценува помеѓу 20 и 40% од БДП. Годишните извештаи до пред пандемијата со КОВИД-19 во континуитет покажуваат опаѓање на неформалната вработеност како процент од вкупната вработеност. Но, економската криза што настана со појавата на пандемијата погоди повеќе сектори, особено тие што и претходно беа ранливи и подложни на економски нарушувања. Едни од тие сектори што се препознатливи по својата неформалност се културата и културните работници.

Културните дејци и секторот култура во целина се важни за секое развиено општество со нивното социоекономско дејствување. Важно е да се забележат проценките на УНЕСКО во однос на наглиот пад на секторот под влијание на пандемијата, според коишто во 2020 година имало намалување од 750 милијарди американски долари на бруто домашниот производ (БДП) генериран од културните и креативните индустрии на глобално ниво во однос на 2019 година. Големината на оваа загуба е поголема од целиот номинален БДП пријавен во многу земји ширум светот во 2019 година, како што се Полска, Тајланд или Обединетите Арапски Емирати. Тоа е еднак-

во на околу 1% од глобалниот номинален БДП во 2019 година и претставува драматичен пад на капацитетот на културните и креативните индустрии.

Културните работници, освен со нивното значајно влијание на БДП во секоја држава, дополнително поттикнуваат различни иновации низ економијата, а најзначајно е нивното позитивно социјално влијание, како што се благосостојбата и здравјето, образованието, инклузијата, урбаното живеење итн. Како и повеќето аспекти на општественото живеење, така и овој беше значително погоден од опсегот на пандемијата. Овој сектор беше меѓу првите што ги затвори своите врати и ќе биде меѓу последните што повторно ќе ги отвори целосно. Големи делови од секторот зависат од собирање на луѓето во поголеми групи. Како резултат на тоа, местата и активностите базирани на собирање на локација, како што се театарот, музиката во живо, фестивалите, кината и музеите, се особено погодени. Тоа што е значајна специфика на секторот е неговата несигурност и нестабилност, особено во делот на редовното вработување.

Голем број од културните работници се вклучени како хонорарни работници, дури и од страна на културните институции што функционираат во Македонија. Несигурноста што ја носи хонорарната работа ги направи културните работници особено ранливи на економските шокови што ги предизвика пандемијата. Затоа, оваа анализа ќе истражи кои се главните ефекти врз невработените хонорарно ангажирани лица од страна на културните институции во Македонија, како врз нив влијаеја мерките преземани од националните и локалните власти и кои подлабоки системски проблеми ги обелодени кризата со КОВИД-19.

## Цел и методологија на истражувањето

Главно, истражувањето имаше за цел да ги оцени ефектите од пандемијата со КОВИД-19 врз невработените хонорарно ангажирани лица во културните институции во Македонија. Дополнително, како индиректен ефект, сакаше да ги испита мерките преземени од централната и локалната власт и како тие влијаеја врз неформално ангажираните лица во културните институции.

Методолошки, една од користените алатки беше анализата на секундарни податоци во утврдување на состојбата на неформалните работници, ефектите од пандемијата врз неформалните работници и утврдување на влијанието на мерките за поддршка врз овој дел од неформалниот сектор.

Втората алатка беше теренското истражување, односно анализата на примарни податоци преку изведување на полуструктурирани интервјуа со засегнатите групи работници, спроведено во националните и локалните културни институции што се наоѓаат во Скопје. Важно е да се забележи дека токму фактот што теренското истражување е спроведено само во Скопје, му дава одредено ограничување на истражувањето, а со тоа и на заклучоците што можат да се изведат од него, а сепак претставува добар увид во состојбите и може да биде основа за потемелни истражувања, со цел подобрување на состојбата во културните институции во Македонија и на културните работници.

Теренското истражување беше изведено во две културни институции од национално ниво, Музејот на Р. С. Македонија (8 испитаници) и Археолошкиот музеј на Р. С. Македонија (4 испитаници). Како културна институција на локално ниво, пак, беше избран Музејот на Град Скопје (2 испитаника). Вкупно беа интервјуирани 14 испитаници, од коишто родовото учество на засегнатата група на работници беше поделено на 64% мажи и 36% жени. Согласно степенот на образование, сите учесници во процесот на интервјуирање имаа високо образование или магистратура/докторат. Прашалникот беше изработен и спроведен на македонски јазик.

Прашалникот со којшто беше изведено истражувањето беше составен од 16 прашања, кои беа насочени кон утврдување на демографските карактеристики на испитаниците, ефектите од пандемијата со КОВИД-19 и влијанието на мерките за справување со КОВИД-19 што ги преземаа властите. Просечно, интервјуата траеја по околу 40 минути, со тоа што, каде што имаше можност и расположеност од страна на испитаниците, им беа поставувани дополнителни прашања, со цел подобро разбирање на новонастанатите состојби со КОВИД-19 во нивното хонорарно ангажирање, но притоа тоа ни откри и дополнителни слабости и злоупотреба на послабата регулација на хонорарното ангажирање кај нас од страна на културните институции. Овие дополнителни податоци помогнаа да се добие појасна слика за нивото на ранливост на оваа група работници.

## Општиот контекст на невработените хонорарно ангажирани лица во институциите од културата во Македонија

Во категоријата неформално вработени лица, според Анкетата за работна сила (АРС) што ја спроведува Државниот завод за статистика (2018), се вклучени сите непријавени работници (без покриена социјална и правна заштита), независно дали работат во: регуларни фирми, нерегистрирани или субјекти без правен статус, самовработени лица со свои претпријатија или во домашен сектор. Понатаму, за неформални работници се сметаат работниците кои функционираат како: самовработени лица кои работат во нивните нерегистрирани субјекти, работодавачи вработени во сопствени нерегистрирани субјекти, членови на домаќинства кои работат во субјекти од формалниот сектор, членови на домаќинства кои работат во субјекти од неформалниот сектор, работници кои неформално работат во субјекти од формалниот сектор, работници кои неформално работат во субјекти во неформалниот сектор (ДЗС, 2018).

Според АРС, во категоријата неформални работници за 2019 година се регистрирани 128.026 лица (Аналитика, 2021), од коишто околу 1,4% се културни работници и со тоа се деветта најголема група на неформални работници. Во однос на ранливоста на културните работници како група, Меѓународната организација на трудот (МОТ) (2020), под називот *уметност и рекреација* ги рангира како осма најранлива група, во којашто речиси секоја десетти е неформално работно ангажиран или околу 8,3% од статистичката категорија – уметност и рекреација (МОТ, 2020). Во однос на влијанието на пандемијата со КОВИД-19 врз различните сектори што ја сочинуваат неформалната економија, подгрупата под назив *уметност и рекреација*, во којашто влегуваат културните работници, влегува во втората категорија на најпогодени сек-

тори; односно, оваа подгрупа влегува во категоријата што се рангира како сектор со среден до висок ризик (МОТ, 2020).

Поткатегоријата на неформални работници во културата што е предмет на оваа анализа се работници кои неформално работат во субјекти во формалниот сектор, поточно, во нашиот случај, во културните институции во Македонија. Овие неформални работници работат во три вида на културни институции во нашата држава, и тоа: националните установи од областа на културата, локалните културни установи и објектите што се заштитено културно наследство (Министерство за култура на Р. С. Македонија, 2022).

Законот за работни односи (ЗРО) ги регулира начините преку кои-што културните институции можат да воспостават договорен однос со лица кои не ги вработуваат, туку се подготвени да им исплатат хонорар. Според член 252 од ЗРО, под делот „Посебни договори" е уредено дека работодавачот може со определено лице да склучи договор заради вршење работи што се: надвор од дејноста на работодавачот, имаат за предмет самостојна изработка или поправка на определени предмети или самостојно извршување на определена физичка или интелектуална работа.

Од претходно изнесеното, станува очигледно дека ЗРО е дециден дека за да се склучи ваков тип договор, предметот на договорот мора да биде извршување работи што се надвор од дејноста на работодавачот. Ова ефективно значи дека за работите што се предмет на договорот не смее да има определено работно место во актот за систематизација на работните места на работодавачот, ниту тие треба да бидат дел од преостанатите акти како опис и спецификација на работните места (Конто профит ДОО, 2020).

Друга важна карактеристика со којашто културните институции во Македонија ги воспоставуваат своите договорни права и обврски со невработените хонорарни институции е времетраењето на склучувањето на договорите за извршување на работата. Ова би значело дека тие не би можеле да бидат на некој подолг временски период, бидејќи законодавецот смета оти, во таков случај, би се сметало дека ако постои потреба од вршење работа на подолг временски период, вршителот на работата би требало да се вработи кај нарачателот на работата врз основа на договор за вработување.

### Осврт на преземените мерки од централните и локалните власти за намалување на негативните ефекти од пандемијата со КОВИД-19 што ги опфатија невработените хонорарно ангажирани лица во институциите од културата во Македонија

Со цел намалување на негативните последици од пандемијата со КОВИД-19, Владата на Р. С. Македонија (2022) има креирано пет пакети со вкупно 106 мерки за поддршка на граѓаните и на стопанството. Речиси сите мерки не се директно насочени кон неформалните работници. Неформалните работници во најголем дел можат да ги почувствуваат индиректно ефектите од мерките на централната власт, како што се одложувањето на обврските за кредити, помошта на компаниите, намалените трошоци во некои сегменти од секојдневното функционирање и др. Единствената

директна мерка на централната власт што е насочена кон неформалните работници е обезбедената парична помош за домаќинствата и енергетски додаток, преку намалување на критериумите за влез во системот за гарантиран минимален доход на лицата од неформалната економија кои останале без работа (Finance Think – Скопје, 2021).

Хонорарно ангажираните лица во културните институции, иако се културни работници, не ги опфаќа мерката 2 од четвртиот пакет мерки (платежни картички за граѓаните за поголема потрошувачка и за развој на домашните економски дејности), бидејќи нивниот статус во Агенцијата за вработување е определен како *активен барател на работа*, со цел да си обезбедат право на здравствена заштита. Оваа мерка предвиде платежни картички во вредност од 6.000 денари. Интересно е дека неа ја добија одредена категорија на културни работници и уметници (520 корисници) (Аналитика, 2021), во којашто повторно не влегуваат хонорарно ангажираните лица од културните институции во Македонија.

Дополнително, како извор на податоци околу тоа какви мерки имаат локалните самоуправи за справување со пандемијата со КОВИД-19, се користеа податоците од анализата на Аналитика (2021), која покажува дека не постојат мерки што се директно насочени кон неформалните работници и дека генерално се мерки што се насочени кон зачувување на јавното здравје, додека вториот тип се мерки што предвидуваат ослободување од одредени давачки, на пример кон општинските градинки (Аналитика – Скопје, 2021).

## Резултати од истражувањето на ефектите од пандемијата со КОВИД-19 врз невработените хонорарни лица во институциите од културата во Македонија

Во однос на потребата од здравствени услуги за време на пандемијата со КОВИД-19, значителен дел од испитаниците изјавија дека во претходниот период имале потреба од здравствена услуга – 85,7%, а 71,4% од испитаниците пријавија зголемени трошоци за здравствена заштита како последица на пандемијата со КОВИД-19. Дел од испитаниците пријавија дека имале потреба од здравствена услуга, но таа не им била овозможена преку државниот здравствен систем – 28,5% (четворица испитаници), друг дел дополнително прецизираа дека не биле во можност да си ја обезбедат приватно.

За убедливото мнозинство од испитаници, 85,7%, приходите што ги имаат од хонорарниот ангажман во институцијата од културата претставуваат единствен извор на приход. Двајцата испитаници кои се изјаснија дека имаат дополнителен приход, не прецизираа доволно јасно за каков вид приход станува збор и каде и како го остваруваат.

Во однос на нивото на нивните приходи од хонорари поврзани со културната институција што ги има ангажирано, испитаниците се поделени во следните групи и нивната процентуална застапеност изгледа вака:

- Со износ од над 30.000 денари – 0% од испитаниците;
- Со месечни примања до 30.000 денари – 57,1% од испитаниците;
- Приходи до 20.000 денари месечно – 42,9% од испитаниците;
- Ниту еден пријавен со приходи помали од 15.000 денари.

Интересен беше податокот дека 28,5% од испитаниците пријавија дека приходите што ги остваруваат како хонорари од културната институција, за време на пандемијата со КОВИД-19 биле намалени. Тоа дефинитивно претставува отежнување и на онака тешката состојба на којашто е изложена оваа група на невработени лица.

Најголем дел од испитаниците одговорија потврдно на прашањето поврзано со влијанието на пандемијата со КОВИД-19 врз зголемувањето на различни трошоци што ги имаат (92,8%). Најголем дел од испитаниците се осврнаа на зголемените трошоци што ги имаат за храна, сметки, но секако и здравствените трошоци, а дел посебно го истакнаа податокот дека скапо ги чинело прележувањето на коронавирусот.

Во однос на почитување на мерките за заштита од КОВИД-19 на физичките работни места што ги извршуваат, 35,7% од испитаниците истакнаа дека се почитуваат од страна на културната институција во којашто се наоѓаат, а во однос на тоа дали се чувствуваат безбедно да ги извршуваат работните задачи, 57,1% одговорија потврдно. Главно, испитаниците истакнаа дека нивната институција ги преземала стандардните мерки што се пропишани, како што се намалување на бројот на лица кои се во канцеларии, дел од институциите поголем период од пандемијата го поминале со пар-непар работни календари, со цел да се намали бројот на лица физички присутни во просториите, а повеќето споменаа дека се носат маски и се користат дезинфекциски средства.

Повеќето од испитаниците одговарајќи на прашањето поврзано со тоа кои дополнителни мерки би можела да ги преземе институцијата во којашто се наоѓаат, со цел да го ублажи ефектот од пандемијата со КОВИД-19, го истакнаа моментот со зголемување на месечните износи што ги добиваат, други сметаат дека имаат право да бидат примени како редовно вработени и дека со тоа автоматски ќе им се зголеми платата. Четворица испитаници (28,5%) кажаа дека од голема помош би им било доколку институцијата им помогнела со некои од трошоците поврзани со здравствена заштита.

Дополнително, преку едно од прашањата во интервјуто се забележа дека институциите од културата, во половината од случаите на испитаниците, извршуваат задачи што се надвор од договорените со договорите потпишани со институциите. Надвор од облигациските односи што ги овозможува законската рамка, бараат од невработените хонорарно ангажирани лица во нивните институции да се евидентираат на работно место, како што важи за лицата кои се регулирани со договори за вработување.

Тоа што индиректно можеше да се забележи од интервјуата е фактот дека во голем дел случаи, невработените хонорарно ангажирани лица повеќе години се ангажирани на овој начин, уште пред пандемијата со КОВИД-19, но дека нивниот однос не се трансформира во договор за вработување, иако законската рамка го препорачува тоа.

## Заклучоци

Резултатите од истражувањето потврдуваат дека оваа категорија граѓани е, несомнено, силно погодена од кризата со КОВИД-19. Овие луѓе се доведени до состојба кога поради пад на приходите и зголемување на трошоците се изложени на висок ризик во услови на пандемијата со КОВИД-19. Оттука, важно е институциите во

коишто се наоѓаат да обезбедат дополнителни мерки за нивна поддршка, а најголема улога во оваа задача има Министерството за култура, кое очигледно, според добиените резултати, нема направено ништо за да им излезе во пресрет и да ја подобри нивната состојба во услови на здравствена криза.

Доколку се земе предвид фактот дека кај повеќето месечниот надоместок е речиси колку износот на законски утврдената минимална плата, во тој случај какво било намалување на нивните приходи има значајно влијание врз можноста да ги задоволат своите егзистенцијални потреби. Исто така, доколку се земе предвид фактот дека работниците кои припаѓаат на оваа група не се дел од синдикални организации, тоа придонесува за дополнително зголемување на нивната ранливост и неможност да остварат никакви работнички права.

Имајќи предвид дека ниту еден од испитаниците нема искористено ниту една мерка од Владата, може да се заклучи дека мерките или биле несоодветно дизајнирани или не било воопшто помислено на оваа група лица.

Наједноставната и брза интервенција што државата може да ја направи сега е да не се оданочуваат нивните приходи од хонорар, барем во периодот додека трае пандемијата со КОВИД-19, односно државата да се откаже од персоналниот данок од 10% што го пресметува. Дополнително, краткорочно можат да се воведат мерки што ќе помогнат во намалување на главните животни трошоци што се поврзани со струјата, водата или други услуги.

Ова истражување покажа дека оваа здравствена криза само го изнела на виделина проблемот со решавање на статусот на оваа група на неформални работници во културните институции, односно дека крајното решение на нивната состојба е нивниот работен однос да се трансформира во редовен, преку договори за вработување.

## Референции

Аналитика – Скопје. (2021). Анализа на ефектот од КОВИД-19 врз работниците кои се дел од неформалната економија и привремено вработените работници, преку предлог-мерки за нивна поддршка. https://fosm.mk/wp-content/uploads/2021/05/analitika-analiza-kovid-19-i-neformalnite-rabotniczi-vo-rsm-finalna.pdf

Аналитика – Скопје. (2021). Бриф за политики: Дали неформалните работници останаа без „економска вакцина“ во услови на КОВИД-19?. https://www.analyticamk.org/images/2021/brif-dali-neformalnite-rabotnici-ostanaa-bez-ekonomska-vakcina-vo-uslovi-na-kovid-19.pdf

Влада на Р. С. Македонија. (2022). Економски мерки на Владата за справување со кризата од КОВИД-19. https://vlada.mk/ekonomski-merki-covid19

Државен завод за статистика. (2018). Анкета за работната сила 2017. https://www.stat.gov.mk/PrikaziPoslednaPublikacija.aspx?id=3

Конто профит ДОО. (2020). Ангажирање на физички лица за привремени и повремени работи (договори за дело и авторски договори). https://profit.com.mk/wp-content/uploads/26.8.2020.pdf

Меѓународна организација на трудот. (2020). Overview of the Informal Economy in North Macedonia. https://www.ilo.org/wcmsp5/groups/public/---europe/---ro-geneva/---sro-budapest/documents/genericdocument/wcms_751316.pdf

Министерство за култура на Р. С. Македонија. (2022). Институции. https://kultura.gov.mk/institucii/

Finance Think – Скопје. (2021). Ефектот од КОВИД-19 врз несигурните работници во С. Македонија – Следење на нископлатените работници, неплатените семејни работници, платените домашни работници, работниците со нетипични договори за работа и неформалните работници. https://www.financethink.mk/wp-content/uploads/2021/06/Ефектот-од-Ковид-19-врз-несигурните-работници-во-Северна-Македонија.pdf

# ПОЛИТИЧКО-ПРАВНИ ПРЕДИЗВИЦИ

*Проф. д-р Мирјана Најчевска*
*Асс. м-р Милка Димитровска*

# ПРАВНА АНАЛИЗА НА ПРОЦЕДУРАЛНОТО И МАТЕРИЈАЛНОТО ФУНКЦИОНИРАЊЕ НА СОБРАНИЕТО ВО ВРЕМЕ НА ПАНДЕМИЈА: КАКО ДА СЕ ОДГОВОРИ НА ВОНРЕДНИ ПРЕДИЗВИЦИ

## Вовед

Светската здравствена организација на 30 јануари 2020 година прогласи Состојба на закана по јавното здравје од меѓународни размери, на 11 март 2020 година прогласи пандемија и од март 2020 година во повеќето европски држави се воведоа рестриктивни мерки, па така и во Република Северна Македонија на 18 март 2020 година се прогласи вонредна состојба, која е продолжена уште трипати, што значи воведување на посебен правен и институционален режим со големи правни, општествени и економски импликации што опфаќаат широк дијапазон на категории граѓани, фирми, единици на локална самоуправа и други субјекти. Таквата состојба на специфични промени и предизвици за македонскиот политички систем и неговата стабилност, правната сигурност, заштитата на човековите права и слободи и здравјето на граѓаните создава мотив за истражување на изменетите функционални парадигми на главните субјекти на политичко или правно влијание. Имено, во однос на домашните институции на политичкиот систем, во време на вонредна состојба, извршната власт добива проминентна улога, особено Владата на РС Македонија, која носи уредби со законска сила, како и неколку корпуси на рестриктивни, економски и заштитни мерки за справување со околностите на пандемијата предизвикана од КОВИД-19. Во тој, но и во целиот последователен период поврзан со пандемијата, се наметнуваат како процедурални и други деловнички прашања за функционирањето на Собранието, така и посериозни предизвици и можни алтернативни решенија во однос на неговата содржинска функционалност, опфаќајќи битни прашања како верификување на нормативата донесена за време на вонредната состојба, внатрешното постапување и внатрешната активност на пратениците, но и материјалната страна на донесување на закони и други акти како специјална регулатива поврзана со КОВИД-19 за заштита на граѓаните, со цел адресирање на штетите од пандемијата. Анализата на состојбите на овие два функционални аспекта на Собранието на РСМ, процедуралната и материјалната страна, вреднувањето на капацитетите и можностите за алтернативно дејствување, како и обезбедувањето на соодветни препораки за идна зголемена ефективност на Собранието во услови на пандемија, претставува цел на ова истражување.

Ваквата анализа на Собранието на РСМ е во рамките на секцијата од истражувањето на ИСППИ каде што фокусот е ставен на правно-институционалните и политичките последици од пандемијата. Таа се базира на следната применета методологија:

– Анализата на содржина ќе биде користена за анализа на правни акти (Устав, закони, уредби со законска сила, Деловник, Буџет, стратешки документи), понатаму стенографски белешки од Собранието, интернет-страници, како и други соодветни документи. Во разработката на материјалните аспекти од собраниската работа, односно донесувањето закони со одредена содржина, ќе бидат опфатени исклучиво законите и одлуките што или директно ја регулираат материјата на пандемијата или оние закони што третираат одредена основна материја како социјала, здравство, управа итн., а подлегнале на внес на дополнителни одредби што се однесуваат на сегашни или идни пандемични и други вонредни или кризни околности.
– Анализата на содржина ќе биде применета и на студии, анкети и други емпириски истражувања како секундарни извори.

Во фокусот на анализата е периодот од март 2020, како почеток на пандемијата, до март 2021 година, со што се заокружува период од една година. Сепак, за целите на истражувањето, опфатени се парцијални аспекти и од период пред и по наведената временска рамка, во интерес на контекстуалното толкување.

## I ПРОЦЕДУРАЛНИ АСПЕКТИ

### 1. Предизвици на функционирање во услови на пандемија

Пандемијата предизвикана од КОВИД-19 имаше и сѐ уште има импликации врз начинот на функционирање на демократските држави, највисоките законодавни тела во државите – парламентите (како од аспект на содржината на дејствувањето на овие тела, така, па дури и многу повеќе, и во однос на начинот на нивната работа). Во исто време, таа претставува и поттик за формулирање на алтернативни процедурални решенија во работењето што треба да обезбедат функционирање на соодветните тела на начин и во рамките на предвидените надлежности, во услови на идни слични пандемии/настани, или пак, искористување на ситуацијата за нивно надградување и ползување на новите технологии во секојдневната работа.

Во различни анализи и истражувања на специфичната ситуација и искуствата во решавањето на процедуралните аспекти во работењето на највисоките законодавни тела во државата станува збор за научени лекции, за нови начини на дејствување, за алтернативи што можат да се искористат во слични ситуации или, пак, едноставно да претставуваат генерално подобрување на работењето на највисоките законодавни тела во демократските држави (Дево, Швецова, Бејкер, 2021).

Од анализите произлегува дека, како и сите други институции, така и работата на парламентите е нарушена во услови на прогласена светска пандемија, меѓутоа и тоа дека улогата на Парламентот во услови на пандемија не само што не се намалува туку, напротив, таа е уште позначајна и покомплексна.

Токму Парламентот е тој што треба да донесе промени во законската регулатива (неопходни за справување со новите потреби поврзани со справувањето со пандемијата, да издвои дополнителни наменски средства и да создаде услови во коишто нема да има повреди на човековите права и слободи).

Со цел брзо и навремено реагирање во услови на пандемија, во голем број држави (меѓу коишто и Република Северна Македонија) беше прогласена вонредна состојба (Alivizatos, Bilkova, Cameron, Kask, Tuori, 2020). Постоењето на прогласена кризна/вонредна состојба уште повеќе го усложнува функционирањето на Парламентот (како фактички, така и процедурално). Ова е поврзано со уставните и законските решенија што постојат во различни земји, но и со поставеноста на Парламентот, неговата големина и врските што ги има со извршната власт.

Соодветното функционирање на парламентите во ситуација на пандемија и, посебно, во услови на прогласена вонредна состојба е предмет на разгледување на повеќе нивоа (Alexandre, Del Monte, Eckert, Kotanidis, Langova, Rakovska, 2020), меѓу другите и на Венецијанската комисија на Советот на Европа, според којашто: парламентарниот живот треба да продолжи дури и во вонредна состојба и Парламентот не треба да биде распуштен во текот на ваквата состојба (Venice Commission, 2020, CDL-AD 2016/006, par. 62).

Според Венецијанската комисија, прогласувањето на вонредна состојба треба да биде: со почитување на владеењето на правото, треба да биде неопходно, пропорционално на ситуацијата што треба да се разреши, привремено (со јасно определена временска рамка), ефективно, предвидено во легислативата и да обезбеди соработка меѓу државните институции.

Паралелно со овие препораки, во рамките на државите од ЕУ е отворена расправа за тоа како на најдобар начин ќе се гарантира централната улога на Парламентот во ситуација на криза и вонредна состојба, посебно во мониторингот и контролата на ситуацијата на национално ниво, како и да се има предвид мислењето на Венецијанската комисија дека парламентите треба да ги одржуваат нивните парламентарни сесии и да не дозволат привремена замена на членовите или намалување на нивното присуство (Venice Commission, 2020 CDL-AD 2020/018, par. 75; OJEU 2021/C 415/05).

Меѓу елементите што треба да се земат предвид при барањето на соодветни решенија што ќе овозможат функционирање на парламентите и во услови на пандемија се издвојуваат:

- потребата од редовна комуникација на пратениците со јавноста (нивните избирачи од конкретните изборни единици кои ги претставуваат), што подразбира патување и комуникација со поголем број луѓе;
- потребата од податоци и информации што пратениците треба да ги добиваат/имаат со цел остварување на својата функција и донесување одлуки од својата надлежност;
- средби на пленарно и на комисиско ниво за извршување на редовните обврски и посебно за вонредни прашања поврзани со пандемијата.

Сето ова бара адаптирање на парламентите (посебно кога станува збор за предвидените процедури) на начин што ќе овозможи остварување на функцијата без да бидат нарушени основните демократски барања и принципи.

Во врска со ова се поставува и прашање за антиципирање на идни слични или истоветни ситуации за коишто можат да бидат формулирани соодветни процедурални решенија (Inter-Parliamentary Union, 2020).

Досегашното искуство укажува на неколку различни решенија што се практикуваат:

- парламентите продолжуваат да се среќаваат како и дотогаш (со физичко присуство), со прифаќање на одредени промени што не се внесени во законската или подзаконската регулатива, меѓутоа коишто соодветствуваат на генералните препораки дадени од страна на Владата/здравствените институции (помалку места за седење, дистанца, носење маски, дел од администрацијата работи од дома, промена на салата/салите за состаноци);
- парламентите се среќаваат виртуелно, со помош на посебни алатки и методи за онлајн-средби. Голем број парламенти ги истражуваат можностите за работа од далечина (Williamson, 2020; SCD, 2020; Peixoto, 2020);
- парламентите воопшто не се среќаваат (ниту физички ниту, пак, на далечина).

Секое од овие решенија има проблематични аспекти што мораат да бидат разрешени (било пред да биде применето, во текот на примената или откако ќе завршат причините за изменет начин на функционирање на Парламентот).

Во секој случај, парламентите во светот бараат и наоѓаат различни начини како да функционираат во услови на пандемија (и тоа на начин што ќе има најмало влијание врз извршувањето на нивната функција) (Дево, Швецова, Бејкер, 2020).

Се поставува прашањето: Колку Собранието на Република Северна Македонија успеа да излезе од традиционалните начини на функционирање (несоодветни за условите на пандемија)? Колку успеа да ги извршува своите задачи, пратениците да останат во комуникација со граѓаните (своите избирачи) и колку успеа да се снајде во услови на прогласена вонредна состојба (во процедурите поврзани со контролата на извршната власт)?

## 2. Процедурални решенија на Собранието на Република Северна Македонија

Во првите месеци од ширењето на заразата со КОВИД-19, Собранието на Република Северна Македонија се задоволи со следење на ситуацијата на светско ниво и не донесе ниту една одлука со којашто би се промовирал поинаков начин на работа во евентуално сменети услови.

Прогласувањето на вонредната состојба поради пандемијата во Република Северна Македонија (18.3.2020 г.) се поклопи со распуштањето на Собранието заради предвремените избори (што само по себе предизвика широка дебата).

Во Уставот на Република Северна Македонија нема посебна одредба од којашто може да се изведе заклучок каде (во просторна смисла) и на кој начин се одржуваат седниците на Собранието и на собраниските комисии. Ова дава можност материјата да биде понатаму регулирана со закон или со некој друг акт што би обезбедил функционирање на Собранието и во поспецифични услови.

Законот за Собранието (СВРМ 104/209 до 174/21) и Деловникот на Собранието (СВРМ 91/08 – ИД 2019) (како основни документи со коишто и врз основа на коишто во моментов се дефинира начинот на работа на Собранието) немаат специфични одредби за постапување во услови на прогласена вонредна состојба, ниту, пак,

некоја поширока рамка во којашто би можеле да се вклопат специфични процедури на дејствување на Собранието (различни од вообичаените).

Меѓутоа и во двата акта има одредби од коишто може конклудентно да се изведе заклучок за местото на одржување на седниците на Собранието (што е лоцирано во зградата на Собранието).

Во основата, постојната легислатива не ја лимитира флексибилноста на Собранието во однос на начинот на држење на пленарните седници, меѓутоа нема соодветни процедури за одржување седници на Собранието без физичко присуство. Во ниту еден член на актите со коишто се регулираат процедурите нема одредби што се однесуваат на начинот на работа на комисиите (телата на Собранието) и, пред сè, начинот на којшто може да се одвива комуникацијата со граѓаните (како предуслов за демократскиот карактер на Собранието и функционирањето на партиципативната демократија) во услови на прогласена пандемија (или ситуација со слични последици како пандемијата).

Можноста за поинакви решенија е дадена во легислативата, меѓутоа бара понатамошна разработка, прецизирање и внесување на соодветни процедури и заштитни механизми.

На пример, во член 9 од Законот за Собранието се вели дека: „На пратеникот во вршењето на пратеничката функција, Службата на Собранието му обезбедува стручни, административни, технички и други услуги“ (ова е уште попрецизно обработено во член 34 од Деловникот на Собранието). Под технички услуги можат да бидат подразбрани сите оние алатки потребни за одржување седници на далечина, што би значело само потреба од донесување на соодветни подзаконски акти за допрецизирање на одредбата. Чекор понатаму е отидено во член 10 од Законот за Собранието, според којшто: „На пратеникот за време на вршењето на пратеничката функција му се овозможува користење на информативни и документациони материјали, како и комуникациони врски во Собранието“. Комуникацијата со граѓаните може лесно да се трансферира во рамките на локалната самоуправа (согласно член 11 од ЗС).

Интересно е дека многу други институции/тела, за разлика од Собранието, со леснотија ја продолжија работата со едноставни процедурални промени (на пример, Сенатот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје).

Меѓутоа, ова не се случи во Собранието. Дури и отворената дискусија за дигитализација на власта и управувањето не поттикна донесување на соодветна легислатива.

Со изговор дека Собранието е распуштено заради предвремените избори, на дневен ред не е поставено прашањето за наоѓање на евентуални алтернативни решенија што би можеле да се применат во услови на пандемија.

По изборите, следува период на конституирање на Собранието и на неговите тела, што повторно ја одложува расправата за можни промени во оваа насока.

По конституирањето на Собранието, изработен е предлог за донесување Закон за вонредна состојба (ЕНЕР, 2021), меѓутоа дури и во овој предлог не се содржани решенија што би значеле искористување на современите технологии со цел непречено функционирање на Собранието во отежнати услови за физичко присуство на пратениците и целокупната материја е насочена кон утврдување на улогата на извршната

власт во вакви услови. Во предлог-законот не се споменува ниту дигитализација ниту работа на далечина ниту, пак, алтернативни решенија за работа (било за Собранието или, пак, за работните тела/комисиите).

Во ноември 2020 година е поднесен предлог за измени на Деловникот на Собранието, со цел овозможување работа на пратениците од далечина (Собрание на РСМ, 2020). Во предлогот се понудени алтернативни решенија што би требало да обезбедат непречено функционирање на Собранието и собраниските тела и во услови кога е отежнато или невозможно физичко присуство на пратениците во просториите на Собранието.

Меѓутоа, опозицијата се спротивстави на донесувањето на овие промени со тоа што терминот *присуство* што се користи во соодветните акти со коишто се регулираат процедурите во Собранието го протолкува како *физичко присуство* и суштински елемент од работењето на Собранието. На 18.3.2021 година, предлогот е повлечен од понатамошна расправа и одлучување во Собранието (Собрание на РСМ, 2020).

Наместо наоѓање на алтернативни начини на работа, Собранието донесе одлука за промена на салата во којашто се одржуваат седниците. Меѓутоа, направената промена значеше и исклучување на јавноста од пленарните седници (поради неможноста новинарите и јавноста да присуствуваат во салата што беше предвидена), како и измена во гласањето (поради тоа што во новата сала нема систем за електронско гласање).

Дотолку повеќе, дури и во ситуација кога дел од пратениците поради тоа што се наоѓаат во карантин не можеа да присуствуваат на седниците на Собранието, не беше отворено прашањето за алтернативни начини на присуство/гласање/објавување на работните обврски, туку тие доаѓаат само за да гласаат, облечени во скафандери (заштитна облека) (Фокус, 2020; Е-магазин, 2020).

## 3. Процедурални решенија на работните тела на Собранието на Република Северна Македонија

Ако се има предвид дека работата на работните тела/комисиите на Собранието претставува значаен елемент од работата на Собранието, но и дека според својата големина и флексибилноста на состанување многу лесно може да биде изведувана во целост или делумно на далечина, останува нејасно зошто ова не е применето и во Собранието на Северна Македонија.

Изненадува целосното отсуство на интерес на дневен ред да се постави можноста за наоѓање на алтернативни начини на работа. Во ниту едно од работните тела нема податоци дека е почната ваква дискусија или дека се дадени предлози за поинаков начин на работа, кој ќе овозможи активности и во време на прогласена вонредна, односно кризна состојба.

Ако се има предвид дека работните тела/комисиите претставуваат едно од клучните места во структурата на власта каде што граѓаните и цивилното општество можат директно да се вклучат во процесите на одлучување и да дадат значаен придонес во донесувањето на легислативата, продолжителното нефункционирање на овие тела поради пандемијата ја доведува во опасност целокупната структура на демократското владеење и одлучување.

Во Собранието на Република Северна Македонија не се издвоени никакви посебни средства и не е обезбедена техничка поддршка со кои-што би се овозможило непречено функционирање на работните тела/комисиите и во услови на пандемија.

Според податоците со коишто располагаме, работните тела не воспоставуваат посебни процедури со коишто би обезбедиле функционирање на далечина и комуникација со граѓаните и цивилното општество. Ова посебно се одрази на јавноста во нивното работење, „како посебен проблем се покажа неможноста од медиумско покривање на комисиските седници, каде што, всушност, се водат главните расправи за законите. Комисиските седници, вообичаено, не одат во живо, а се пренесуваат на Собранискиот канал неколку часа по завршувањето на седницата, без да се знае точно и предвреме во колку часот ќе биде преносот. Честопати, преносите се емитуваат попладне, кога веќе голем дел од телевизиите завршиле со централните вести, а весниците се во печат, така што случувањата на комисиските седници, во екот на пандемијата, главно остануваа медиумски непокриени“ (Мицоска, Исмаили, 2021, 6).

Наспроти ова, значаен број држави, токму во услови на отежнато функционирање на парламентите, ја зајакнуваат работата на комисиите и на другите работни тела (Дево, Швецова, Бејкер, 2021, 7). Според податоците од други држави, парламентарните работни тела ја имаат флексибилноста што не е карактеристична за парламентите (како погломазни тела).

Ваквиот начин на работа не само што го намалува учеството на граѓаните во процесите на расправа и одлучување туку ја намалува и можноста за елементарно информирање на јавноста за случувањата при донесување закони од исклучителна важност за сите или за поширок круг граѓани.

Во Северна Македонија не е образувана ниту посебна комисија која би го менаџирала работењето на Собранието.

Во ниту еден момент, ниту Собранието ниту работните тела не формулираат посебни процедури за комуникација на пратениците со граѓаните. Едноставно, целокупната работа е ставена во рацете на Владата (за време на прогласената вонредна состојба), односно се решава со драстично намалена активност (во време кога веќе не е на сила вонредната состојба).

Доколку се суди според непроменетите процедури на работа (отсуството на специфични нови начини на комуникација), работните тела на Собранието не ја приспособија својата работа во услови на пандемија на начин што ќе обезбеди да се слушне гласот на граѓаните и тој да остане во центарот на вниманието на секој пратеник (Мицоска, Исмаили, 2021).

Намалениот обем на работа, отсуството на комуникација со пошироката јавност, неодржувањето седници, не се одразува на редовните и на вонредните бенефиции на пратениците и на сите вработени во Собранието.

## 4. Верификација на одлуките на Владата

Во изминатиот период во Северна Македонија се направени неколку анализи на правните аспекти поврзани со пандемијата и, пред сè, донесувањето на Уредбите со законска сила од страна на Владата (Хаџи-Зафиров и др., 2020).

Во овие текстови се анализира обврската на Собранието (од материјален, но и од процедурален аспект) да ги верификува одлуките (уредбите со законска сила) што се донесени од страна на Владата (по завршувањето на периодот кога Собранието од различни причини не се состанувало).

Од овие анализи произлегува дека не само што Собранието не ги верификувало донесените уредби туку и дека нема јасни/прецизни одредби со коишто ќе се обезбеди ова (било од материјален или од процедурален аспект)[6].

Отсуството на прецизна процедура во којашто ќе биде дефиниран можниот опсег на уредбите со законска сила, суштинските елементи што мораат да ги содржат, областа што ја покриваат, времетраењето и начинот на нивна верификација или поништување (со последиците што би следувале од актот на поништување) создаваат ситуација на целосна правна несигурност и отвораат можност за дезавуирање на целокупниот демократски систем на донесување одлуки.

Владата на Република Северна Македонија донесе 250 уредби со законска сила за време на вонредната состојба, во периодот од 18 март до 22 јуни 2020 година (Министерство за правда, 2021) (без постоење на јасна и прецизна процедура за нивно донесување, дејствување и начин на верификација).

Во дел од расправите и научните и стручни анализи направени во врска со правните основи на донесувањето и примената на уредбите со законска сила (Камбовски и др., 2020), многу јасно е образложен ставот дека „...генералната надлежност на Собранието, која се враќа со полн капацитет по престанокот на вонредната состојба, треба да се појде од становиштето дека Собранието донесува закон (или закони) со којшто ги потврдува или ги исклучува уредбите од правниот поредок како екстразаконски прописи, го уредува траењето на нивното дејство, последиците што се предизвикани со нив итн.“

Во дел од овие анализи се поставува прашањето за потребата од запирање на работата на Собранието во услови на вонредна состојба (Камбовски и др., 2020), односно отсуството на јасни параметри врз основа на коишто ќе се утврди дека Собранието не може да ја врши својата функција. Меѓутоа и во овие анализи не се оди чекор понатаму во насока на утврдување потреба од такви процедурални решенија со коишто ќе се минимизира бројот на вакви ситуации и донесувањето уредби со законска сила ќе стане апсолутен исклучок дури и во случаи на пандемија или други околности поради коишто е оневозможено физичко присуство на пратениците во просториите на Собранието.

## Заклучни белешки и препораки

Собранието на Република Северна Македонија не најде соодветен начин да ја продолжи својата работа за време на пандемијата со КОВИД-19 како демократско, транспарентно тело што ја има клучната улога во донесувањето на законите, контролата на извршната власт и претставувањето на потребите и интересите на граѓаните.

[6] „Домашниот правен систем не содржи дополнителни правила за уредбите со законска сила. Не постојат одредби кои се однесуваат на видот, целите, намената, правното дејство или, пак, временското важење на уредбите“ (Хаџи-Зафиров и др., 2020).

Под закрилата на различни изговори (неможност да се состане по распуштањето заради закажаните вонредни избори, спротивставување на опозицијата на промени на Деловникот заради толкување на терминот „присуство“), но и со целосно неразбирање на потребата од какви било промени (што многу јасно произлегува од ставовите на пратениците во врска со нивото на транспарентност на Собранието во услови на прогласена пандемија) (Мицоска, Исмаили, 2021), не се направени никакви процедурални промени во работењето на Собранието.

Како резултат на ова, се држат помал број седници (на Собранието и на работните тела), расправите се нетранспарентни, намалено е учеството на јавноста во процесите на одлучување, извршната власт не е соодветно контролирана, со уредбите со законска сила се донесени законски промени што не се верификувани од страна на Собранието.

Специфичната ситуација создадена со прогласувањето на пандемијата од КОВИД-19 на светско ниво треба и може да биде искористена во насока на такви промени во процедурите што ќе одговорат како на специфичните барања на ваква или слична конкретна ситуација, така и на други ситуации што можат да имаат придобивки од донесените процедури.

Промените што може и треба да бидат воведени можат да бидат направени како со промена на Законот за собрание и Деловникот за работа на Собранието, така и со интервенции во дефинирањето/толкувањето на процедурите.

Отсуството на вакви промени значи дека Собранието и во иднина ќе се судира со проблем на соодветно функционирање и остварување на надлежностите во специфични ситуации кога е отежнато или оневозможено физичкото присуство на пратениците, но и кога постои отсуство на желба за промена што може да го направи Собранието поефикасно, поевтино, потранспарентно и поблиско до граѓаните и во нормални услови.

Според досегашните искуства од други држави, можат да се издвојат неколку решенија за коишто може да се отвори расправа во Собранието на Северна Македонија:

- промена во толкувањето на терминот „присуство“, која ќе подразбира учество во расправа и во процесите на одлучување, а не физичко присуство во конкретна просторија;
- широка дигитализација на работењето и на законодавната и на извршната власт и искористување на ИТ-системите во таа насока;
- воспоставување на видеоконференциите како вообичаен начин на комуникација (во Собранието и со граѓаните);
- комбинирано присуство на пратениците (физичко и на далечина);
- предизвици на работата од далечина (заштита на податоците, слобода на говор и имунитет, гласање, соодветна и уедначена техничка поддршка, дебатирање и др.);
- посебни бенефиции од работата на далечина за работните тела на Собранието.

## II МАТЕРИЈАЛНИ АСПЕКТИ

### 1. Хронологија, акти и контекст на вонредните околности и состојба

Пред да се завлезе во материјалната страна на собраниското работење, потребно е да се прикаже контекстот на околностите.

Со оглед на залетот на пандемијата, непознаниците во однос на развојот на состојбите и негативните импликации по сите општествени сфери, нужно беше дејствување од страна на институциите на државата. Логично, како носител на извршната власт, првенствено Владата на РСМ изреагира со првиот обврзен акт, а тоа е Одлуката за мерките за спречување на внесување и ширење на коронавирус COVID-19, донесена на 12 март 2020, со важност до 24 март 2020 година. Со неа се забранија одржувањето настава во целиот воспитен и образовен процес на сите нивоа, работата на културните објекти, вонннаставните активности, масовните собири и на отворен и на затворен простор, користењето на сите спортски сали, базени и сл., работата на угостителски објекти од 18 до 7 часот наредниот ден (работа со преполовен капацитет), одржувањето на групни настани како семинари, конференции и обуки се забрани за институциите од јавната управа, се укажа на истото за ЕЛС, а се препорача за приватниот сектор. Исто така, се забрани користење на годишни одмори, отсуства, се вратија специјализантите во матичните установи, се забрани извоз на медицинска опрема потребна за справување со КОВИД-19, понатаму, организиран превоз кон ризични земји и влез на странци од земји со висок ризик (СВРСМ 62/20). На 13 март, Владата донесе одлуки за затворање на два гранични премина, за постоење на кризна состојба во општините Дебар и Центар Жупа со траење од 30 дена и се активираше Главниот штаб при Центарот за управување со кризи со постојано заседавање, а на 16 март се затворија сите гранични премини и меѓународниот аеродром во Скопје (СВРСМ 63/20). Во овој дух беше носена целата наредна регулатива за време на вонредната состојба.

Имено, Претседателот на Републиката донесе Одлука за утврдување на постоење на вонредна состојба на 18 март 2020 година заради спречување на пренесување, ширење и справување со коронавирус COVID-19 (СВРСМ 68/20). По нејзиното трето продолжение, целосно заврши на 22 јуни 2020 година, по Одлука за утврдување на постоење на вонредна состојба заради подготовка и спроведување на предвремени избори за пратеници во Собранието на РСМ (СВРСМ 43/20), со оглед на тоа што според Одлуката за распуштање на Собранието на РСМ, тоа не може да одржи седница. Во актот на Претседателот е предвидено дека Одлуката ќе му биде поднесена на Собранието на потврдување штом тоа ќе биде во можност да се состане. Истиот ден, Собранието на РСМ донесе решение според коешто изборите ќе се одржат на 15 јули 2020 година, а сите изборни дејства што се преземени за распишување на предвремени избори за пратеници согласно изборниот законик до денот на стапување на Уредбата со законска сила за прашања поврзани со изборниот процес (СВРСМ 72/20 и 154/20) се сметаат за важечки. Роковите за преземање на преостанатите изборни дејства продолжуваат да течат од денот на престанок на вонредната состојба. Изборите беа иницијално закажани за 12 април, но потоа одложени за 15 јули.

Како што беше наведено и претходно, Собранието не се состана ниту еднаш за време на вонредната состојба, а во истиот период, Владата на РСМ донесе околу 250 уредби со законска сила (УЗС) (Министерство за правда, 2021, 4), но и други акти што се однесуваат на вонредните околности. Материјално-правната страна, односно „законодавната" контрола на овие владини акти, не беше подложена на разгледување од страна на Собранието, туку во повеќе наврати ја изврши Уставниот суд на РСМ, па дел од овие акти поништи, а за дел од нив констатираше дека нема повреда на правниот поредок. Меѓу другото, Уставниот суд донесе и одлуки со коишто се отфрлија иницијативите за поништување на одлуките на Претседателот на РСМ за утврдување на постоење на вонредна состојба (Министерство за правда, 2021, 12). Со оглед на бројот и содржинскиот опсег на Уредбите со законска сила, се поставува и прашањето во каква релација се овие акти со подоцнежните собраниски законски решенија.

## 2. Собраниска работа

На четврти август 2020 година, Собранието одржа конститутивна седница на којашто се верификуваше мандатот на идниот пратенички состав; наредниот ден, Талат Џафери, како претседавач на конститутивната седница на Собранието на РСМ, ја потпиша Одлуката за верификација на мандатот за пратениците со Собранието на РСМ (СВРСМ 198/20), а дополнително се верификуваа мандатите на осум пратеници. На 30 август 2020 година беше избрана Владата на РСМ.

Генерално, во однос на носењето закони, парламентите први беа подготвени и способни да го забрзаат потребното законодавство за решавање на вонредната состојба. Но, ова предизвика загриженост во однос на обезбедување на квалитетот на законодавството на долгорочен план, односно се јавува потреба за подоцнежен посилен надзор на нацрт-законите (Дево, Швецова, Бејкер, 2021, 7). Контрастно, Собранието на РСМ значајно се активираше по завлегувањето во кризата (и според почетокот на заседанието и според тематската определба на почетокот на работењето). Од друга страна, заеднички со другите парламенти се скратените постапки на носење закони наложени од специфичните услови (со наметнато исто прашање во однос на доследна делиберација, законски квалитет и демократичност преку процедури). Од 1 август до 16 март 2021 година, во Собранието се усвоени 101 закон, од коишто 51 по скратена постапка и 10 со европско знаменце (Речица, Јовевска Ѓорѓевиќ, 6). Општо, Собранието не ужива голема доверба од граѓаните. Додека трае пандемијата, во 2020-та, 57% од испитаниците биле умерено или целосно незадоволни од квалитетот на законите, додека сликата благо се подобрува во 2021 година, кога овој процент е 54% (Ibid., 22). Средната оценка за работата на собранието е 2,9 (од 5, каде што 5 е највисока) во 2019, а во 2020 и 2021 година е 2,6 (Ibid., 58). Во иста линија со ова е и друго истражување, според коешто (не)задоволството од работата на Собранието е на негативната страна на скалата во однос на постапките во однос на КОВИД-19 – со оценка 2,4 во јули и во август и 2,5 во септември (каде што 1 претставува целосно незадоволство, а 5 целосно задоволство). Пониски оценки имаат само Уставниот суд и ДКСК, додека највисока, а сепак умерена оценка има Министерството за здравство – 3,6, 3,7 и 3,5 за односните месеци (НДИ, ИПСОС, УСАИД, 2020, 54).

Во секој случај, откако почна да заседава новиот парламентарен состав, пленарните седници се одржуваа со одредена редовност, а се забележува и состанување на работните тела. Во тој период, Собранието донесува акти, претежно законски решенија во постојни системски закони, па многу од таквите решенија ја регулираат материјата на пандемијата или претставуваат внес на дополнителни одредби што се однесуваат на сегашни или идни пандемични и други вонредни или кризни околности. Тие ќе бидат прикажани во наредниот текст.

### 3. Предизвици на материјалното собраниско дејствување: категории лица, области и сектори погодени од кризата предизвикана од пандемијата со КОВИД-19

Од исклучителна важност е да се утврди кои сектори и категории лица најтешко биле погодени од кризата, бидејќи токму на нив треба да се фокусира Парламентот при донесувањето на законската содржина насочена кон ублажување на предизвиците од вонредните околности, како во актуелниот момент, така и на потрајна основа, во смисла на предвидување решенија за идни критични околности.

Кризата создадена од КОВИД-19 на светско, европско и национално ниво предизвика поместување на јавни здравствени, социјални, образовни и други политики, преиспитување концепти во однос на одредени економски сектори, работни парадигми, иновации, дигитализација, климатски промени, ранливи групи граѓани, особено жените и прекаријатот, а и во однос на дејствувањето на централните и локалните власти.

На глобално ниво, до третиот квартал од 2020 година, најмногу работни места се изгубени во најтешко погодените сектори: туризам, сместување и угостителство, уметност и култура, трговија и градежништво (ILO, 2021, 2). Загубите беа релативно поголеми за младите работници, жените, самовработените и работниците со средни и ниски вештини. Сето ова води до зголемување на нееднаквоста во рамките на самите земји и до нееднакво заздравување (Ibid., 2). Идентичните дејности беа најпогодени и во ЕУ (European Commission, 2021, 1), а оваа состојба во најголема мера се пресликува и во РСМ.[7] Ваквата појава влијае врз пазарот на работна сила и, соодветно, врз расположливиот доход на домаќинствата и на активноста на деловните субјекти (Мицевска Лазарова, 2020, 5).

Имено, кај најпогодените сектори најмногу се присутни прекаријатни работници, што дополнително го зголеми товарот на пандемијата. Поголем дел од нив во РСМ се соочија со намалување на работното време и на платите, наместо отпуштање; меѓу-

[7] Извесни разлики можат да се забележат во некои формални статистички податоци, на пример, според промената во нето-платата, според ДЗС, најголеми губитници од кризата предизвикана од пандемијата се: објекти за сместување и сервисни дејности со храна –23,18%; уметност, забава и рекреација –19,53%; стручни, научни и технички дејности –16,11%; преработувачка индустрија –10,52% и транспорт и складирање (Ристевска, 2020, 54). За разлика од светот и ЕУ, каде што градежништвото доживеа пад меѓу првите гранки, во РСМ тоа според загуби на нето-платите е дури на десеттото место. Сепак, тука би се оградиле поради карактеристичниот непријавен приход и нестандардизираните работни договори на градежните работници.

тоа, сепак, 54 илјади нископлатени работни места ги снема за време на пандемијата. Поради пандемијата снема речиси 23 илјади неформални работни места, но не сите изгубени (Бриф 50, 4,). Имено, во вториот и во третиот квартал од 2020, околу 26 илјади работни места беа изгубени кумулативно во споредба со првиот квартал од 2020 година, односно во просек околу 7,5 илјади работни места споредено со истиот период од 2019 година. Изгубените работни места најчесто се помеѓу нископлатените работници без писмен договор за вработување, од коишто значаен дел домашни платени работници (Бриф 50).

Пандемијата со КОВИД-19 предизвика македонската економија да се намали во просек за 9,1% во вториот и во третиот квартал од 2020 година. Во земјоделскиот сектор, движењата беа обратни: производството во секторот, во истиот период, порасна за 4,6%, но беа изгубени приближно 20.776 работни места. Како резултат, одработените часови се намалија за 28%, а доходот од плати за 16%. Оттука, земјоделските работници беа и најсилно погодени од кризата со КОВИД-19 (и најмалку заштитени од владините мерки). Најмногу работни места, и оттука работни часови, се изгубени меѓу младите земјоделски работници (Бриф 46, 15-29). КОВИД-19 имаше одраз на зголемување на сиромаштијата, иако во текот на 2021 состојбите полека се враќаат на ниво на 2019 година (Madzarevic-Sujster, Record, Lowden, 2021, 8).

Понатаму, погодени беа родителите кои немаа можности за домашно школување на децата, со оглед на нивните работни обврски што не дозволуваа родителите да ги заменат училиштето и наставниците (Ристеска, 2020, 25).

Пандемијата со КОВИД-19 имаше значителни импликации врз жените и родовата нееднаквост. На светско ниво, според загубата на работни места, жените се покажаа како 1,8 пати поранливи од мажите во време на пандемија (World Economic Forum, 2020). Иако и мажите и жените доживеаја зголемување на неплатената работа, кај жените товарот е значително поголем во смисла на домашни активности, купување, грижа за деца и повозрасни на коишто им треба нега и слично (UNWOMEN, 2020, 4-6). Ова ги зголемува сиромаштијата и исклученоста кај жените.

Истите пандемични ефекти се забележаа и кај жените во РСМ, каде што жените се позастапени во услужни, негувателски, образовни и здравствени дејности. Во секторот на здравствена заштита, дури 74% од вработените се жени, па ризикот од изложеност на зараза е поголем (Дониновска, Усинов, 2021). Според Агенцијата за вработување дошло до зголемување од 15,12% во невработеноста кај жените споредено со податоците за периодот пред кризата од 29 февруари 2020 година, а стапката на невработеност кај мажите пораснала за 13,97% во истиот период (Ристеска, 2020, 51). Жените кои не беа регистрирани како вработени, но беа активни на неформалниот пазар на труд, нагло ги изгубија работата и приходите. Особено жените Ромки се соочија со најголеми тешкотии (Ристеска, 2020, 52). Во пандемичниот период, но особено за време на мерките за ограничување на движењето и седењето дома, има значително зголемување на бројот на случаи на семејно насилство. Според поднесените претставки, МВР евидентирало пораст на случаите за 44,6%, а и два случаја на фемицид (Ристеска, 2020, 59-60).

Лицата кои живеат во рурална средина почесто се соочуваат со тешкотии во пристап до услуги за заштита од семејно насилство споредено со лицата од урбаните

средини и поретко се одлучуваат да го пријават насилството (Дониновска, Усинов, 2021). Но, и поопшто, за руралните жени се проблематични пристапот до социјални институции и секаков вид услуги, големиот товар на земјоделска и домашна работа и здравствените проблеми, вклучувајќи и такви со бременост (Тошева, 2021). Дел од таквите ограничувања сериозно се одразија на здравјето и на репродуктивните права што не се сметаа за итни и како такви не им се обезбедија во пандемијата (од стоматолошки услуги до абортус) (Ристеска, 2020, 23-24).

## 4. Материјалната страна на актите на Собранието за адресирање на потребната материја

Содржината на собраниските акти ќе биде обработена според, како што беше наведено, важноста на субјектите кои беа затангирани од кризата со КОВИД-19 и најпогодените сектори и категориите лица, со цел да се утврди соодветноста на собранискoто материјално дејствување.

### 4.1. Државни системи, безбедност, институционално и правно справување со кризи и вонредни околности

Кризата со КОВИД-19 е сеопфатна криза, па го поттикна прашањето за внес на одредби за државните институции, власти и потсистеми.

Првите УЗС од март 2020 година се однесуваат на правосудниот систем и на сродни прашања.[8]

Потоа, со различни одлуки и измени и дополнување на првобитните, беа регулирани, односно ограничени движењето и групирањето на физичките лица и движењето на возилата, во различни периоди на различен начин (саатница, категории граѓани, внатрешно или прекугранично движење). Овие одлуки беа донесувани во текот на целиот период на вонредната состојба.

Со УЗС беа ограничени и јавните собири, се утврдија заштитата и спасувањето, а се донесоа ваков тип акти од страна на Владата и за различни аспекти и институции од државниот систем, одредени административни и управно-правни прашања, улогата на посебни државни елементи, на пример Армијата, во справување со вонредните околности, прашањата за изборниот процес, за заштита на населението од заразни болести за време на вонредна состојба (тука спаѓа карантинот) и, општо, здравствената заштита. Донесени беа и ред други уредби што опфаќаа прашања тесно поврзани со општествената и граѓанската организација, заштитата на јавното здравје и специфичните околности.[9]

[8] На пример, беа донесени Уредба со законска сила за примена на Законот за вештачење за време на вонредна состојба, Уредба со законска сила за примена на Законот за правосудниот испит за време на вонредна состојба, Уредба со законска сила за примена на Законот за медијација за време на вонредна состојба, Уредба со законска сила за примена на Законот за нотаријатот за време на вонредна состојба (СВРСМ 70/20), Уредба со законска сила за роковите во судските постапки за време на вонредната состојба и постапувањето на судовите и јавните обвинителства (СВРСМ 83/20).

[9] Како пример за други уредби од посебен карактер е Уредбата со законска сила за организирање авионски превоз на македонски граѓани со моментален престој во странство на територија на РСМ за време на вонредна состојба (СВРМ 77/42, март 2020 година).

Понатаму, Собранието донесе Одлука за одобрување на продолжување за рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на РСМ заради заштита од илегална миграција и заштита на јавното здравје во услови на постоење на пандемија прогласена од СЗО за коронавирусот COVID-19 и спречување од негово ширење заради висок ризик и зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти на територијата на РСМ (Седница 6, СВРСМ 241/7, октомври 2020 година).

За разлика од деталното регулирање на сите акутни прашања за правосудниот систем, постапките, управно-правниот и други сродни во даден момент од страна на Владата со УЗС, законски интервенции во оваа смисла не постојат како посебни од страна на Собранието.

Еден парцијален аспект на проблематиката е тоа дека многумина сметаат дека на преден план испливува потребата за адресирање на правниот систем што се однесува на управувањето со кризи, во којшто проминентни прописи во оваа област се Законот за управување со кризи (СВРСМ 29/05, дополнуван и менуван до 83/2019), додека одредени правници инсистираат на регулирање на материјата со Закон за вонредна состојба; проф. Тупанчевски потсетува и на Законот за заштита на населението од заразни болести (СВРМ 66/04, дополнуван и менуван до 37/16) како *lex specialis* во оваа ситуација, кој, според него, би требало да претставува многу соодветна „алатка" во оваа сфера како во превенирањето, така и во спречувањето на поведенијата што имаат деликтен карактер, а назнаката им е медицинска. Имено, во него се уредени постапката за прогласување епидемија (чл. 56) и дефинирањето на одредени поими што се неопходни за пополнувањето на казнено-правните бланкетни норми (на пример, дефинирањето на поимите *епидемија*, *заразна болест*, *инфекција*, *карантин* итн.). Истиот закон содржи и прекршочни одредби, каде што се предвидени парични казни (глоба) како за физички, така и за правни лица, па проф. Тупанчевски смета дека употребата на прекршочната постапка се чини дека е многу побрза и ефектите можат да бидат многу поголеми од кривичната постапка (из. Коевски, 2020, 9). Патем, предлог на Законот за вонредна состојба беше поставен на ЕНЕР на 13.12.2021 година.

Друго што се замерува во однос на улогата на Собранието во пандемија е дека има право од независните надзорни и контролни тела да побара да подготвуваат посебни извештаи или во нивните годишни извештаи да вклучат и делови што се однесуваат на надзорот и на контролата за време на вонредна состојба, како и за влијанијата од КОВИД-19 во областите што спаѓаат во нивна надлежност за контрола (Лембовска, Нечеф, Раф, 2020, 24). Кризата со КОВИД-19 значително ги намали можностите за институциите во Република Северна Македонија да спроведуваат консултации со засегнати страни. Според интервјуата на одредено истражување, јасно е дека тие обиди, главно, биле преземани од страна на Владата, како и од Претседателот на Републиката (Ibid., 28). Значи, јавната расправа што би требало да биде инхерентен дел од делиберативниот процес доаѓа во втор план кај Собранието во овој период. Таа дејствува како процедурален аспект, но е најдиректно поврзана со материјалните аспекти на работата на Собранието, односно со она што се преточува во закони. Дополнителен став во овој контекст произлегува од труд на ФЕС што наведува дека постои потреба од измена на легислативата според којашто работи Собранието, со цел да се овозможи целосна функционалност во ситуација на вонредни околности, како

и потреба од дополнително техничко опремување на Собранието (Гркова, 2020, 19).

Општо, детектирана е потреба за подигнување на правното ниво што обезбедува функционалност на институциите во време на криза или вонредни околности.

### 4.2. Економски аспекти

Многу земји одговорија со решавање на економските влијанија на пандемијата врз ранливите заедници со фискални и со монетарни политики. Преку фискалната политика, парламентите имаат простор да влијаат врз одговорите на владите што се однесуваат на економското влијание на кризите. Поточно, фискалните политики му овозможуваат на Парламентот да одобрува распределба на ресурсите врз основа на потребите и приоритетите на граѓаните (Чилаг, Печефски, Дево, Бејкер, 2021, 10-13). Некои мерки преземени за време на пандемијата со КОВИД-19 имаа цел да обезбедат побрзо олеснување на погодените бизниси, семејства, маргинализирани заедници и поединци, а други имаа цел да ја зајакнат економската активност во општи рамки (Ibid.).

За време на вонредната состојба, Владата донесе УЗС за справување со пандемијата за посебни економски мерки[10] и, поопшто, фискални материјални и процедурални прашања, монетарни, буџетски и други финансиски прашања што се однесуваат на централната власт, локалната власт, банките и приватните лица. Се донесоа и УЗС за работи поврзани со функционирање на приватниот сектор како облигациски односи, трговски друштва и стечај. Донесени беа УЗС за туризам, превоз, градежни, инфраструктурни и водоснабдувачки и електроснабдувачки прашања, земјоделство итн. Дополнително, беа опфатени и други сегменти, како спорт и култура.

Во октомври 2020 година, Собранието донесе Закон за задолжување на РСМ со заем кај МБОР – Светска банка по договорот за заем за финансирање на проектот за итно справување со КОВИД-19 во РСМ (СВРСМ 248/2020). Кратко потоа, се носат ИД на Буџетот на РСМ за 2020 година, според коишто се планирани за 4,1% поголеми расходи во однос на планот и се менуваат расходните ставки, согласно четвртиот сет мерки на Владата за справување со пандемијата, а со цел намалување на помалку продуктивните трошења. Платите остануваат на исто ниво, расходите за стоки и услуги се планирани за околу 0,8 милијарди денари помалку. Овде се предвидуваат тековни трансфери повисоки за околу 11,2 милијарди денари од планот за 2020 година, пред сè наменети за имплементација на економските мерки на Владата за справување со кризата предизвикана од пандемијата. Четвртиот сет мерки се потпира на три столба: 1) наменет за граѓаните, социјален сегмент; 2) приватен сектор, за активности поврзани со ликвидност, финансиска стабилност и економско заздравување и 3) фискална и финансиска стабилност на целата економија, вклучувајќи ја и таа на општините. Овде се издвојуваат мерките П1 – поддршка на плата со надомест од минимална бруто-плата во компании што имаат пад

[10] Само илустративно, Уредба со законска сила за финансиска поддршка на работодавачите од приватниот сектор погодени од здравствено-економската криза предизвикана од КОВИД-19 заради исплата на платите за месеците април и мај 2020 година. Работодавачите се поддржуваат со најмногу 14.500 денари месечно, по работник, согласно работно време за април и мај, доколку му се намалил приходот за најмалку 30% во однос на месечниот просек за 2019 година (СВРСМ бр. 93/7, април 2020 година).

на приходи поради пандемијата, домашна платежна картичка за ранливи категории погодени од КОВИД-19 за домашни производи и услуги кај погодените сектори, со целна група невработени лица, пензионери со пензија под 15.000 денари, стечајни работници, самохрани родители, самостојни уметници, филмски и естрадни уметници и млади лица. Се предвидува и поддршка за производители на грозје и вино, туристички водичи како самостојни вршители на дејност, понатаму враќање на туристичка такса, македонски шопинг-викенд, државна гарантна шема и царинска гаранција преку развојна банка, грантови за туристички агенции, игротеки и ресторани за свадби (СВРСМ 262/20).

Во ноември, Собранието носи и Закон за ИД на Законот за ДДВ, со којшто се предвидува ослободување од ДДВ, прометот на добра и услуги што како донација се дадени на буџетски корисник за справување со КОВИД-19, понатаму прометот на добра и услуги извршени кон буџетски корисник заради справување со вирусот што се плаќа со финансиски средства од примени донации на буџетски корисник (чл. 1, СВРСМ 267/20). Се предвидува олеснување и за занаетчиски услуги, а повластена даночна стапка од 10% се применува и за продавање храна и пијалаци за консумација на лице место и кетеринг, со исклучок на алкохолни пијалаци (чл. 4, СВРСМ 267/20).

Истовремено, се носи и Закон за финансиска поддршка на физички лица кои вршат самостојна дејност погодени од здравствено-економската криза предизвикана од КОВИД-19, за месеците октомври-декември 2020 година (чл. 2). Се предвидува финансиска поддршка за наведените лица во износ од 17.410 денари месечно, под услов месечниот просек од април 2020 година, заклучно со септември, октомври или ноември, да е намален за најмалку 30% (чл. 3) или доколку има нето-доход пред оданочување поголем од 478.800 денари или, пак, се оданочува според годишен паушал (чл. 4). Исто така, за времетраење на мерката, физичкото лице кое врши самостојна дејност и е нејзин корисник, не смее да престане со вршење на дејноста, освен во случај на пензионирање или смрт (чл. 5, СВРСМ 267/20).

На истата седница се носи и Закон за финансиска поддршка на работодавачите погодени од здравствено-економската криза предизвикана од КОВИД-19 заради исплата на платите октомври, ноември и декември 2020 година. Предвиден е износ од најмногу 21.776 денари месечно по работник, а исто како и за претходниот закон, предвидени се услови за остварување на поддршката со слични параметри (СВРСМ 267/20).

Во декември се носи Закон за ИД на Законот за данокот на добивка, кој предвидува даночно олеснување за трошоци врз основа на уплатени премии за дополнително здравствено осигурување над износот на една просечна месечна бруто-плата, исплатена во претходната година во РСМ на годишно ниво по вработен, како и за платени лабораториски тестови за КОВИД-19 за вработени лица во износ поголем од 9.000 денари на годишно ниво по вработен (чл. 1, СВРСМ 267/20). Обврзниците на данокот на добивка што имаат претрпено штети во своето работење поради ширење на коронавирусот имаат право на ослободување од плаќање на износот на аконтациите на данокот на добивка за ноември и декември 2020 година, како и за јануари и февруари 2021 година, под одредени услови слични на претходните закони. Малите и микротрговците се ослободуваат од плаќање на годишен данок на вкупен приход, под услов

вкупниот приход од 2020 година да не надминува 5.000.000 денари и да не бидат трговски друштва што извршуваат банкарска, финансиска и осигурителна дејност и дејност на среќа и забавни игри (СВРСМ 290/20). Истоветни решенија се донесени и со истовременото усвојување на Законот за ИД на Законот за данокот на личен доход.

Собранието носи и посебен Закон за финансиска поддршка на граѓани со низок доход, корисници на пензија, корисници на право на социјална сигурност на стари лица, млади лица, самохрани родители, деца без родители и родителска грижа, уметници и други лица кои вршат дејност во културата, филмски работници и естрадни уметници. Се поставуваат услови за секоја категорија во однос на плафонот на заработувачка, со цел да бидат соодветни за мерката. Помошта е еднократна и изнесува 6.000 денари по лице (СВРСМ 290/20).

Беше донесен Закон за финансиска поддршка за намалување на последиците предизвикани од коронавирусот врз производството, откупот на грозје и винската индустрија (СВРСМ 290/20), а имаше и сличен внес во одредбите на Законот за тутун.

На крајот на декември, се усвои Буџетот на РСМ за 2021 година. Ова е многу специфичен буџет, приспособен на пандемијата, кој ги адресира сите клучни предизвици. Во буџетските цели се наведуваат зајакнување на финансирањето на системот на здравствена заштита и зачувување на здравјето и животите на граѓаните и поддршка на економската стабилизација и поставување темели за економско заздравување и забрзан раст (СВРСМ 307/20). Еден од наводите во Буџетот е дека фискалната консолидација опфаќа три аспекти, од коишто еден е кратење на неприоритетните и несуштинските трошоци (СВРСМ, Буџет на РСМ, 3).

Според Буџетот за 2021 година, Стратегијата за економско заздравување и забрзан раст е составена од четири столба: 1) економско заздравување од КОВИД-19, кој ги опфаќа приоритетите заштита на здравјето на граѓаните и социјална заштита на најзагрозените категории од општеството и поддршка на економијата, приватниот сектор и заштита на работните места; 2) забрзан инклузивен и одржлив економски раст; 3) зајакнување на конкурентноста на приватниот сектор и 4) развој на човечките ресурси и еднакви можности, преку коишто ќе се обезбедат макроекономска стабилност и финансиска одржливост, заздравување на економијата и забрзување на економскиот раст (Ibid.).

Стратешките приоритети на Владата за 2021 година претставуваат основа за среднорочната фискална политика, меѓу коишто се и справување со светската пандемија предизвикана од КОВИД-19. Од расходите за 2021 година, поточно од тековните трансфери и субвенции, планирани се 34,4 мил. денари што се реализираат преку Фондот за здравствено осигурување и во најголем дел се наменети за финансирање на здравствените услуги, мерките за заштита од пандемијата и достапност на лековите за населението (Ibid., 13).

Значи, како декларативно, така и според ставките во Буџетот, вложени се значителни напори кон таргетирање на ранливите сектори и граѓани кои биле најпогодени од пандемијата. Фискалните заложби се наменски насочени кон проблематичните точки. Меѓу другото, неформалните работници имаа можност да искористат брзо влегување во системот на гарантирана минимална помош. Сепак, освен мерки и политики за ублажување на непосредните последици од пандемијата, темелно треба да

се разгледаат структурни промени што ќе го направат пазарот на труд побезбеден, поправеден и поефективен при идни кризи и шокови (Туманоска, Петрески, Петрески, 2021, 62-64).

Генерално, економските мерки се перципирани од граѓаните како корисни, но во ограничена мера и како злоупотребени во значителна мера во приватниот сектор (НДИ, ИПСОС, УСАИД, 2020, 36). Од друга страна, приватниот сектор сè уште се соочува со тешкотии. Испитаниците кои во своето домаќинство имале член вработен во јавната администрација изразиле помала загриженост отколку учесниците кои имале членови во семејството вработени во приватниот сектор и во секторите погодени од КОВИД-19 (Ibid., 34).

Сепак, постојат и елементи од Буџетот што се во извесна мера контрадикторни на првобитниот израз дека тој е насочен кон кратење на неприоритетни трошоци. Илустративно, за Агенцијата за примена на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните на РСМ, од Буџетот биле алоцирани 46.078 денари, а споредбено, за Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен – 50.999 денари, за ДКСК – 60.939 денари и за Уставен суд – 47.480 денари (Буџет на РСМ за 2021 година, СВРСМ 307/20). Дополнително, буџетирањето не содржеше ниту родови буџетски изјави ниту соодветни родови податоци. Тоа не значи дека заложбите за санација на проблемите од кризата со КОВИД-19 не се родово-сензитивни, туку едноставно дека нема априорни податоци.

Сумарно, закрепнувањето во 2021 од рецесијата во 2020 година предизвикана од КОВИД-19 има поголема стапка од очекуваната, со подобри перформанси во вториот квартал од 2021 година, кои се должат на комбинација на домашно отворање, што овозможува туризам и поволни околности за регионалните извози. Сè уште се чувствува потребата за внимателно следење на пазарот на трудот, иако Македонија нема формално зголемување на невработеноста. Програмите за поддршката на вработувања како одговор на импактот на КОВИД-19 помогнаа за ублажување на ударот, но севкупното закрепнување нема да биде лесно, особено за жените и за младите (Madzarevic-Sujster, Record, Lowden, 2021, 4). Неколку анализи се на истата позиција, дека поради институционалните заложби дошло до ублажување на економскиот удар од кризата, особено на пазарот на труд.

### 4.3. Образование

За време на вонредната состојба, беа донесени уредби со законска сила за сите степени на образование. Главна карактеристика им беше предвидувањето на далечинско учење преку средства за електронска комуникација, а беа опфатени и ученичкиот и студентскиот стандард и учебниците во основно и средно образование. По завршувањето на вонредната состојба, за режимот во образованието сè уште беше активна Владата, која, меѓу другото, во септември го донесе битниот Протокол за постапување во основните училишта во РСМ за физичко присуство во учебната 2020/2021 година (СВРСМ 212/20).

Во втората половина на септември 2020 година, Собранието носи Закон за ИД на Законот за основното образование со внес на одредби поврзани со вонредни околно-

сти (утврдено постоење на кризна состојба, прогласена епидемија, односно пандемија, пожари, поплави и други големи природни непогоди), училиштето организира воннаставни активности за учениците поврзани со нивниот личен, социоемоционален и психолошки развој (чл. 1, СВРСМ 229/20). По исклучок, во услови на наведениве вонредни околности, учебната година може да почне и да заврши во различно време од редовното, за што одлучува Владата, а бројот на наставни денови може да биде помал од 180, но не помал од 100, а може и да се прекинува наставата, за што одлучува Владата. Се дозволува настава и со физичко, но и далечинско присуство, со употреба на електронска комуникација (чл. 2, СВРСМ 229/20). Истоветни решенија содржат и ИД на Законот за средното образование (СВРСМ 229/20). За кратко, се усвојува и Закон за дополнување на Законот за студентскиот стандард, со којшто се предвидува дека во услови на вонредни околности (утврдено постоење на кризна состојба, прогласена епидемија, односно пандемија, пожари, поплави и други големи природни непогоди), на студентите кои конкурирале за сместување со студентски дом, а следат настава со физичко присуство или комбинирано, им се исплаќа месечна сума на средства за покривање на трошоците за приватно сместување или сума за превоз од местото на живеење, а можна е регистрација по дигитален пат (СВРСМ 248/20).

Почетоците и иницијалната организација за продолжување на наставата се контроверзна тема, но со понагласена негативна нота, а всушност постои и различна практика за истото низ Македонија (НДИ, ИПСОС, УСАИД, 2020, 39-41). Дополнително, родителите на учениците во основно образование изразија лична неподготвеност за справување со ситуацијата, додека во повисоките образовни стадиуми, проблемите се помали, поради поголемата самостојност на учениците/студентите. Притоа, мајките беа попогодени при преминот од физичка кон онлајн-настава како поангажирани во образовните процеси, со истовремена работа „од дома“ (Ibid., 39).

Во анализираниот период, не се утврдени усвоени специфични законски решенија за функционирањето на високото образование и науката, додека основната флексибилност во однос на параметрите на функционирањето на основното и средното образование се дадени. За други аспекти е потребна подетална анализа, која е надвор од дострелот на овој труд.

### 4.4. Здравство и здравствени политики

Здравството беше опфатено од УЗС, а малку подоцна од завршувањето на вонредната состојба, во октомври 2020 година, Собранието носи Закон за измена на Законот за заштита на населението од заразни болести, во којшто се предвидува задолжително лекување на заболените од КОВИД-19 во јавните здравствени установи, а по исклучок да се лекуваат и да се изолираат во приватни здравствени установи со дозвола за вршење на интензивна нега или во домашни услови, доколку постојат услови (чл. 1, СВРСМ 257/20). Доколку во јавните здравствени установи се исполнети капацитетите за лекување на заболени од КОВИД-19, лекувањето може да продолжи во приватните установи. Се предвидуваат и времени мерки за лична и јавна заштита заради спречување на ширењето на КОВИД-19, како носење на лична заштита на

лицето, за движење на јавни површини од отворен и затворен тип, освен при спортување, самостојно возење, седење во угостителски објект според протокол, за лица под шест години и ако лицето има посебни потреби; понатаму, забрана за групирање на јавен простор и задолжителна самоизолација при тестирање за КОВИД-19 во исчекување резултати од тест. За спроведување се предвидуваат инспекциски надзор и глоби (СВРСМ 257/20).

Се предвидува и законско решение за модуларни градби на дворно место на јавни здравствени установи, односно поврзани со здравствените потреби (Закон за ИД на Законот за градење, СВРСМ 279/20), со што се интервенира во капацитетите на здравствените објекти.

Се носи Закон за ИД на Законот за лековите и медицинските средства, со којшто се додава став што ги предвидува исклучителните случаи и оправданите причини што се однесуваат на здравјето на пациентите (вонредни услови и кризни состојби што претставуваат сериозна закана за здравјето на луѓето, природни непогоди, утврдено постоење на кризна состојба и прогласена епидемија или пандемија на заразна болест и слично), кога се проширува спектарот на правни лица кои можат да стават во промет вакцина за КОВИД-19 (СВРСМ 28/21). Значи, се олеснува пристапноста до вакцини.

Граѓаните ги ценат напорите на медицинскиот персонал, со просечна оценка од 4,5 (од 5) во септември 2020 година, но истовремено, тие, иако со умерен пристап, сметаат дека во болниците нема да го добијат соодветниот третман, а и изразуваат загриженост дека поради околностите наметнати од КОВИД-19, сите преостанати пациенти се запоставувани премногу долго (НДИ, ИПСОС, УСАИД, 2020, 10).

Во областа на здравството се забележуваат обиди за собраниска интервенција во смисла на приспособување и подобрување на пандемичните состојби. Сепак, нема суштински промени во законодавството за оваа најистурена дејност во време на пандемија. Владата и Министерството за здравство останаа клучни играчи во оваа област, а и големи проблеми во неа се наоѓаат во имплементацијата на законските решенија и на севкупните дотогашни капацитети на здравствениот систем.

### 4.5. Социјални политики

За време на вонредната состојба, беа донесени многу УЗС што се однесуваат на разните социјални политики. Тие ги опфатија заштитата на децата, минималната плата, социјалната заштита, вработувањето и осигурувањето во случај на невработеност, работните односи, здравственото, пензиското и инвалидското осигурување, задолжителното социјално осигурување, вработувањето на инвалидни лица, пензиите и пензиските надоместоци. Опфатени беа мошне конкретни решенија како асистенција за лица со попреченост и постари лица, проширување на правото на платено отсуство од работа за работници-родители на малолетни деца, бремени жени и слично (СВРСМ 92/20).

На седница на 23 декември, Собранието носи Закон за ИД на Законот за социјалната заштита, во којшто кај категоријата *лица под супсидијарна заштита* се додава уште една категорија лица (чл. 1, СВРСМ 311/20). Исто, кога станува збор за домаќин-

ство што според чл. 40 од Законот за социјална заштита треба да биде исклучено од правото на гарантирана минимална помош, периодот за исклучување се продолжува за три месеци „во услови на вонредни околности, наведени и во претходните закони“ (чл. 2, СВРСМ 311/20).

Истите вонредни околности се предвидени и како основа за невршење проверка на исполнетоста на условот за присуство на најмалку 85% од вкупниот број на реализирани наставни часови со собранискиот Закон за дополнување на Законот за заштита на децата (чл. 1, СВРСМ 311/20).

Меѓу другото, актуелниот пратенички состав ги донесе Законот за спречување и заштита од дискриминација, со којшто се врши усогласување со европските стандарди (СВРСМ 25/20), и Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство (СВРСМ 24/21), како правен напредок во однос на неговиот претходник од 2014 година. Ова е извесен напредок, но многу прашања за нееднаквите услови за живот, работа, образование и достапност на услуги на жените не беа предвидени како посебни законски решенија.

Првобитно, позитивна е заложбата во критичен момент да се прошири рамката за супсидијарна заштита и минимална помош, а позитивни се и законските интервенции за предвидување на идни кризни состојби и вонредни околности во законите за социјална заштита и за заштита на децата. Сепак, посериозни законски интервенции во оваа смисла во вкупноста на законите што тангираат различни социјални политики, не се забележуваат во анализираниот период.

### Заклучни белешки и препораки за собранискoто материјалното функционирање

Материјалната страна на собранискoто функционирање, односно носење на конкретна содржина на закони во пандемија, е невозможно еднострано да се толкува, бидејќи опфаќа цели системи. Имено, потребно е формирање на работни групи за интервенција во секоја сфера од законодавството за идните начини на справување со вонредни околности. Исто така, вкупниот буџетски некапацитет на државата нужно води до помали можности за оптимално санирање на штетите од кризата и за заздравување на економијата, со доследно внимание на сите општествени потсистеми, човековите права, климатските промени и сл. Дополнително, се соочуваме со фактичка неможност на краток рок да се анализираат мерки што би требало да произведат ефекти на среден или долг рок.

Сепак, одредени заклучоци можат да бидат извлечени.

Првенствено, накратко, од моментот на активација, Собранието има неколку битни позитивни карактеристики во однос на материјалното дејствување:

– носење регулатива односна на вонредните околности;
– интервенциите во законодавството каде што се предвидува одредена примена во вонредни околности и притоа се дефинираат вонредните околности;
– опфат на суштествени прашања, особено при непроблематичното донесување на репрогамирањето на постојниот Буџет за 2020 и новиот Буџет за 2021 го-

дина, кои содржат битни карактеристики за справување со пандемијата; тука спаѓа и носење на сите клучни закони со фискален предзнак;
- базичен опфат на сите ранливи категории;
- проширување на законите за основно и средно образование со основна флексибилност во однос на параметрите на функционирање;
- законско олеснување за набавка на вакцини и акутно зголемување на физичките медицински капацитети со модуларни болници и др.

Поизразени негативни аспекти се:
- ненавремена делиберација на прашањето за посебен закон за вонредна состојба;
- неинтервенција во законите што се однесуваат на управување со кризи;
- неинтервенција во правосудниот и управно-правниот систем;
- недоволна навременост на опфатот на некои од категориите и околностите;
- субоптимална консултација при донесување закони;
- недоволна собраниска активност поврзана со независните тела;
- недоволна интервенција во законите што се однесуваат на социјалните политики и други;
- извесен несразмер во однос на алокација на несразмерни износи за неесенцијални трошоци за одржување на функционирањето на системите и справувањето со пандемијата;
- многу прашања со коишто би се намалиле нееднаквите услови за живот, работа, образование и достапност на услуги на различните категории население не беа предвидени како посебни законски решенија.

Идните законски интервенции би се однесувале на управата, здравството, образованието, социјалните политики, работните односи, државниот систем и др.

Парцијални аспекти што идните законски решенија би требало да ги опфатат би биле:
- подигање на здравствените капацитети, инфраструктурни и кадрови;
- флексибилност во процедурите при третман на пациенти во вонредни околности;
- упростување на процедурите за набавка на лекови и медицински средства во време на вонредни околности;
- обезбедување на дополнителна логистика и осмислување за комбиниран начин на работа, со физичко присуство и на далечина;
- поголема контрола на работодавците во однос на обезбедувањето на работничките права;
- поголемо формализирање на неформалните работници и обезбедување на трајни осигурителни можности за работниците со договори на определено време, несигурни и сезонски работници;
- поголема флексибилност на работата и работното место, во временска и просторна смисла;
- поголеми интервенции во сите социјални политики за предвидување на вонредни околности, со посебно внимание на лицата со неможност за сопствена грижа;

- воведување на нужни законски ослободувања на родителите со водење сметка за родовата распределба (дури и со императивна норма) за ослободување на мажите од работни активности во време на вонредни околности;
- подигање на јавноста и квалитетот на делиберативниот процес при носење закони;
- априорно предвидување на олеснителни рокови при постоење на вонредни или оправдани околности за управните и судските постапки, како и за остварување на одредени граѓански и професионални права;
- предвидување на идни можности за солидарно понесување на товарот на кризи предизвикани од *vis major* на сите вработени граѓани (јавен и приватен сектор);
- внесување на родова компонента при креирање на буџетски постановки;
- утврдување на специфични законски решенија за функционирањето на високото образование и науката.

**Севкупно, кај Собранието на Република Северна Македонија се забележува потреба за дополнителна засилена контрола на материјалната страна на законите донесени во пандемичен период, преку квалитетна делиберација и сериозна посветеност на дополнување на целокупното законодавство со соодветни одредби за подигање на нивото на функционалност и капацитет на системите при вонредни околности.**

## Библиографија


Alexandre, Z., Del Monte, M., Eckert, G., Kotanidis, S., Langova, V., & Rakovska, V. (2020). States of emergency in Response to Coronavirus crisis: Situation in Certain Member States IV. European Parliamentary Research Service. https://www.parliament.vic.gov.au/publications/research-papers/download/36-research-papers/13962-emergency-powers-public-health-and-covid-19

Alivizatos, N., Bilkova, V., Cameron, I., Kask, O., & Tuori, K. (2020). *Respect for Democracy, Human Rights and the Rule of Law during States of Emergency – Reflections.* Venice Commission. Strasbourg. https://rm.coe.int/respect-for-democracy-hu-man-rights-and-rule-of-law-during-states-of-e/16809e82c0

Ампева, К., Поповски, Н., Стаменков, Д., & Костовска, С. (2020). *Влијанието на Ковид-19 врз ниско платените и трудоинтензивни гранки.* Скопје: ФЕС. http://library.fes.de/pdf-files/bueros/skopje/16647.pdf

Venice Commission. (2020). Compilation of Venice Commission Opinions and Reports on states of emergency. Strasbourg. https://www.venice.coe.int/webforms/documents/default.aspx?pdffile=CDL-PI(2020)003-e

Грковска, С., Томиќ, Т. (2020). *Функционирање на Собранието на Република Северна Македонија во вонредни околности.* Скопје: ФЕС. http://library.fes.de/pdf-files/bueros/skopje/17205.pdf

Дево, К., Швецова, Н., & Бејкер, Т. (2021). *Парламентите реагираат на пандемија: научени лекции за планирање на итни случаи.*

ИРИ, УСАИД, НДИ, ПДПП, СДЦ. https://www.ndi.org/publications/parliaments-responding-pandemic-lessons-learned-emergency-planning-0

European Commission. (2021). The Sectoral Impact of the Covid-19 Crisis. Brussels. https://www.consilium.europa.eu/media/48767/eg-note-sectoral-impact_fin.pdf

ILO. (2021). *Monitor: COVID-19 and the world of work.* Seventh edition Updated estimates and analysis.

Камбовски, В., Павловска-Данева, А., Лажетиќ, Г., Мујоска-Трпевска, Е., & Битраков, К. (2020). Правни аспекти на вонредната состојба. Скопје: МАНУ. https://www.researchgate.net/publication/344044925_PRAVNI_ASPEKTI_NA_VONREDNATA_SOSTOJBA

из. Коевски, Г. (2020). *Правно-политички и економски дискурс во време на COVID-19. Зборник на трудови.* Скопје: УКИМ, Правен факултет „Јустинијан Први", Скопје, јуни 2020. http://pf.ukim.edu.mk/wp-content/uploads/2020/07/%D0%B7%D0%B1%D0%BE%D1%80%D0%BD%D0%B8%D0%BA-%D0%BD%D0%B0-%D1%82%D1%80%D1%83%D0%B4%D0%BE%D0%B2%D0%B8-%D0%BE%D0%BD%D0%BB%D0%B0%D1%98%D0%BD-%D0%B0%D0%BA%D0%B0%D0%B4%D0%B5%D0%BC%D1%81%D0%BA%D0%B0-%D0%B4%D0%B5%D0%B1%D0%B0%D1%82%D0%B0.pdf

Лембовска, М., Нечев, З., & Раф, Џ. (2020). *Управување со кризата како одговор на пандемијата со КОВИД-19 во Република Северна Македонија.* НДИ. https://www.ndi.org/sites/default/files/NDI%20Crisis%20Management%20%20Assessment%20%281%29.pdf

Madzarevic-Sujster, S., Record, R., & Lowden J. (2021). *Greening the Recovery.* Western Balkans Regular Economic Report, No. 20. Washington, D.C. World Bank. http://documents.worldbank.org/curated/en/900381634670558017/Greening-the-Recovery

Министерство за правда. (2021). *Анализа на искуствата на институциите за време на вонредната состојба и уредбите со законска сила.* https://pravda.gov.mk/Upload/Documents/%D0%90%D0%BD%D0%B0%D0%BB%D0%B8%D0%B7%D0%B0%20%D0%B7%D0%B0%20%D0%B8%D1%81%D0%BA%D1%83%D1%81%D1%82%D0%B2%D0%B0%20%D0%BD%D0%B0%20%D0%B8%D0%BD%D1%81%D1%82%D0%B8%D1%82%D1%83%D1%86%D0%B8%D0%B8%D1%82%D0%B5%20%D0%B7%D0%B0%20%D0%B2%D1%80%D0%B5%D0%BC%D0%B5%20%D0%BD%D0%B0%20%D0%B2%D0%BE%D0%BD%D1%80%D0%B5%D0%B4%D0%BD%D0%B0%D1%82%D0%B0%20%D1%81%D0%BE%D1%81%D1%82%D0%BE%D1%98%D0%B1%D0%B0.pdf

Мицевска Лазарова, М. (2020). *Преземени мерки за справување со економската криза предизвикана од КОВИД-19 во Република Северна Македонија и избрани држави во регионот.* Парламентарен институт. https://www.sobranie.mk/content/%D0%9F%D0%B0%D1%80%D0%BB%D0%B0%D0%BC%D0%B5%D0%BD%D1%82%D0%B0%D1%80%D0%B5%D0%BD%20%D0%B8%D0%BD%D1%81%D1%82%D0%B8%D1%82%D1%83%D1%82/8-2020.pdf

Мицоска, А., Исмаили, М. (2021). Пандемијата ја продлабочи дистанцата меѓу Собранието и јавноста. ЗНМ. https://rm.coe.int/mk-transparentnosta-na-sobranie-zavreme-na-pandemija-8-10-2021/1680a44b90

НДИ, ИПСОС, УСАИД. (2020). *Извештај „Северна Македонија КОВИД-19, Квалитативно и квантитативно истражување“.* https://www.ndi.org/sites/default/files/North%20Macedonia%20COVID-19%20MK.pdf

Парламентарен институт. (2020). *Мерки на националните парламенти и ЕП за превенција на КОВИД-19.* https://www.sobranie.mk/content/%D0%9F%D0%B0%D1%80%D0%BB%D0%B0%D0%BC%D0%B5%D0%BD%D1%82%D0%B0%D1%80%D0%B5%D0%BD%20%D0%B8%D0%BD%D1%81%D1%82%D0%B8%D1%82%D1%83%D1%82/1-2020.pdf

Петрески, Б., Петрески, М., Стојков, А., Томовска-Мисоска, А., Парнаџиева-Змејкова, М., & Димковски, В. (2020). *Премостувачки мерки за ублажување на последиците од Ковид-19.* Finance think. https://www.financethink.mk/wp-content/uploads/2020/12/Studija-za-politiki-32.pdf

Речица, В., Јовевска Ѓорѓевиќ, А. (2021). *Поглед на Собрание: Резултати од теренска анкета за перцепциите на граѓаните за работата на Собранието на Република Северна Македонија (17 февруари-10 март 2021)*, ИДСЦС. https://idscs.org.mk/wp-content/uploads/2021/04/MKDWEB_A4_Terenska_anketa_mart_2021-2.pdf

Ристеска, М. (2020). *Анализа на влијанијата од КОВИД-САРС-19 на родот и различностите.* Skopje: OSCE. https://www.osce.org/files/f/documents/1/9/480413.pdf

Тошева, М. (2021). *Положбата на руралните жени во македонското општество.* Скопје: АГРО ЛИДЕР, ФООМ. https://fosm.mk/wp-content/uploads/2021/05/polozhbata-na-ruralnite-zheni-vo-makedonskoto-opshtestvo-lag-agro-lider.pdf

Туманоска. Д., Петрески, Б., & Петрески, М. (2021). *Ефектот од КОВИД-19 врз несигурните работници во Северна Македонија, Следење на нископлатените работници, неплатените семејни работници, платените домашни работници, работниците со нетипични договори за работа и неформалните работници.* Finance Think. https://www.financethink.mk/wp-content/uploads/2021/06/%D0%95%D1%84%D0%B5%D0%BA%D1%82%D0%BE%D1%82-%D0%BE%D0%B4-%D0%9A%D0%BE%D0%B2%D0%B8%D0%B4-19-%D0%B2%D1%80%D0%B7-%D0%BD%D0%B5%D1%81%D0%B8%D0%B3%D1%83%D1%80%D0%BD%D0%B8%D1%82%D0%B5-%D1%80%D0%B0%D0%B1%D0%BE%D1%82%D0%BD%D0%B8%D1%86%D0%B8-%D0%B2%D0%BE-%D0%A1%D0%B5%D0%B2%D0%B5%D1%80%D0%BD%D0%B0-%D0%9C%D0%B0%D0%BA%D0%B5%D0%B4%D0%BE%D0%BD%D0%B8%D1%98%D0%B0.pdf

UNWOMEN. (2020). *Whose Time to Care? Unpaid Care and Domestic Work during Covid-19.* https://data.unwomen.org/sites/default/files/inline-files/Whose-time-to-care-brief_0.pdf

Хаџи-Зафиров, Ж., Коцевски, Г., Амет, С., Стојаноска, М., Петровска, Н., & Камбери. (2020). *Анализа на донесените уредби со законска сила за време на вон-*

*редната состојба во 2020.* Скопје: Центар за правни истражувања и анализи. https://www.ihr.org.mk/storage/app/media/Publications/%D0%90%D0%BD%D0%B0%D0%BB%D0%B8%D0%B7%D0%B0%20%D0%BD%D0%B0%20%D0%B4%D0%BE%D0%BD%D0%B5%D1%81%D0%B5%D0%BD%D0%B8%D1%82%D0%B5%20%D1%83%D1%80%D0%B5%D0%B4%D0%B1%D0%B8%20%D1%81%D0%BE%20%D0%B7%D0%B0%D0%BA%D0%BE%D0%BD%D1%81%D0%BA%D0%B0%20%D1%81%D0%B8%D0%BB%D0%B0%20%D0%B7%D0%B0%20%D0%B2%D1%80%D0%B5%D0%BC%D0%B5%20%D0%BD%D0%B0%20%D0%B2%D0%BE%D0%BD%D1%80%D0%B5%D0%B4%D0%BD%D0%B0%D1%82%D0%B0%20%D1%81%D0%BE%D1%81%D1%82%D0%BE%D1%98%D0%B1%D0%B0%20%D0%B2%D0%BE%202020_%D0%91%D0%BB%D1%83%D0%BF%D1%80%D0%B8%D0%BD%D1%82.pdf

House of Lords. (2021). *COVID-19 and the Use and Scrutiny of Emergency Powers.* 3rd Report of Session 2021-22, HL Paper 15. https://committees.parliament.uk/publications/6212/documents/69015/default/

Чилаг, К., Печефски, Д., Дево, К., & Бејкер, Т. (2021). *Улогата на парламентот во фискалната политика за време на вонредна состојба.* ИРИ, УСАИД, НДИ, ПДПП, СДЦ. https://www.ndi.org/sites/default/files/Cover%20%2B%20MK%20Parliament%27s%20Role%20in%20Emergency%20Fiscal%20Policy.pdf

## Интернет-извори

Бриф. 43. Колку Ковид-19 ќе ја зголеми сиромаштијата во Северна Македонија?. Finance think. https://www.financethink.mk/wp-content/uploads/2020/11/PB43.pdf

Бриф. 46. Земјоделските работници – тивка жртва на пандемијата?. Finance think. https://www.financethink.mk/wp-content/uploads/2021/02/PB-46.pdf

Бриф 50. Ранливите работници по корона-тобоган. Finance think. https://www.financethink.mk/wp-content/uploads/2021/06/PolicyBrief_no.50-MK-1.pdf

Venice Commission – Observatory on emergency situations. https://www.venice.coe.int/files/EmergencyPowersObservatory/MKD-E.htm

Дониновска, Ф., & Усинов, С. (2021). Влијанието на Ковид-19 врз мажите и жените во РСМ, Инфографик. https://www.sobranie.mk/content/%D0%9F%D0%B0%D1%80%D0%BB%D0%B0%D0%BC%D0%B5%D0%BD%D1%82%D0%B0%D1%80%D0%B5%D0%BD%20%D0%B8%D0%BD%D1%81%D1%82%D0%B8%D1%82%D1%83%D1%82/13-21.png

Е-магазин, Фото. https://emagazin.mk/foto-dva-ca-pratenici-so-kovid-19-vo-sobranieto-glasaa-vo-skafanderi-od-kabina/

EHEP. https://ener.gov.mk/Default.aspx?item=pub_regulation&subitem= view_reg_detail&itemid=72009

European Parliament. (2020). 2021/C 415/05, The impact of Covid-19 measures on democracy, rule of law and fundamental rights. Official Journal of the European Union

2021/C 415/05. https://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/PDF/?uri=CELEX:52020IP0307&from=EN

Inter-Parliamentary Union. (2020). How to run a parliament during a pandemic: Q and A. https://www.ipu.org/news/news-in-brief/2020-04/how-run-parliament-during-pandemic-q-and

ЈП Службен весник на Република Северна Македонија. https://www.slvesnik.com.mk/besplaten-pristap-do-izdanija.nspx

Parliament of Victoria, Emergency Powers, Public Health and COVID-19. https://www.parliament.vic.gov.au/publications/research-papers/download/36-research-papers/13962-emergency-powers-public-health-and-covid-19

Peixoto, T. (2020). Virtual Parliaments in times of Coronavirus: Flattening the Authoritarian Curve?. https://ds.saudeindigena.icict.fiocruz.br/bitstream/bvs/1705/1/Peixoto,%20Tiago%20-%202020%20-%20Virtual%20Parliaments%20in%20Times%20of%20Coronavirus%20Flatt.pdf

Пленарни седници. https://www.sobranie.mk/plenarni-sednici.nspx?structuredId=62BE8F93-1166-45F2-96BA-272EAAB19174

Samara Centre for Democracy. (2020). Towards a Virtual Parliament. https://journals.sagepub.com/doi/pdf/10.1177/2041905820933376

Седници на работни тела на Собрание. https://www.sobranie.mk/sednici-na-rabotni-tela.nspx?structuredId=62BE8F93-1166-45F2-96BA-272EAAB19174

Собрание на РСМ. (2020). Предлог на деловникот за дополнувања на Деловникот на Собрание на РСМ, по скратена постапка. https://www.sobranie.mk//materialdetails.nspx?materialId=2756068c -e0a6-44c5-9346-07d9f1127b49

ТЕЛМА. Владините уредби сега треба да бидат озаконети од новото Собрание, 22.9.2020. https://telma.com.mk/2020/08/22/%D0%B2%D0%BB%D0%B0%D0%B4%D0%B8%D0%BD%D0%B8%D1%82%D0%B5-%D1%83%D1%80%D0%B5%D0%B4%D0%B1%D0%B8-%D1%81%D0%B5%D0%B3%D0%B0-%D1%82%D1%80%D0%B5%D0%B1%D0%B0-%D0%B4%D0%B0-%D0%B1%D0%B8%D0%B4%D0%B0%D1%82-%D0%BE/

Уредби со законска сила донесени на седниците на Владата за спречување на ширењето на КОВИД-19. https://vlada.mk/uredbi-covid19

Фокус. Пратеничка од ВМРО-ДПМНЕ во скафандер ќе ѝ гласа недоверба на Владата. https://fokus.mk/pratenichka-od-vmro-dpmne-vo-skafander-ke-i-glasa-nedoverba-na-vladata/

Center for Civil and Political Rights, Stated of Emergencies in Response to the Covid-19 Pandemic. https://datastudio.google.com/u/0/reporting/1sHT8quopdfavCvSDk7t-zvqKIS0Ljiu0/page/dHMKB

Williamson, A. (2020). Virtual Members: Parliaments During the Pandemic. https://journals.sagepub.com/doi/pdf/10.1177/2041905820933376

World Economic Forum. (2020). "Covid-19 has worsened gendered inequality." https://www.weforum.org/agenda/2020/09/covid-19-gender -inequality-jobs-

economy/?fbclid=IwAR3D8TGzHj_I7n25NTK3KZVXyTgfUHrjglhOyiXb3FHKXS-284VXbm8z6VY

*Вонр. проф. д-р Бојана Наумовска*
*Доц. д-р Јован Близнаковски*

# ВЛИЈАНИЕТО НА ПАНДЕМИЈАТА ВРЗ ПОЛИТИЧКАТА ПАРТИЦИПАЦИЈА НА ГРАЃАНИТЕ

## Вовед

Предвремените парламентарни избори во 2020 година се одржаа во период кога сè уште не постоеше вакцина, а стравот на граѓаните беше голем. Граѓаните ги избегнуваа контактите со најблиските, но и работата на државните институции беше организирана со ротации. Ова е период во којшто училиштата се затворени, а голем дел од компаниите упатуваа на работа од дома. Во вакви околности, по само неколку месеци од прогласувањето на пандемијата се одржаа парламентарните избори во Македонија, со досега најниска изборна излезност. Врз основа на споменатите околности, се поставува главното истражувачко прашање за овој дел од истражувањето: „Во колкав степен пандемијата влијае врз политичката партиципација на граѓаните?“

Кога станува збор за политичката партиципација, под овој термин се подразбира секој начин со којшто граѓаните го изразуваат својот став, со цел влијание врз процесот на креирање политики на нивната влада (Hague, Harrop, 2007). Главен процес на политичка партиципација претставува гласањето на изборите, иако се препознава и во помалку конвенционални форми, како што се потпишувањето петиции и учеството во протести (овие автори во формите на политичка партиципација го вбројуваат и тероризмот, како акт против државата).

Ова истражување се фокусира на ефектите од пандемијата со КОВИД-19 кон политичкото учество на граѓаните и се обидува да процени дали и до кој степен стравот од заразување со коронавирусот влијае врз нивната одлука да (не) учествуваат на избори или јавни протести. Опфатени се двата „пандемични“ циклуси на избори – парламентарните во 2020 и локалните во 2021 година, како и протестите што се случуваа во текот на пандемијата.

Водени од податокот за изборната излезност во Македонија, со цел да се види дали станува збор за тренд, ќе бидат анализирани и податоци од преостанатите држави од регионот што имаат одржано парламентарни избори во пандемичниот период.

Имајќи ја предвид предизборната кампања како значаен дел од изборниот процес, ќе бидат прикажани и начините на коишто политичките партии ги реализираа активностите поврзани со овој процес.

## Изборна излезност

Изборната излезност претставува една од позначајните теми во фокусот на политичките науки. Тоа е начинот на којшто граѓаните го пренесуваат својот суверенитет на нивните идни претставници, а за да биде демократски овој процес, тој прет-

поставува активна вклученост на граѓаните во него. Променливоста на излезноста од циклус во циклус, како и од држава во држава, е во фокусот на истражување на многу автори. Френклин (Franklin) го поврзува падот на излезноста со намалувањето на значењето на изборите, гледано од аспект на трендот на изборна излезност од педесеттите години, па до крајот на минатиот век. Додека во периодот по Втората светска војна на изборите се решавало за големи прашања што претставувале конфликт во општеството, со намалување на класниот конфликт, избирачите имаат помал мотив да гласаат на денот на изборите (Хаг, Хароп, 2009). Исто така, тој ја истакнува и промената во однос на одлуката за гласање, односно наспроти групното и гласањето за партија, кое е карактеристика за поствоениот период, тоа се менува во гласање на прашања, економија, компетенции. Според Норис (Norris), пак, намалувањето се должи на намаленото задоволство кај избирачите од постигнувањата на владите. Даунс (Downs) истакнува дека излезноста е поголема во држави во коишто вложениот напор за гласање е мал (се мисли на процесот на регистрација), а евентуалните добивки големи (Hague, Harrop, 2007).

Според анализите на Френклин, краткиот период помеѓу изборите, како и предвидливоста на изборниот резултат, го намалуваат одѕивот на гласачите. Дополнително, Мајер (Myer) истакнува дека колку побрзо се одржуваат изборите, толку понепредвидливи се резултатите. Според Гис (Geys), пак, одѕивот на гласачите е поголем во земјите каде што историски има поголема излезност, во земјите со помалобројно население, на изборите каде што се очекува резултатите да бидат „тесни", каде што партиите трошат повеќе пари за кампања, во пропорционалните изборни системи, каде што регистрацијата на гласачите е лесна и каде што изборите се одвиваат истовремено (Бејл, 2009).

Според Норис, институционалниот контекст и културните фактори еднакво придонесуваат за објаснување на излезноста на гласање. Во земји што се предмет на неговата споредба, во случај кога сите други работи се еднакви во однос на политичките институции, учеството во гласањето веројатно ќе биде максимирано на изборите со користење на моделот на пропорционална застапеност, со мали изборни единици, редовни, но релативно ретки национални натпревари и конкурентни партиски системи. Но, дури и ако се контролира институционалниот контекст, постојат значителни нееднаквости во учеството во изборите поврзани со човечкиот развој, социоекономските ресурси и културните ставови. Во секое општество, граѓаните кои се пообразовани, побогати и мотивирани, со поголема веројатност ќе учествуваат на изборите од другите, а активизмот е повисок кај постиндустриските нации (Norris, 2004).

Споменатите аспекти што имаат влијание врз изборната излезност, на едно место можат да се најдат во изданието на група автори „Engaging the Electorate: Initiatives to Promote Voter Turnout from Around the World". Тие препознаваат две групи фактори: (1) контекстуални и системски фактори и (2) индивидуални и социјални фактори. Во првата група фактори, како контекстуални се споменуваат: <u>перцепцијата за ефективноста на политичкиот натпревар</u> (степенот до којшто граѓаните веруваат дека различните изборни исходи влијаат врз владеењето); <u>конкурентноста и важноста на изборите</u> (ако се верува дека изборниот резултат е близок, гласачите можат денот на гласањето да го гледаат како позначаен); <u>природата на партискиот систем</u> (степенот

на фрагментација може да обезбеди поразновидни опции за гласачите, иако силна фрагментација може да има обратен ефект, при што гласачите се збунети за ефектот што може да го има нивниот глас); поголемите трошења за изборната кампањата (може да го подигне профилот на избори и да доведе до поширока дистрибуција на политички информации); гласачките традиции во различни заедници (појавата на „безбедни“ места може да го намали одѕивот на гласачите или одредени заедници можат да бидат особено профитабилна цел за различни интересни групи или политички партии); стратешкото гласање (гласачите можат да бидат повеќе подготвени да излезат за да спречат несакан исход); времетраењето помеѓу изборите (кога изборите се одржуваат често, одѕивот на гласачите трпи); времето (екстремни временски услови можат да влијаат врз изборната излезност); и природата на самиот изборен настан (излезноста на референдумите и гласањето за граѓанска иницијатива е обично пониска отколку на националните избори, но таму постојат и исклучоци).

Системските или институционалните елементи се, генерално, повеќе стабилни и често бараат значителни законодавни и административни напори за промена. Примери за системски фактори се: изборниот систем (колку повеќе изборниот систем го рефлектира изборот на граѓаните, толку е поголема излезноста); регистрација на гласачите како државна или индивидуална одговорност; задолжително наспроти доброволно гласање (излезноста е поголема кога има задолжително гласање кога постои санкција); еден наспроти повеќе гласачки денови; избори што се одржуваат во работен ден или ден за одмор (излезноста е поголема кога гласањето се одвива за време на празници или викенд); достапност на алтернативни процедури за гласање (гласање однапред, гласање за друг, гласање по пошта итн. им овозможува на гласачите кои можеби нема да можат да учествуваат на изборниот ден претходно да гласаат); физички пристап до гласачките места; и употреба на нови технологии (електронското гласање).

Во групата на индивидуални и социјални фактори се споменуваат: возраста (излезноста е најмала кај најмладата популација), степенот на образование (генерално, постои позитивна корелација помеѓу степенот на образование и изборната излезност); полот; интересот за политика; вмреженоста; социјализацијата и други.

Од анализите на Меѓународниот институт IDEA за изборите во светот одржани во услови на КОВИД-19, забележан е пад на изборната излезност во 77 држави, односно во 66% од државите што организирале избори во периодот на КОВИД-19 (Aslund, 2022).

Од факторите што најверојатно влијаат врз зголемувањето на изборната излезност се истакнуваат: воведувањето или зголемувањето на специјални можности за гласање, политичкиот контекст и времето на одржување на изборите. Под специјални можности за гласање се подразбираат: гласањето по пошта, гласањето за друг (преку давање полномошно), гласањето со мобилни гласачки кутии и предвременото гласање, а се истакнува дека тие се покажале како особено важни во многу земји (Bicu, Wolf, 2020).

Како примери за избори со значаен политички контекст што влијаел врз изборната излезност се наведуваат изборите во Црна Гора и во Полска, каде што изборите се

оценети како клучни од страна на населението во двете земји, но и како неизвесни во однос на изборниот резултат.

Времето на одржување на изборите повеќе се однесува на состојбите со заразените во периодот на одржување на изборите и во оваа група држави влегуваат и тие што по самото прогласување на пандемијата организирале избори, односно во услови кога немале заразени во државата.

**Слика 1. Изборна излезност во време на пандемијата со КОВИД-19**




Извор: International IDEA (https://www.idea.int/news-media/news/going-against-trend-elections-increased-voter-turnout-during-covid-19-pandemichttps://www.idea.int/news-media/news/going-against-trend-elections-increased-voter-turnout-during-covid-19-pandemic).

Што се однесува, пак, до изборната излезност во Македонија, податоците говорат за значителен пад. Додека во првите изборни циклуси од осамостојувањето трендот е над 70%, во последните 20 години се движи од 56 до 67%, за да изнесува 52% на последните парламентарни избори (првите што се спроведоа во пандемични услови) (Графикон 1).

**Графикон 1. Изборна излезност – парламентарни избори Македонија**




Извор: International IDEA.

Во однос на државите од регионот, значително намалена излезност на избори организирани во периодот на пандемијата се забележува и на изборите во Србија, Бугарија и Хрватска. Во Црна Гора и Косово, излезноста е поголема во изборниот циклус организиран за време на пандемијата отколку во последниот пред пандемијата, додека во Албанија излезноста е на речиси исто ниво.

**Графикон 2. Изборна излезност – парламентарни избори Србија**




Извор: International IDEA.

**Графикон 3. Изборна излезност – парламентарни избори Бугарија**




Извор: International IDEA.

**Графикон 4. Изборна излезност – парламентарни избори Хрватска**




Извор: International IDEA.

**Графикон 5. Изборна излезност – парламентарни избори Албанија**




Извор: International IDEA.

**Графикон 6. Изборна излезност – парламентарни избори Црна Гора**




Извор: International IDEA.

**Графикон 7. Изборна излезност – парламентарни избори Косово**




Извор: International IDEA.

Од прикажаните податоци може да се види дека, со исклучок на Црна Гора, излезноста во преостанатите држави од регионот се движи околу 50%. Исто така, може да се забележи дека трендот на изборна излезност во последната деценија од минатиот век е многу повисок за разлика од процентот на излезени граѓани на денот на изборите во текот на последните 20 години.

Северна Македонија има најголем пад на излезноста за време на пандемијата во споредба со другите земји од регионот: 15% помалку гласачи излегле на „пандемичните" избори во 2020 во споредба со 2016 година. Кај другите земји, овој пад е многу помал и се движи околу 7% во Србија, 6% во Хрватска и 5% во Бугарија. Компаративниот преглед ни овозможува да заклучиме дека пандемијата не придонела секаде до намалена излезност на гласачите, спротивни исклучоци се Црна Гора и Косово, додека Албанија ја задржа излезноста како и во претпандемичниот период.

Исто така, може да се забележи дека во споменатите држави каде што има намалување на изборната излезност на изборите организирани во услови на пандемија, излезноста е на најниско ниво во историјата на секоја одделна држава. И покрај споменатите отежнати околности со здравствените системи на државите од регионот, сепак општествените и политичките состојби, како и промените на политичките структури, имаа свое дополнително влијание врз изборната излезност, што е согледано и од други истражувања.

Причина повеќе да сметаме дека пандемијата имала значителен ефект врз изборното однесување на македонските гласачи е и фактот дека локалните избори спроведени во октомври 2021 година претставуваа локални избори со најмала регистрирана излезност од првите, спроведени во 1996 година (види Графикон 8). Излезноста на локалните избори во 2021 година била за цели 10% пониска од таа во првиот круг во 2017 година, како и за дури 16% пониска од таа во 2013 година.

**Графикон 8. Излезност на локалните избори во Северна Македонија (1996-2021)**




Извор: Државна изборна комисија, Панковски и др. (2021), стр. 33.

Како што може да се види од прикажаните податоци на светско ниво, но и во однос на регионот, пандемијата со КОВИД-19 има свое влијание врз изборната излезност, иако се детектирани и генерални причини во државите каде што тоа не е случај. Ваквите податоци ни даваат за право понатаму да ја истражуваме оваа појава, односно колку намалената излезност на парламентарните избори во 2020 година и на локалните избори во 2021 година е резултат на пандемичните околности.

## Емпириски податоци

Со цел да се даде одговор на главното истражувачко прашање „Во колкав степен пандемијата влијае врз политичката партиципација на граѓаните?", беше реализирана електронска анкета, во којашто учествуваа 379 испитаници. Анкетата беше отворена во периодот ноември-декември 2021 година. Иако не станува збор за репрезентативен примерок, сепак сознанијата од неа покажуваат одредена тенденција што би можела понатаму да се истражува попродлабочено.

Според демографските карактеристики, во анкетата учествуваа 38% мажи и 62% жени, од коишто доминира категоријата со високо образование (43%), со магистерски и степен доктор на науки (36%), па потоа следуваат со средно (19%) и со основно образование (1%).

Во однос на работниот статус, 78% се вработени, 12% се невработени, 5% се студенти и 4,5% се пензионери. Од анкетираните, 84% се Македонци, 10% Албанци и 6% се групирани во категоријата *други*.

Според прашањата што се однесуваа на КОВИД-19, 77% од учесниците во анкетата се вакцинирани, 36% одговориле дека го прележале вирусот, а 34% одговориле дека им има починато некој близок.

Во однос на старосната структура, повеќе од половина од испитаниците припаѓаат на возрасната група 30-45 (57%), а четвртина на возрасната група 40-60 (25%).

Мал број испитаници припаѓаат на најмладата (18-29) и на најстарата (60+) возрасна група, 12 и 6%.

*Учество на изборите*

Високи 82% од анкетираните испитаници потврдија дека учествувале на изборите во 2020 година, а уште повисоки 85% потврдија дека тоа го направиле на вторите „пандемични" избори, локалните во 2021 година. Мнозинство (53,5%) од оние што гласале во 2020 година (N = 312) изјавиле дека до некоја мера биле загрижени дека во процесот на гласањето ќе се заразат со КОВИД-19 (43% рекле дека таа загриженост била делумна, а речиси 11% дека била целосна), а 43% се изјасниле дека воопшто не биле загрижени дека ќе се заразат. Загриженоста опаднала до локалните избори во 2021 година, кога малку над 50% од оние што гласале (N = 321) рекле дека воопшто не биле загрижени, а големо малцинство од 47% до некоја мера биле загрижени (40% делумно, а 7% целосно).

**Графикон 9. Во колкав степен бевте загрижени дека во процесот на гласањето ќе се заразите со КОВИД-19? (%)**




Од оние што не гласале во 2020 (N = 62), половина тоа го направиле под влијание на перципираната можност дека би можеле да се заразат со КОВИД-19 во текот на гласањето (при што, кај 40% тоа влијание било делумно, а кај 16% целосно). Точно половина од сите испитаници кои не гласале во 2020 година избрале да апстинираат без оглед на пандемијата. Влијанието на пандемијата како причина за апстиненција опаѓа со изборите во 2021 година: значително мнозинство (68%) од оние што не гласале во 2021 година (N = 56) го направиле тоа без влијание од пандемијата, а помалку од третина од испитаниците (32%) изјавиле дека веројатноста да се заразат со КОВИД-19 имала некакво влијание врз нивната одлука да не излезат на избори.

**Графикон 10. Во колкав степен веројатноста да се заразите со КОВИД-19 влијаеше врз вашата одлука да не гласате? (%)**




Земено севкупно, овие наоди сугерираат дека стравот од заразување со КОВИД-19 за време на изборниот процес опаѓа со развојот на пандемијата, со оглед на тоа што загриженоста кај гласачите е повисока во 2020 отколку во 2021 година. Истражувањето не идентификуваше значителни разлики меѓу демографските групи во однос на загриженоста од зараза со КОВИД-19 како причина за апстиненција на избори, освен кај образовните групи. Загриженоста за зараза по учество во изборниот процес е највисока кај највисоката образовна група (постдипломски студии и докторат), а најниска кај средннообразованите: мнозинство од оние со постдипломски студии и докторат (56%) биле делумно загрижени, а мнозинство од оние со средно образование (53%) воопшто не биле загрижени дека ќе се заразат.

Дел од политичката партиципација претставува и изразувањето на ставот на граѓаните преку учество и поддржување на протести. На прашањето „Дали некогаш сте го изразиле своето незадоволство во врска со некој закон, одлука на Владата и слично?“, 67% од испитаниците одговориле дека на некој начин го изразиле својот став (Табела 1). Во однос на активноста *протести*, во последните две години, односно во периодот на пандемијата со КОВИД-19, од испитаниците вкупно 32,5% учествувале на еден (11,9%) или на повеќе од еден (20,6%) протест.

**Табела 1. Дали некогаш сте го изразиле своето незадоволство во врска со некој закон, одлука на Владата и слично?**

| Одговори | Проценти |
|---|---|
| Да, сум поддржал/а штрајк, протест | 28,8% |
| Да, преку медиумите/социјалните мрежи | 19% |
| Да, преку активности во невладините организации или здруженија | 5,8% |
| Да, сум тужел/а на суд или Уставен суд | 2,1% |
| Да, сум употребил/а повеќе од наведените можности погоре | 12,9% |
| Не сум изразил/а незадоволство, бидејќи тоа е загубена битка | 23,5% |
| Не сум изразил/а незадоволство, бидејќи се плашам од последици | 3,7% |
| Не сум бил/а незадоволен/на | 4,2% |

Во однос на степенот на загриженост, од испитаниците кои учествувале на протести, 44,7% одговориле дека биле делумно, а 6,5% целосно загрижени дека во овој процес би можеле да се заразат.

**Графикон 11. Во колкав степен бевте загрижени дека со учеството во протестот ќе се заразите со КОВИД-19? (%)**




Според одговорите на испитаниците кои не учествувале во протести во последните две години, врз 57,4% можноста да се заразат со КОВИД-19 делумно или целосно влијаела врз одлуката да учествуваат во вакви процеси.

**Графикон 12. Во колкав степен веројатноста да се заразите со КОВИД-19 влијае врз вашата одлука да не учествувате на протести? (%)**




Иако станува збор за истражување со големи ограничувања, сепак врз основа на прикажаните податоци може да се заклучи дека КОВИД-19 до одреден степен имал влијание врз излезноста на изборите, но многу повеќе има влијание врз одлуката да се учествува во протести.

### Изборна кампања

Во однос на изборната кампања и информираноста на гласачите за политика, се истакнуваат два клучни момента што резултираат со големи промени, а тоа се појавата на телевизијата и појавата на интернетот. Во периодот на појавата на телевизијата (шеесеттите и седумдесеттите години на минатиот век) се забележува првата фундаментална промена во природата на политиката. Во овој период, нивото на информираност се проценува како ниско, но константно. Со појавата на интернетот, според Мекалистер (McAllister), е прекината деценискатa стабилна релација помеѓу гласачите и партиите. Во новите околности, граѓаните имаат голем избор на информации. Интерактивноста, која е составен дел на интернетот, дава можност ставовите на граѓаните сè повеќе да бидат слушнати, наместо едноставно да бидат пасивни примачи на информациите.

Првично, можноста за комуникација и мобилизација што ја дава интернетот ја искористуваат големите политички партии преку нивниот капацитет да изградат софистицирани мултифункционални интернет-страници што нудат многу информации и можност за вклучување на граѓаните. Поновите истражувања покажуваат дека можноста што ја дава интернетот почнуваат да ја користат и малите партии (особено насочените кон здрава животна средина), кои во овој интернет-простор наоѓаат медиум на којшто се пристапува евтино и лесно (McAllister, 2018).

Медиумското претставување, без разлика дали станува збор за претставување преку класичните или новите медиуми, е исклучително значајно, особено кога се

зборува за предизборниот период. Социјалните мрежи ја даваат дополнителната можност на лично претставување, односно како сакаат да се претстават партиите или нивните кандидати. Ценејќи го како значаен интернет-просторот, а и можностите што ги нуди, како и водени од финансиските ограничувања на проектот, во овој дел, за анализата на водење на изборната кампања за изборните циклуси организирани во периодот на пандемијата со КОВИД-19, ќе бидат користени достапните известувања и објавите на официјалните профили на „Фејсбук“ на партиите.

Предвремените избори за избор на пратеници во Собранието во 2020 година се одржаа во сенката на пандемијата со коронавирусот. Најпрвин, поради појавувањето на КОВИД-19 во земјава, целиот изборен процес беше прекинат со Уредбата со законска сила на Владата, бр. 44-2413/1 од 21.3.2020 година. Подоцна, со Уредба со законска сила, а по договор на најголемите партии, беше утврдено дека наместо на 12 април (како што беше определено првично), изборите ќе се одржат на 15 јули.

Во претходните изборни циклуси, политичките партии (особено поголемите, кои се и финансиски помоќни) практикуваа масовни митинзи. Сакајќи да ги покажат својата доминација и поддршката од граѓаните, најчесто практикуваа и носење на своето членство на секој митинг. Секој ден од периодот предвиден за кампања изгледаше речиси идентично кај овие партии. Во текот на денот, остваруваа кратки средби со граѓаните од помалите населени места, а во текот на вечерните часови организираа масовни митинзи во поголемите градови. Пропагандниот материјал во текот на денот го делеа членовите на партијата во своето населено место.

Состојбата со пандемијата наметна поинаков начин на организирање и дејствување од веќе утврдениот. Покрај претставувањето на медиумите, кое е присутно во секој предизборен циклус, социјалните мрежи станаа новиот канал за комуникација со пошироката публика. Покрај официјалните партиски профили на „Фејсбук“, почнуваат повеќе да се користат „Твитер“ и „Јутјуб“, но и интернет-страниците на партиите стануваат побогати со содржини.

Ваквите промени во голем дел се резултат на Протоколот за целокупниот изборен процес од предизборните активности до денот на гласањето изготвен од Комисијата за заразни болести. Делот од Протоколот поврзан со предизборната кампања на партиите препорачува сите активности да се одвиваат со почитување на физичката дистанца од еден и пол до два метра, задолжително носење на заштитна маска на устата и на носот и задолжително често миење на рацете. При одржување на собирите, препорака е да се почитуваат сите овие мерки, да се води сметка за бројот на учесници и да се користат разгласни уреди за да се избегне поголема концентрација на луѓе на едно место. Дел од препораките се однесуваа на кампањата „врата на врата“, со упатување таа да се реализира со заштитна опрема и со физичка дистанца и да не се влегува во домаќинствата, туку само до врата или во двор. Во однос на партискиот превоз, препораката е да се одвива со средствата за јавен превоз со максимум 50 проценти пополнет капацитет. Притоа, задолжително е носењето на заштитна маска, а превозниците треба да обезбедат средства за дезинфекција.

За овие парламентарни избори беа донесени и Задолжителни препораки за здравствена заштита во текот на изборниот процес, донесени од страна на Државната изборна комисија. Овие мерки, покрај носењето маски и одржувањето дистанца на

сите учесници во процесот на гласање и дезинфекција на просторот, го регулираат и гласањето на заболените од КОВИД-19 (ДИК, 2020). Со цел обезбедување дистанца, периодот за гласање на овие избори е продолжен и трае од 7:00 до 21:00 часот. Ваквата промена е регулирана со Уредбата со законска сила за прашања поврзани со изборите на пратеници во Собранието на Република Северна Македонија на 15 јули 2020 година (Сл. весник).

Известувањата на медиумите за текот на кампањата генерално се во насока дека политичките партии се обидуваат да ги почитуваат препораките од Протоколот, иако докрај не успеале да ја контролираат ситуацијата. Сепак, за овие избори може да се каже дека изостанувaa масовните митинзи, во голем дел средбите со граѓаните беа со организирано седење, а главниот простор за презентирање на политичките програми беа медиумите и социјалните мрежи.

Локалните избори одржани во 2021 година, иако се организираа сè уште во пандемични услови, сепак беа во поинакви околности. Иако и во овој период бројот на заболени и починати е висок, фактот дека еден дел од населението е вакциниран или веќе го прележал вирусот, резултираше со поголема опуштеност на населението. И во овој период постојат мерки, како што се: носење маска на затворено, одржување дистанца, користење на затворените простории во ограничен капацитет, честа дезинфекција на затворените простории. Промени во однос на траењето на самиот изборен ден нема, гласањето беше отворено од 7:00 до 19:00 часот. Новина на овие избори е воведувањето на биометриска идентификација на гласачите, што создаде „дополнителни предизвици при спроведувањето на изборите“, наведено во Изјавата за прелиминарни наоди и заклучоци на ОБСЕ/ОДИХР (ОБСЕ/ОДИХР, 2021), отежнувајќи го гласањето во низа избирачки места поради технички проблеми со уредите за биометриска идентификација.

Во однос на изборната кампања, следена од аспект на почитување на мерките, направена е анализа за текот на кампањата врз основа на содржините објавени на официјалните профили на „Фејсбук“ на политичките партии. Во анализата се вклучени најголемите партии: СДСМ, ВМРО-ДПМНЕ и ДУИ.

Во кампањата на Социјалдемократскиот сојуз на Македонија пренесена преку наведената социјална мрежа, доминираат помалите средби со граѓани, што во поголем дел се одржуваат на отворено. Поголем собир на затворено е организиран во салата „Борис Трајковски“ во Скопје, каде што се внимава на растојанието во седењето на присутните (Слика 2).

Иако станува збор за локални избори, според објавите на оваа политичка партија, доминираат фотографии со лидерот на партијата и премиер (во тоа време) – Зоран Заев. Ова особено се забележува во кампањата помеѓу двата круга, кога со намера да го придобие гласачкото тело, премиерот го заложи и своето место во Владата.

Во предизборните активности на партијата, носителите на извршната власт (министри, директори) активно учествуваат и во делот на промоција на кандидатите за градоначалници на јавните собири, но и во активности познати како „од врата на врата“ (Слика 2).

**Слика 2 и Слика 3. Собир на СДСМ, сала „Борис Трајковски“, Скопје**





Извор: Профил на „Фејсбук“ на СДСМ, објавено на 24 октомври 2021 година.

**Слика 4. Бојан Маричиќ, министер за правда**



Извор: Профил на „Фејсбук“ на СДСМ, објавено на 10 октомври 2021 година.

Во однос на презентираната кампања на профилот на „Фејсбук“ на ВМРО-ДПМНЕ, на организираните средби во затворен простор, најголем дел од присутните носат маски, додека, пак, во неофицијалните средби со граѓаните маските не се во целост присутни. Најголем дел од средбите се организирани на отворено, а организираното седење, што обезбедува и дистанца, е повеќе присутно на организираните настани пред прviот круг (Слика 5 и Слика 6). Иако на овие избори генерално изостануваат масовните митинзи, оваа партија организира два поголеми

митинга во Скопје (пред првиот и вториот круг), кои се одржуваат на плоштадот пред Македонската филхармонија.

За разлика од СДСМ, од секоја средба со граѓани ВМРО-ДПМНЕ има поголем број на објавени фотографии од кандидатите, раководството, присутните и лидерот, Христијан Мицковски. Иако на профилот на „Фејсбук“ нема фотографии од „врата на врата“, сепак од профилите на нивното членство може да се види дека и за овие избори, споменатиот начин на промоција на партијата не изостанал (бидејќи станува збор за лични профили, фотографија не е пренесена).

**Слика 5. ВМРО-ДПМНЕ, митинг во Скопје**



Извор: Профил на „Фејсбук“ на ВМРО-ДПМНЕ, објавено на 12 октомври 2021 година.

**Слика 6. ВМРО-ДПМНЕ, митинг во Скопје**



Извор: Профил на „Фејсбук“ на ВМРО-ДПМНЕ, објавено на 28 октомври 2021 година.

Кампањата на Демократската унија за интеграција за овие избори на официјалниот профил на „Фејсбук“ главно се води преку пренесување на кратки видеа од кандидатите. Партијата нема поставено фотографии, така што анализата е направена

врз основа на споделените видеопораки. Во споделената содржина, главниот фокус е ставен на кандидатите за градоначалници, нивното обраќање до присутните, а секое видео завршува со повикување од страна на лидерот на партијата, Али Ахмети, до граѓаните да гласаат за нивниот кандидат.

Од поставените содржини, може да се види дека доминираат средби со граѓани во затворен простор, исполнет во целиот капацитет, а носењето маски е малку присутно.

Генералниот впечаток е дека водењето на изборните кампањи за парламентарните избори во 2020 година, како и за локалните избори во 2021 година е сменет. Масовните митинзи што беа практика во минатото изостануваат, иако се забележани поголеми собири. Понесени од еуфоријата помеѓу двата круга на локалните избори во 2021 година, забележани се поголеми групирања во коишто генерално се напушта концептот на организирано седење. Партиите СДСМ и ВМРО-ДПМНЕ во најголем дел средбите ги одржуваат на отворено, додека кај ДУИ, најголем дел од средбите се организирани во затворен простор.

## Заклучоци

Од прикажаните податоци за изборната излезност во светот за изборните циклуси организирани во периодот на пандемијата, може да се види трендот на намалена излезност во 66% од државите што организирале избори. Ваквиот тренд се забележува и во прикажаните податоци од регионот. Од државите во регионот, најголем пад на изборната излезност постои на парламентарните избори во Македонија.

Иако станува збор за истражување со големи ограничувања, од податоците може да се види дека 54% од испитаниците кои гласале на последните парламентарни избори во 2020 година биле загрижени дека во процесот на гласање се заразиле со КОВИД-19. Забележана е намалена загриженост во однос на локалните избори, односно овој процент за изборите во 2021 година изнесува 47%.

Во однос на учесниците во анкетата кои не гласале на парламентарните избори, 50% од нив одговориле дека можноста да се заразат со КОВИД-19 влијаела врз нивната одлука да не гласаат. Овој процент е значително намален во однос на локалните избори, односно 32% од испитаниците кои не учествувале на изборите во 2021 година одговориле дека можноста да се заразат со КОВИД-19 влијаела врз нивната одлука да не гласаат.

Поголема загриженост се забележува во однос на политичката партиципација на граѓаните во делот на протести, односно дури 57% од испитаниците кои не учествувале на протести одговориле дека можноста да се заразат со КОВИД-19 влијаела врз нивната одлука.

Пандемијата со КОВИД-19 има свое влијание и врз начинот на којшто политичките партии ги споделуваат своите информации со граѓаните, односно поради протоколите и препораките се напуштаат практиките на масовни митинзи, а во исто време интернет-просторот како канал за комуникација се користи повеќе.

Врз основа на изнесените податоци, може да се заклучи дека можноста за зараза од КОВИД-19 има одредено влијание врз политичкото учество на граѓаните, а нивото на загриженост е поголемо кога станува збор за протести. За да може со сигурност да се потврди оваа појава, потребно е спроведување на теренско истражување.

## Библиографија

Aslund, E. (ed.). (2022). *Global overview of COVID-19: Impact on elections.* https://www.idea.int/news-media/multimedia-reports/global-overview-covid-19-impact-elections

Бејл, Т. (2009). *Европска политика, компаративен вовед.* Скопје: Академски печат.

Bicu, I., Wolf, P. (2020). *Going against the trend: elections with increased voter turnout during the COVID-19 pandemic.* https://www.idea.int/news-media/news/going-against-trend-elections-increased-voter-turnout-during-covid-19-pandemic

Ellis, A., Gratschew. M., Pammett. J. H., Thiessen. E. (et al.). (2006). *Engaging the Electorate: Initiatives to Promote Voter Turnout from Around the World.*

https://www.idea.int/sites/default/files/publications/engaging-the-electorate-initiatives-to-promote-voter-turnout-from-around-the-world.pdf

McAllister, I. (2018). *Democratic theory and electoral behavior*, in The Routledge Handbook of Elections, Voting Behavior and Public Opinion (ed. Fisher, J.). Routledge.

Norris, P. (2004). *Electoral engineering voting rules and political behavior.* Cambridge University Press.

Панковски, М., Михајловски, Н., Наскова, И., и Ставров, З. (2021). *Прирачник за локални избори во Република Северна Македонија 2021 година. Второ дополнето издание.* Скопје: Фондација „Конрад Аденауер“ во Република Северна Македонија и Институт за демократија „Социетас Цивилис“ – Скопје.

Hague, R., & Harrop, M. (2007). *Comparative Government and Politics.* England: Palgrave Macmillan.

Хаг, Р., Хароп, М. (2009). *Компаративна анализа на власта и политиката.* Скопје: Академски печат.

## Регулатива

Уредбата со законска сила за прашања поврзани со изборниот процес, Службен весник бр. 72 од 21 март 2020 година.

Уредбата со законска сила за прашања поврзани со изборите на пратеници во Собранието на Република Северна Македонија, Службен весник бр. 160 од 15 јули 2020 година.

## Други извори

Задолжителни препораки за здравствена заштита во текот на изборниот процес, Државна изборна комисија, 2020.

Изјавата за прелиминарни наоди и заклучоци, Мисија за набљудување на изборите ОДИХР (17 октомври 2021). https://www.osce.org/files/f/documents/7/c/501322.pdf

# МЕДИУМИТЕ ВО УСЛОВИ НА ПАНДЕМИЈА

*Проф. д-р Елеонора Серафимовска*
*Проф. д-р Маријана Марковиќ*
*Асс. м-р Теа Конеска-Василевска*

# НОВИНАРСТВОТО И МЕДИУМИТЕ ВО МАКЕДОНИЈА ВО УСЛОВИ НА ПАНДЕМИЈА

## Вовед

Пандемијата со коронавирусот многу брзо и целосно го смени животот на милијарди луѓе ширум светот. Наеднаш, човечкиот род се исправи пред предизвик да се справува со нешто непознато, непредвидливо, а смртоносно. За миг, секојдневието го преокупира сериозната закана за здравјето, животот и иднината на сите луѓе.

Пандемијата се одрази на сите сфери на човековото постоење и функционирање. Неминовно, се одрази и на новинарството, на новинарите и на нивното работење. Новинарството, иако и досега се вбројуваше во стресните и ризични професии, сега со молскавична брзина се искачи на местото на најстресни, а некаде и најризични професии.

„Сред жариште, пред разни предизвици и товарени со повеќе одговорности, соочување со опасноста од заразување, одговорност за здравјето на другите, работа од дистанца, по посебни услови и заштитни мерки, спроведување на нови методи и алатки за работа. Низ сите овие предизвици поминале новинарите и медиумските работници во периодот на пандемијата и вонредната состојба, и на крај пак се соочиле со одговорноста да информираат точно, праведно, да не шират паника, а истовремено и да алармираат за заштита“ (Новинарството во време на корона и посткорона, 2020).

На голем дел од новинарите од целиот свет можеби не им беше прва пандемија во којашто известуваат и информираат, но се чини дека на сите новинари им беше првпат да работат во пандемија, а околу нив да има толкаво море на информации што се менуваа од ден на ден. Кога оваа слика ќе се дополни со огромниот потенцијал на социјалните медиуми да генерираат информации, лажни вести, дезинформации, станува јасно во какви услови работеа новинарите во оваа нова пандемија. Од тоа море на информации, од новинарите се очекува да ги пренесат оние вести, информации што се вистинити, точни и проверени, но и да внимаваат како ќе ги пренесат за да не ги поттикнат уште толку стравот, загриженоста и вознемиреноста кај граѓаните. Дополнително, овие информации требаше да бидат и навремени и транспарентни. И од стручен и од професионален и од етички, како и од личен (персонален) аспект, ова изгледаше како крајно сериозен предизвик за новинарите. Во каква состојба се најдоа новинарите, колку беа подготвени да влезат во оваа криза и за неа да известуваат според сите новинарски стандарди, со кои сè проблеми и, воопшто, предизвици се соочија во текот на нивната секојдневна работа, колку настрадаа, и во физичка и во психичка смисла, стана тема на истражувачки интерес и во светот и кај нас.

Па, како се снајдоа новинарите во овие услови? Дали брзо и успешно се реорганизираа и се приспособија на новите начини на работа? Дали приспособувањето

беше проследено со негативни последици по нивното физичко и ментално здравје? Дали успеаја објективно, вистинито и навремено да ги информираат граѓаните, а притоа да не ги вознемират дополнително?

**Референтни истражувања**

Состојбите во новинарството и условите во коишто дејствуваат и работат новинарите во периодот на пандемијата се фокус на неколку истражувања што биле спроведени во текот на 2020 и почетокот на 2021 година. Следуваат сумирани податоци од тие истражувања.

Во истражување спроведено од Институтот за студии за новинарство „Ројтерс" и Универзитетот во Торонто, на новинарите им биле поставени низа прашања во врска со нивната работа, менталното здравје и проблемите со коишто се соочуваат во јуни 2020 година, период кога сите земји на некој начин беа погодени од КОВИД-19. Според резултатите од ова истражување, извршено на примерок од 73 новинари од интернационални медиумски организации, со стапка на одговарање од 63%, поголемиот дел од испитаниците, околу 70%, одговориле дека страдаат од некакво ниво на психолошки стрес, а според одговорите, 26% имаат клинички значителна анксиозност, што вклучува симптоми на грижа, напнатост, несоница, лоша концентрација и замор. Околу 11%, пак, од испитаниците пријавиле важни симптоми на синдром на посттрауматски стрес, што вклучува наметливи навраќања и присетувања на трауматични настани поврзани со КОВИД-19, желба да се избегнат присетувањата на тие настани и чувство на вина, страв, лутина и бес, ужас и срам (COVID-19 is hurting journalists' mental health. News outlets should help them now, 2020).

Ова бил примерок на искусни новинари, кои работеле во веќе етаблирани новински медиуми, со просечно 18-годишно искуство, и буквално сите, 99%, сметале дека се во добро физичко здравје, а сепак се сериозно погодени од околностите. Експертите во областа стравуваат дека ситуацијата може да биде уште полоша во „помалку привилегираните" делови на новинарската професија и кај понеискусните новинари-репортери.

Истражувањето насловено како „Новинарството и пандемијата: Глобална слика на влијанието", спроведено во рамките на истражувачката иницијатива на Меѓународниот центар за новинарство (ICFJ) и Центарот за дигитално новинарство на Универзитетот во Колумбија, почнало во април 2020 година со цел проучување на влијанијата на кризата со коронавирусот врз новинарство ширум светот (Journalism and the Pandemic Project Report 1, 2020). Во ова големо истражување учествувале 1.406 испитаници – новинари, уредници и други медиумски работници од 125 земји во светот. Следуваат главните истражувачки наоди од ова најобемно меѓународно истражување за новинари.

Наодите за заканите по безбедноста на новинарството говорат дека:

- 70% од испитаниците ги оцениле психолошките и емоционалните влијанија од справувањето со кризата со КОВИД-19 како најтешкиот аспект на нивната работа, а 82% пријавиле најмалку една негативна емоционална или психолошка реакција како резултат на пандемијата.

- 30% изјавиле дека нивните новински организации не доставиле ниту една заштитна опрема за теренско известување.
- 20% рекле дека нивното искуство со злоупотреба, малтретирање, закани или напади преку интернет е „многу полошо од вообичаеното“.

Во однос на дезинформирањето:

- Политичарите биле идентификувани како врвен извор на дезинформации од 46% од испитаните новинари; политичарите заедно со владините агенции и нивните претставници како извор на дезинформации биле идентификувани од 25% испитаници, а мрежите за тролови поврзани со државата биле идентификувани од 25% испитаници, што го истакна податокот за сериозен недостиг на доверба на новинарите во политичките и во владините актери во време на пандемија.
- „Фејсбук“ најчесто бил идентификуван како плоден вектор за дезинформација (66% од испитаните новинари го тврделе тоа). Над третина (35%) ја номинирале апликацијата „Ватсап“ (WhatsApp), во сопственост на „Фејсбук“, како врвен распрснувач на дезинформации, додека „Инстаграм“ (исто така во сопственост на „Фејсбук“) бил идентификуван како најголем овозможувач на дезинформации од 11% од испитаниците, а „Фејсбук месинџер“ бил цитиран во истата конотација од 9% од испитаните новинари.
- „Твитер“ бил идентификуван како плоден распрснувач на дезинформации од 42% од испитаниците.

Во однос на повредите на слободата на говор, анализите покажуваат дека:

- 48% од испитаниците изјавиле дека нивните извори изразиле страв од одмазда за говорењето пред новинарите во врска со КОВИД-19.
- 10% од испитаниците изјавиле дека биле злоупотребени од страна на политичар или државен службеник во текот на пандемијата. Исто така, тие идентификувале големи ограничувања на нивното новинарство, вклучувајќи цензура и правно вознемирување поврзано со државата (State-linked censorship and legal harassment).

Анализата на одговорите во однос на финансискиот аспект покажува дека:

- 17% од испитаниците со знаење за финансиските загуби на нивните новински организации објавиле дека приходите се намалени за над 75% од почетокот на пандемијата, додека 43% укажуваат дека приходите се намалени за повеќе од половина.
- 89% објавиле дека нивната новинска организација донела најмалку една мерка на штедење поврзана со КОВИД-19 (вклучително и загуби на работни места, намалување на плати и затворање на продажни места).
- 7% пријавиле дека нивните продажни места престанале со изданијата за печатење и 11% пријавиле намалени изданија за печатење поради влијанијата на ограничувањата на буџетот предизвикани од КОВИД-19.

Во однос на најзначајните потреби, податоците го истакнуваат следното:

- Најзначајната потреба идентификувана од испитаниците (76%) било финансиско покривање на оперативните трошоци (вклучувајќи ги и платите). Но, резултатите исто така ја потенцираат итната потреба за поддршка и интервен-

ции на менталното здравје за да се помогне при ублажување на исцрпеноста. Исто така, постои голема побарувачка за обука за нови технологии за поддршка на далечинско известување и објавување (67%), напредна верификација и проверка на фактите (67%) и извештаи за наука и медицина/здравство (66%).

Позитивни трендови биле забележани само во следниот контекст:

- 43% од испитаните новинари изјавиле дека ја чувствуваат довербата на публиката во нивното новинарство за време на првиот бран на пандемијата.
- 61% изразиле зголемена посветеност кон новинарството како резултат на пандемијата.
- 38% рекле дека доживеале зголемен ангажман (вложување) на публиката во текот на тој период.

Уште едно истражување во фокусот на својот интерес го има новинарството за време на пандемијата. Во истражувањето на БИРН за работните услови со коишто се соочуваат новинарите на Балканот од почетокот на пандемијата со КОВИД-19 (More work, less pay: COVID-19 worsens plight of stressed-out Balkan reporters, 2020), анализирани се следните аспекти од работата на новинарите: финансии, обем на работа, ментално здравје и пристап до информации.

Помеѓу средината на април и средината на мај 2020 година, од БИРН анкетирале медиумски работници во Србија, Албанија, Босна и Херцеговина, Црна Гора и Северна Македонија, прашувајќи ги како пандемијата со КОВИД-19 ги сменила нивната работа и нивниот живот, со фокус на финансиските проблеми, обемот на работа, проблемите со менталното здравје и соработката со јавни службеници.

- Мнозинството медиумски работници се плашат за нивниот животен стандард, со речиси две третини рангирана финансиска поддршка како сериозна потреба.

Ситуацијата била најтешка во Македонија.

- Повеќе од 58% изјавиле дека известувањето за КОВИД-19 влијаело врз нивното ментално здравје.
- Повеќето новинари изјавиле дека имаат поддршка од нивните работодавци кога станува збор за платено боледување и соодветна заштитна опрема.
- Околу 40% одговориле дека стапката со којашто јавните службеници не одговориле на нивно прашање се зголемила за време на пандемијата.

## Состојбата на новинарството во Македонија

Во периодот на 2020 година, особено крајот, но и почетокот на 2021 година, излегоа неколку текстови и новински прилози што обработуваа теми поврзани со предизвиците, тешкотиите и начините на коишто се справувале новинарите во Македонија откако беше прогласена пандемија со КОВИД-19. Голем број новинари јавно проговорија за тоа како тие лично и професионално ја доживеале оваа пандемија, како функционирале во новите драстично сменети услови, колку успешно се справиле со мноштвото различни ситуации и случувања, но и за проблемите и тешкотиите со коишто се соочиле.

***Нетранспарентноста на институциите и дали медиумите ја задржаа својата примарна улога да информираат за јавен интерес?***

Во услови кога Парламентот се распушти поради изборите, а целата власт беше концентрирана во Владата, која ги носеше сите уредби, одлуки и мерки, беа наложени превентивни мерки за да се заштити здравјето на новинарите, но и здравјето на сите со коишто новинарите стапуваат во контакт во текот на извршувањето на својата професионална дејност. Вообичаените и секојдневни прес-конференции мораа да бидат заменети со онлајн прес-конференции, на коишто изјави даваа одговорните лица. Новинарите, кои вообичаено можеа да постават безброј прашања, сега беа едноставно замолчани. Во продолжение, следуваат изјави на неколку новинари.

*Во прво време, ми изгледаше во ред што добиваме информации на дневно ниво, но како поминува времето, тие јавувања во онлајн прес-конференции ми стануваа бесмислени. Таму министерот одговара кратко, некогаш не одговара зашто не бил информиран, другпат ги прескокнуваше прашањата, а ние не можевме да се уфрлиме, да потпрашаме, затоа што веднаш нè исклучуваа тонски. Потоа, по реакциите почнаа да нè вклучуваат уште еднаш за да можеме да допрашаме или да кажеме дали сме задоволни со одговорот. Но, повторно одговорите се непотполни, кратки или поставени поинаку од суштината на самото прашање,* вели новинарката Точи на НОВА ТВ.

*Во текот на март, до сите општини и министерства доставивме барање за информации. Во законскиот рок од 20 дена, од 98 институции, добивме одговори од само 43 институции. Ова е значително послаба респонзивност од вообичаеното и произлегува дека во законскиот рок побараните информации ги доставија 44% од институциите, наспроти реализација од 75-85%, што сме ја имале претходно. Притоа, Генералниот секретаријат на Владата дури и се повика на состојбите со коронавирусот како причина да не ги достават побараните информации, иако не постои владина уредба која го овозможува тоа. Поради тоа, до Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер е доставена жалба на одговорот на Владата,* вели Сабина Факиќ.

*Онлајн-конференциите се добра алатка, но има големи можности за манипулации. На прес-конференциите се вклучуваат новинари коишто никогаш не сме ги слушнале, кои повеќе ја фалат работата на министерот, а прашања практично не поставуваат и со тоа се одзема многу време и многу битни теми не добиваат соодветно внимание,* вели Фуркан Салиу.

*Оваа позиција несомнено е токсична за новинарството, бидејќи создаде една неприродна комфорна зона, во која како низ инка поминуваше само она што го пласирале здравствените авторитети. Тој наратив во кој државата секојдневно соопштуваше статистики, мерки и здравствени политики, како да создаде амбиент на некритички пренос на информации без нивно доследно преиспитување,* вели Васко Маглешов – новинар во БИРН.

*Ако министерот мисли дека транспарентност е да одржи на секои три часа прес-конференции за новинарски прашања, а новинарите да подготват прилози со инсерти/слики од светот затоа што од нашите клиники нема никој, тогаш нека не нè канат воопшто на настани кога ќе заврши пандемијата, затоа што очигледно ние не им требаме,* вели револтирано Мехмети.

*Имаше бројни забелешки доставени до ЗНМ за работата на поедини институции, па и здравствени домови, кои ја искористија ситуацијата, наместо да остварат добра комуникација со новинарите, да ги затворат вратите за јавноста, затоа што не им се допаѓало како некој новинар известува. Кризата им послужи како добар изговор на одредени директори, па настана едно централизирање на информациите што, се разбира, не е добро,* смета претседателот на ЗНМ, Младен Чадиковски.

*...поголемиот дел од здравствените институции решија да се затворат и да не комуницираат со новинари. Дел од директорите на институциите дури и го блокираа мојот број, за да не можам да ги добијам. Во исто време, на своите официјални страници на социјалните мрежи, постојано бевме обвинувани дека шириме лажни вести... Не знаејќи каде да се обратат, граѓаните своите информации ни ги даваа нам. Но, затворените институции не сакаа да комуницираат со нас и да ги проверуваат овие информации, кои подоцна, во голем дел, се потврдија дека се точни. Моите инсистирања дека локалните здравствени институции, по примерот на Министерството за здравство, треба да комуницираат со новинарите на дневна основа, за жал, останаа залудни,* додава Тевчев.

Извор: Вонредна слобода на медиумите (https://mim.org.mk/mk/aktivizam/1186-vonredna-sloboda-na-mediumite).

***Нов начин на функционирање на медиумите, што тоа предизвика кај новинарите на професионален и личен план и како се справуваа со новонастанатата ситуација?***

**Фуркан Салиу, новинар во ТВ „Клан“**

*Кога немате директен контакт со службените лица одговорни да решат некој проблем или, пак, направиле проблем и треба да се соочат со јавноста, ефектот не е ист. Па, дури во многу случаи, изговорот дека е пандемија беше корисен за да се избегнат снимања. Во голема мера се намали транспарентноста на институциите. Големи грешки и пропусти се оправдуваа со изговорот „Па, пандемија е“.*

*Директниот контакт со инфицирани лица, паниката дека можеш некого да заразиш, избегнувањето на контактот со блиските, сето тоа имаше свој ефект. Кога би морал да одберам една работа од која никогаш не би се откажал, а е поврзана со професијата, тоа сигурно би бил директниот контакт со луѓето. Онлајн можеш да завршиш работа, но емоцијата, душата на еден телевизиски прилог, не можеш да ја пренесеш преку зум-снимања. Ако има што било позитивно во целава ситуација, тоа е дека ние, помладите новинари, имавме кондиција и бевме во голема предност што не спаѓаме во ризични групи.*

**Маја Јаневска-Илиева, фоторепортер во дневниот весник „Нова Македонија“**

*Вежбам јога наутро, слушам музика, секој понеделник гледам „Дубиоза Колектив“ карантин шоу, одам на изложби, а есенва имаше многу инспиративни, читам книги во секој слободен момент... Ми недостига поврзувањето со природата. Напливот на позитивни емоции што го открив кога се искачував низ шумата на Водно е неверојатен. Посакав да ги гушкам дрвјата за возврат. Децата, нормално, ми се смееја. Сега секој викенд откриваме нови патеки.*

*Фокусот го поместив кон децата, кои следат онлајн-настава. Направив приоритет: завршување на работните обврски, грижата за останатите од фамилијата, дневните домашни работи, па дружбата со остатокот од светот. Согледав дека можам да постигнам сѐ ако станувам порано и секоја активност однапред ја планирам и ја ставам во временска рамка. Во однос на работата, многу е лесно кога однапред ги знам снимањата со точно време и место.*

*И зошто би се враќале на строгото непрекинато осумчасовно работно време, кога со колегите од редакцијата ги усогласивме обврските од дома и станавме поефикасни и од порано. Сите имаме и помлади и постари членови на фамилијата за кои се грижиме. Стравот од зараза е поголем кога знаеме дека може вирусот несвесно да го пренесеме некому од нив.*

**Соња Христовска-Угриновска, новинарка во дневниот весник „Слободен печат“**

*Од април до денес, „Слободен печат“ се испраќа во печатница откако секој поединец што го создава поминал „турбо“ откачен работен ден. Кога почна ситуацијата, си реков дека овој начин на работа е како „остварен сон“. Отсекогаш сметав дека работењето од дома е здраво и економично, и за работникот и за фирмата. Сѐ уште мислам дека тоа има свои предности, ама и маани, но сепак, не е возможно ваквото „весникарење“ да остане и по пандемијата.*

*Техничките проблеми од типот на прекин на електричната енергија среде прес-конференција или кога компјутерот сам се рестартира, влијаат на текот на работата.*

*Кога зачестуваат напорните денови, ми се случува и заморување и слаба концентрација. Среќа, сопругот е често дома и помага да не „прегорам“,*

*а и ваквите ситуации и лоши денови се поретки* – вели Христовска-Угриновска и додава дека во овие ненормални услови, „наша задача е да создадеме среќни семејни и работни денови во сопствените домови, во динамична атмосфера, но и да ги зачуваме мирот и здравјето“.

**Билјана Николовска – „Код“ („Телма“)**

*Влијанијата на кризата може да се поделат во два дела и тоа технички и содржински. Од технички аспект, функционирањето на терен е многу отежнато, сведено е на минимум, а мора да се внимава многу од аспект на носење заштитна опрема. Најголем дел од комуникацијата е онлајн заради личната заштита и препораките. Содржински пак, сѐ е фокусирано на технички информации поврзани со вирусот, а за жал се помалку може да се забележат истражувачки стории.*

*Ако зборуваме за секојдневните активности, вирусот речиси и да нѐ закопа во канцеларија, што не е нормално за репортерите во ТВ-станиците. Се обидуваме да направиме и добри репортажи и добри истражувачки стории, но се разбира дека тие повторно се поврзани со ширењето на КОВИД-19. Многу малку време ми останува и за истражување на теми поврзани со корупција поради поделените сменски работења на нашата редакција, односно поделбата во две различни групи кои физички се поделени за да немаат комуникација. Ова остава простор и широко поле за злоупотреби на оние кои се сега далеку од фокусот на новинарите.*

*Сметам дека засега, ние како редакција сме доволно заштитени, и канцелариски, но и теренски. Внатрешноста се дезинфицира постојано, одиме во две различни групи на работа, имаме доволна раздалеченост и носиме маски постојано, барем такви се препораките. За на терен исто така опремата е задолжителна, а започнавме да користиме и микрофони за на растојание за да не бидеме во близина со соговорниците. Се надевам дека полека ќе се навикнеме на новата реалност, па и нашата работа ќе се адаптира на начин што ќе биде обезбедена нашата и сигурноста на луѓето со кои комуницираме.*

**Фуркан Салиу – ТВ „Клан“**

*Од возбудлива и динамична професија, новинарството одеднаш стана досадна професија. Сѐ е поврзано со КОВИД-19, а повеќето од новинарите целото работно време го поминуваат пред компјутер. Кратко и јасно, стануваме мрзливи и незаинтересирани за други теми и ќе биде многу тешко да се вратиме во нормала ако ова трае уште многу долго.*

*Пред КОВИД-19, многу повеќе време размислував за темата којашто ќе ја предложам и на која ќе работам утредента, а сега веќе знам дека ќе работам на тема којашто мора на некој начин да е поврзана со КОВИД-19, па дури не се обидувам да предложам друга тема... Едноставно, секоја битна тема е небитна и неатрактивна кога ќе се спореди со една светска тема и тема којашто е поврзана директно со здравјето.*

*Изгубено е и чувството на тимската работа, повеќето од колегите работат од дома и веќе со месеци ти го пишуваш текстот од канцеларија, видеото од настанот ти стига на мејл, а монтажерот го склопува целиот материјал од дома.*

**Сунаи Сабриоски – „Канал 5“**

*Паниката можеби е намалена, но стравот е зголемен со оглед на околностите и теренската работа, кога на повик на јавноста мора да останеме доследни во обезбедување точни и навремени информации. Лично, субјективно мислење е дека се доживува некое молскавично растројство секој ден поради промената на темпото на работа. Ако претходно сум се преиспитувал три пати пред да напишам текст, денес тоа го правам речиси десет пати. Се чини дека владее едноумие на мислата, одеднаш ја снема шареноликоста. Сѐ стана монотоно и еднолично. Секое излегување од рамките на „пропишаните“ извештаи и соопштенија чиниш доживува јавна осуда. Ти се забележува на секое прашање кое, всушност, и не бара напори од соговорникот да ти го одговори, ако поставиш прашање коешто бара подлабока анализа, потребно е да си подготвен на потегот којшто би бил преземен, особено од јавноста.*

*Иако се чини сѐ е транспарентно и отчетно, лично, субјективно мислење е дека транспарентноста е отидена до таа мера да ти се пласира тоа што „некои“ сметаат дека е доволно за да ги задоволи новинарските апетити пропратени со професионализам. И тука некаде кризата удира подлабоко во ’рбетот на професијата. Не сум најкомпетентен и експерт, но времето ќе покаже што сѐ останало да чека зад завесите на театарот каде има придушена светлина. Иако сѐ се води пред светлото на јавноста, се прикажува двонасочната комуникација, сепак постои нешто што на секој новинар му пречи, а тоа е неможноста за подлабока анализа, бидејќи сѐ е во контекст да не се шири паника. Барем таква е оправданоста за транспарентноста. Во поглед на секојдневната работа, недостига теренот, недостигаат граѓаните да се во фокусот на работата. Нервозата од ден во ден е сѐ поголема, бидејќи таму некаде тлеат големи новинарски теми кои не може да се стигне да се обработат, бидејќи сѐ е во фокусот на КОВИД-19. Се плашам дека новинарското перо не ќе може да одговори навремено поради легалистичкиот пристап дека сѐ е согласно закон и уредба. Кризата си го прави своето, па така и во новинарството. Последиците се големи, но дефинитивно се испишува историја и во оваа професија, бидејќи и новинарите се тие кои се изложени во тие таканаречени први борбени редови.*

*Можам да зборувам лично дека потребната заштита ја добивам секој ден, меѓутоа истата не ни чекам некој да ми ја наложи, бидејќи треба да сме свесни од потенцијалот на ширењето на вирусот и опасноста од исходот доколку се однесуваме невнимателно. Од разговор со останатите колеги од другите медиуми, знам дека ја имаат потребната заштита од маски, ракавици, па дури и визири.*

Извор: Ниту новинарите не се имуни на пандемијата – им треба одмор, сон и помалку информации (https://mim.org.mk/mk/aktivizam/1256-nitu-novinarite-ne-se-imuni-na-pandemijata-im-treba-odmor-son-i-pomalku-informacii).

## Емпириско истражување

Ова истражување се реализира во рамките на проектот на ИСППИ „Политичко-правните и културолошките предизвици во справувањето со пандемијата“, но воедно е и иницирано од страна на Global Risk Journalism Hub, неформалната мрежа на водечки научници во доменот на новинарството, комуникациите и медиумите (globalriskjournalismhub.com), која обединува истражувачи, едукатори и практичари

од целиот свет, со цел да се проучат начините на известување за случувањата што се однесуваат на кризите што имаат глобални размери.

Новинарите ширум светот се соочуваат со предизвици кога се осврнуваат на глобалните „ризици“, како што се здравствени пандемии, еколошки кризи и хуманитарни конфликти. Во оваа смисла, „ризичното новинарство“ го нагласува начинот на којшто новинарите од различни региони се вклучуваат во овие глобални теми. Соочени сме со реалност во којашто новинарите се справуваат со голем обем на податоци, нови актери и дезинформации, така што од суштинско значење е да се испита сегашната новинарска практика за да се постават темелите за развој на нови модели на известување за глобални кризи.

Цел на Мрежата е да се иницираат проекти што ги надминуваат националните граници и овозможуваат нови простори за дијалог и дебата за тоа како на најсоодветен начин да се подобри квалитетот на новинарството во јавен интерес во рамките на денешните димензии на глобализираните екосистеми на дигитални податоци. Раководител на проектот е професор Ингрид Волкмер, Универзитет во Мелбурн, Австралија (Ingrid Volkmer, University of Melbourne, Australia).

Македонија во оваа мрежа е вклучена уште од почетокот на воспоставување на меѓународната мрежа на истражувачи.

## Истражувачки прашања

Главниот истражувачки интерес е формулиран преку следново прашање:

Кои се предизвиците на новинарството и на медиумите во Македонија за време на пандемијата?

Од главното истражувачко прашање произлегуваат следните прашања:

1. На каков начин пандемијата влијаеше врз безбедноста по физичкото и менталното здравје на новинарите? Дали медиумите за коишто работат ги едуцирале и соодветно ги опремиле за да можат професионално да ја извршуваат новинарската дејност?
2. На каков начин пандемијата влијаеше врз промената на условите за работа?
3. Како пандемијата влијаеше врз користењето на изворите за информирање (домашни, странски)?
4. Како пандемијата влијаеше врз справувањето со дезинформации?
5. Како пандемијата влијаеше врз изложеноста на притисоците и влијанијата од различни фактори?
6. Дали новинарите лично биле изложени на вирусот?

## Методологија на истражувањето

Истражувањето се реализираше во две фази. Во првата фаза беше реализирана онлајн-анкета на платформата „Гугл формс“ (Google Forms), додека во втората фаза, со цел добивање на подетални и продлабочени податоци, беше спроведено интервју.

Беа изготвени два инструмента (инструментите беа изготвени од работната група на Global Risk Journalism Hub), еден за реализација на анкетата и вториот за реализација на интервјуто.

А) Инструменти

1. Анкета

Анкетниот прашалник е сочинет од 34 прашања од затворен тип. Прашалникот е структуриран во неколку целини: демографски варијабли, перцепција на ризик на лична изложеност на КОВИД-19, извори на информирање, пречки за информирање, дезинформација, финансиски опстанок на медиумите. Прашалникот беше поставен на платформата „Гугл формс". Линкот со прашалникот со информации за истражувањето беше споделуван преку е-пошта или преку „Фејсбук" (на личниот профил на новинарот во инбокс). Беше испратена е-порака до ЗНМ со молба да го дистрибуира прашалникот до своето членство, но воедно, повикот за учество во анкетата беше испратен на повеќе од сто новинари со национален, регионален и локален опсег на известување. И покрај големиот број на контактирани новинари по пат на електронска пошта, прашалникот го пополнија само 29 новинари. Истражувањето беше спроведено во текот на март 2021 година.

2. Интервју

Прашалникот за интервју го сочинуваа шест дела: генерални информации за новинарот, перцепција на глобалниот импакт на кризата, наратив на кризата, извори на информации, присуство на дезинформации и лажни вести, ризици што се рефлектираат на индивидуално ниво. Истражувањето беше реализирано во периодот од октомври до декември 2021 година.

Б) Примерок

Примерокот за онлајн-анкетата го сочинуваа 29 новинари. При опис на примерокот за анкетното истражување, предвид беа земени следните демографски варијабли: пол, работен статус, работна позиција, примарна област на известување, во кој медиум примарно ги објавуваат прилозите и колку години работен стаж имаат како медиумски работници.

Примерокот на анкетирани новинари во поголем процент вклучуваше жени, 62,1%, наспроти 37,9% мажи.

Најголемиот процент од анкетираните новинари имаат статус „вработен со полно работно време" (82,8%).

Од вкупниот број анкетирани, 51,7% се уредници, а 41,4% се новинари.

Примарна област на известување на 58,6% од испитаниците се националните медиуми, а со еднаков процент се застапени новинарите кои известуваат за локалите медиуми, односно новинарите на коишто главна област на известување им се меѓународните медиуми (13,8%).

**Слика 1. Примарна област на известување**




Во најголем процент, испитаниците објавуваат прилози на интернет (58,6%), а во еднаков процент (17,2%) известуваат за печатени медиуми, односно телевизија.

**Слика 2. Медиум каде што најчесто се објавуваат прилози/текстови**




Најголемиот процент на новинари се со долго работно искуство во полето на новинарството (69% од испитаниците се вработени во медиум повеќе од 10 години, 20,7% имаат работен стаж од 5 до 10 години, а нема ниту еден испитаник кој е приправник).

**Слика 3. Години на работа во медиуми**




Примерок на испитаници вклучени во втората фаза на истражувањето (интервју)

При селекцијата на примерокот беше применета стратегијата на селекција според принцип на намерен примерок. Новинарите беа селектирани според два критериума: да имаат долгогодишно работно искуство како медиумски работници и да бидат истакнати во својата професија.

Примерокот на новинари го сочинуваат новинари вработени во „Телма“, „Алфа“, „Канал 5“, ТВ 24, МИА, „Призма“.

Со цел да биде запазена анонимноста, имињата на интервјуираните новинари нема да бидат наведени.

Генерално, за интервјуираните новинари може да се каже следното: сите имаат работно искуство повеќе од десет години, во текот на своето работно искуство работеле во различни медиуми (телевизија и печатени медиуми) и на најразлични работни позиции (репортери, водители, уредници, новинари). Некои од нив се и професори на факултет за новинарство.

## Известување за КОВИД-19

Пред да се почне со анализа на начинот на којшто новинарството во Македонија се справуваше и се справува со кризата со КОВИД-19, ќе биде даден приказ на перцепцијата на новинарите (овие податоци се добиени од интервјуата со новинарите) за начините на коишто државата во целост се справи со пандемијата.

Општа оцена на новинарите е дека „...пандемијата како држава ја дочекавме неподготвени...“, постапките и политиките на Владата имаа карактер на изјави што се во функција „...јавноста да биде смирувана дека може да се даде соодветен одговор...“, но „...препораките што ги носеше Владата се кршеа од политичарите и граѓаните, што доведе до слаб процент на вакцинираност и до непочитување или слабо почиту-

вање на мерките и недоверба во властите...“ Мерките на Владата се перципирани како несоодветни бидејќи „едноставно се копираа од европските земји, се покажаа како непотребни и несоодветни за ова население, кое има свои вредности и традиција...“

Констатирано е отсуство на план и стратегија за реагирање во криза, што особено се покажа како алармантно во секторите: образование, здравство и економија:

„...За економските проблеми, особено за најпогодените области, се бараа ад хок решенија...“;

„...Образованието исто доживеа колапс...“;

„...Најголемиот притисок е врз здравствениот систем. Голем дел од болниците беа и уште се КОВИД-центри. Во вакви услови и докторите од тие болници лекуваат КОВИД-болни. Сето ова создава и друга криза, а тоа е ненавремено дијагностицирање на други заболувања...“;

„...Дискриминацијата беше и придружна последица на кризата...“;

„...Многу луѓе кои се заразија со КОВИД-19 на почеток од пандемијата сведочеа за дискриминација во болниците, особено во градовите од внатрешноста, кон нив се однесувале како да биле болни од лепра. Огромен број заразени не сакаа да ги примат решенијата за изолација, даваа погрешни адреси или не отвораа кога беа барани, за да не бидат обележани од средината. Дискриминација и стигматизација имаше и сè уште има...“

Состојбите во здравството, како и во сите други сектори, се истакнува дека и пред пандемијата со КОВИД-19 имале сериозни недостатоци:

„...И пред КОВИДОТ во здравството имаше огромен недостиг од вработени и тоа со средна стручна спрема – имаме страшен одлив на медицински сестри и техничари, но и доктори...“;

„...Сè тоа е предизвикано од слабиот капацитет на здравствените власти – немање на дебати, трибини, континуирано појавување и објаснување од експертите на оваа тема...“

За крај, како сумарна забелешка на новинарите за успешноста на справувањето на Владата со пандемијата ќе биде употребена една реченица од интервјуираните новинари:

„...Се донесуваа политички, а не здравствени одлуки!...“

Според податоците добиени од анкетното истражување, повремено за КОВИД-19 известуваат 41,4%, многу често 34,5%, а остатокот е рамномерно распределен на категориите никогаш (8%), секогаш (8%) и ретко (8%).

**Слика 4. Фреквенција на пишување текстови за КОВИД-19**




Известувањето за пандемијата е предизвик за 55,1% од анкетираните новинари (со ова тврдење „целосно се согласуваат“ 24,1%, а „се согласуваат“ 31%), неутрално мислење имаат 34,5%, а остатокот не се согласува со ова тврдење.

**Слика 5. Темите за известување се предизвикувачки**




Во однос на перцепцијата на изложеноста на вирусот што предизвикува КОВИД-19, помалку од половината (48, 3%) сметаат дека лично биле изложени на ризик од зараза (13,8% се целосно сигурни дека се согласуваат со ова тврдење, со помал

интензитет со ова тврдење се согласуваат 34,5%), 44,8% не се согласуваат со наведеното тврдење.

**Слика 6. Изложеност на КОВИД-19 во текот на работата**




Најголем процент од испитаниците се изјасниле дека познаваат најмалку еден колега кој се заразил со вирусот (93,1%).

Податоците добиени од анкетата укажуваат дека најголемиот број на анкетирани новинари биле во ситуација да известуваат за кризата со КОВИД-19, која за половината од нив била предизвик, а речиси истиот тој процент изјавува дека биле лично изложени на вирусот во текот на известувањето. Речиси и да нема новинар кој не се изјаснил дека не познава колега кој се заразил од вирусот.

Сликата за состојбата во којашто се нашле новинарите при известувањето за вирусот станува појасна откако беа анализирани одговорите добиени од интервјуата. Најдобар пример колку оваа криза била стресна за новинарите е изјавата на еден од соговорниците кој истакна дека известувањето било речиси исто толку стресно колку кога се известувало за воениот конфликт во Македонија од 2001 година.

Некои од новинарите кои беа вклучени во интервјуто се заразиле, кај некои блиските се заразиле, но редовно се случувало некој од колегите да биде заразен или некој член од неговото/нејзиното семејство. Кај некои од колегите имало случај на смрт предизвикана од вирусот. Вознемиреноста и стресот кај новинарите биле дополнително предизвикани од напливот на голем број информации што, дури и кога доаѓале од официјални извори, како што е СЗО, биле контрадикторни:

„...Во редакција почнаа да се разболуваат, како ќе оздрави еден, се разболува друг, се јавува страв за семејството... тешко е психички да се остане спокоен, да ги спакуваш и да ги споделуваш сите информации... ако се разболи еден колега, друг ќе треба

да го замени. Постојано имаше заразени, како уредник морав да ги организирам луѓето, да ги заменувам тие што ќе се разболат со здрави...“;

„...Многу од нас се заразија со КОВИД-19, последиците ги чувствуваме сè уште...“

Интервјуираните новинари се во различна позиција по однос на потенцијалната изложеност на вирусот и, додека некои целосно преминале „во работа од дома“, други интервјуирале пациенти и медицински лица во болниците што беа определени како КОВИД-центри:

„...Пандемијата нè погоди сите. Јас тоа го доживувам и професионално, како новинарка, и лично. Предизвик е да се остане на ниво на оваа задача, да се информира професионално, да се слуша за болест и смрт, да се објавуваат тажни приказни речиси две години, тоа исцрпува...“

**<u>Новинарството и короната</u>**

Пандемијата претставуваше сериозен предизвик за новинарската професија од повеќе аспекти: да се зачува здравјето (физичко и ментално) на медиумските работници, да се употребат нови алатки за подготвување прилози („Скајп“, „Вибер“...), да се достават навремени и точни информации:

„...Пандемичната криза ја покажа целата важност на системот на јавно информирање. Се покажа дека целосна, правовремена, едукативна и вистинска информација буквално може да спаси животи...“

Но, некои од соговорниците истакнаа дека кризата во новинарството како професија е присутна и пред пандемијата:

„...Новинарството воопшто е засегнато и без КОВИД и пред КОВИД. Сведоци сме на опаѓање на интересот за новинарството – опаѓање на интересот кај младите да бидат новинари. Опаѓањето на платите на новинарите исто така е проблем и без КОВИДОТ...“;

„...Недостигот од професионални новинари беше забележлив, начинот како да примаат и да пренесат ваква вест е повеќе од важен, а создавањето на јавна хистерија покажа дека на земјава ѝ недостигаат обучени стручни лица во оваа област. Тоа дека новинарството не е професија што може да се занемари е очигледно и денес, година и пол по прогласувањето на пандемијата. Имаме општество што живее во страв и паника, кое не знае на што да верува и како да се брани од лажни вести, а тоа покажува итна потреба од медиумска писменост на јавноста и писмени новинари. Недостигот на локални телевизии и квалитетни новинарски извештаи од внатрешноста е повеќе од очигледен. Речиси ниту еден медиум нема сериозна дописничка мрежа, а во модерно време, во коешто информацијата е големо оружје, несериозноста влијае врз квалитетот на живеењето во секој сегмент...“

Извршувањето на новинарската дејност се најде пред сериозен предизвик за секој новинар бидејќи во услови на социјална изолација, полициски час, прибирањето информации во живо е вистински предизвик. Новите услови создадоа нови нормативи:

„Одеднаш, се соочивме со проблем дека не можеме да ја вршиме нашата дејност како што знаевме и умеевме дотогаш. Можеби и медиумите не беа доволно подготвени, иако се снаоѓавме секојдневно. Користевме алатки – ’Зум‘, ’Скајп’, ги користевме

снимките што ни ги испраќаа на 'Јутјуб', интервјуиравме луѓе по телефон – што дотогаш беше недозволиво (да разговараш по телефон, а да ставиш фотографија од човекот – тоа беше строго забрането). Тие нормативи сега ги сменивме, зашто соговорниците се плашеа, а и ние не сакавме да ги ставаме новинарите во потенцијално опасни ситуации каде што можат да се заразат...";

„...Нашите редакции не беа доволно подготвени за да го исполнат во целост ова барање на професијата, требаше време и се правеа многубројни импровизации..."

Новите услови, заболувањето на колегите, сè тоа подразбира реорганизација на капацитетите, која во одреден период е многу исцрпувачка, а сепак информациите навремено стигаа до граѓаните:

„...Работевме во смени, работевме во пар-непар денови, направивме групи за да не бидеме сите на работа. И тука морам да ги пофалам колегите дека и со ваков намален капаците на луѓе на работа, со неможност за интервјуирање – ние успеавме да известуваме за сè што беше важно..."

Кога се зборува за локален, регионален и интернационален пристап, новинарите имаа различни искуства, но генералната констатација е дека предност им се дава на локалните вести, кои имаат политички контекст:

„...Веќе сите заборавија дека постојат светски вести. Па имаме ситуација: зборуваме сега генерално дека ние ги знаеме светските текови и настани, знаеме што се случува – но тие вести не се пренесуваат и предност се дава на локалните теми. Некогаш и маргинални локални вести се важни кај нас само затоа што имаат политички контекст..."

Прилозите од меѓународните состојби се ретко присутни, поинтензивно е присуството на прилози за регионот, особено од Србија, каде што беше вакциниран голем дел од македонското население:

„...Ние регионално почнавме сè почесто да соработуваме, особено со колегите од Србија. Одевме на вакциналните пунктови во Србија, каде што се вакцинираа многу македонски граѓани, правевме репортажи како Србија се справува со пандемијата, какви протоколи има таму..."

## Мерки за заштита од КОВИД

Според податоците од анкетата, се покажа оти со тоа дека организацијата обезбедува опрема соодветна за заштита од вирусот се согласиле 72,4% испитаници, неутрални се 20,7% (ниту се согласуваат ниту не се согласуваат), а со ова тврдење не се согласуваат 6,9% од испитаниците.

**Слика 7. Обезбеденост на опрема за здравствена заштита од страна на организацијата**




Соодветни инструкции за заштита од вирусот добиле 69% од анкетираните новинари.

**Слика 8. Соодветни инструкции за заштита од вирусот**




Половина од анкетираните новинари (51%) добиле соодветна опрема за работа од дома, 31% не се согласуваат дека добиле соодветна опрема.

**Слика 9. Медиумската куќа обезбеди соодветна опрема за работа од дома**




Инструкциите за заштита од вирусот, според изјавите на новинарите дадени во интервјуата, беа во зависност и од препораките што СЗО, како меѓународен фактор за контрола на болестите, ги споделуваа со јавноста. Но, како сериозен фактор на генерирање несигурност и страв беше истакната променливоста во изјавите на СЗО:

„Не си доволно сигурен ниту во СЗО поради промена на реториката... дури си и преплашен, знаеш повеќе од другите...“

Во најголем процент, новинарите изразија задоволство од мерките за заштита што беа преземени од страна на менаџментот на медиумот. Тоа беше потврдено и од страна на некои од интервјуираните новинари:

„...Од самиот почеток е овозможено да се имаат визири, ракавици, скафандер, бесплатни тестови, брзи тестови, ПЦР...“

Некои од новинарите истакнаа дека на почетокот на пандемијата немале соодветна опрема:

„...Ние немавме ниту соодветна опрема на почетокот, кога во аптека не можеа да се најдат маски, а моравме да известуваме. Единствена помош тогаш стигна од ОБСЕ, преку ЗНМ, во маски, ракавици, визири...“

Покрај опасноста по физичкото здравје, кризата има влијание и врз менталното здравје и тоа се рефлектира и се чувствува:

„...Мене ми беше многу стресно да известувам, особено на почетокот на пандемијата. Дванаесет часа во денот бев окупирана со тоа, да се пренесе сè како што треба, да не се испушти нешто. Сето тоа предизвикува стрес од којшто тешко се ослободувате...“;

„...По неколку месеци, се заразив со КОВИД. Тоа, пак, ми беше огромен стрес, слушаш дека се умира. Живеам сам и некако многу се исплашив. Ме проверуваа колегите, ми носеа сè што ми беше потребно, ама некако неизвесноста ми беше многу

голем стрес. Страшно....“

Покрај грижата за сопственото здравје што е присутна кај новинарите, присутни се и грижата и чувството на одговорност дали ќе го пренесат вирусот дома и што ќе се случи со семејството доколку ним им се случи нешто.

Говорот на омраза на којшто биле изложени некои од новинарите дополнително се одразува врз менталното здравје:

„...Лично, кога постирам текстови на социјалните мрежи како новинарка, сум се среќавала со говор на омраза. Тоа се најчесто луѓе кои не веруваат во вирусот, ниту во вакцините...“

## Дезинформации

Во ова истражување, под поимот *дезинформација* се подразбира лажна информација, што намерно и често прикриено се шири, со цел да се изврши влијание врз јавното мислење или да се прикрие вистината. Ова објаснување е приложено во прашалникот пред да се постават соодветните прашања.

Добиените податоци покажуваат дека сите анкетирани новинари се запознаени со значењето на терминот *дезинформација*. Обука за справување со дезинформациите добиле половина од анкетираните (51,7%), 37,9% ниту се согласуваат ниту не се согласуваат дека добиле обука, а само 10,3% се изјасниле дека не добиле обука.

Според мислењето на 69% од испитаниците, новинарската организација за којашто работат има упатства за идентификација на дезинформации.

**Слика 10. Медиумската организација има упатства за тоа како да се идентификува дезинформација**



За тоа дека дезинформациите влијаат врз начинот на којшто известуваат тие или нивните колеги се изјасниле 65,5% од анкетираните новинари.

**Слика 11. Дезинформацијата има влијание врз начинот на известување на новинарите**




**Слика 12. Организацијата за којашто работи новинарот е поврзана со ширење дезинформации**




Најголем процент испитаници се изјасниле дека новинарската организација за којашто работат не е поврзана со ширење дезинформации, но 10,3% се изјасниле дека организацијата за којашто известуваат е поврзана со ширење дезинформации.

Кога станува збор за дезинформации, 41% од анкетираните испитаници во целост се согласуваат со тврдењето дека медиумот за којшто работат има изготвено упатства за идентификување дезинформации. Со ова тврдење не се согласуваат 10,3%, додека 20,7% имаат неутрален став.

Податоците што беа добиени од интервјуата упатуваат дека новинарите кои имаат долгогодишно искуство се добро обучени и способни да ги препознаваат дезинформациите, но дека рапидното ширење на дезинформации дополнително им ја отежнало работата:

„...Ние постојано пишуваме, работиме теми, истражуваме за напливот од дезинформации, без разлика што примарно го водам секторот здравство. Дискутираме во рамките на нашето здружение како да се справиме со овој проблем. Точно знам да препознам лажна вест или дезинформација. Тоа не се учи, тоа е веќе вкоренето во нашите животи, на тие што долго се занимаваат со новинарство...“

Еден од соговорниците истакна дека:

„...Дезинформациите се најтешкиот момент во кризата со КОВИД-19. Многу често на дел од порталите има нецелосни информации, непроверени, кои навистина стануваат проблем кај читателите. Најголем дел од тие информации се со бомбастични наслови, кои остануваат како информација кај граѓаните. Во таа борба и тоа докажување, прво е предизвик да најдете соговорник кој ќе ги демантира, а во овој период голем дел од оние што треба да говорат, докторите, се оние што лекуваат пациенти и не можат веднаш да дадат изјава за телевизија. Секако дека е предизвик кога ќе ги демантирате тие информации со точни информации...“

При проверката на точноста на информацијата, новинарите се базираат на повеќе независни извори, а некои од нив употребуваат алатки за проверка на вистинитост на објавени информации:

„...Точноста на информацијата се проверува кога ќе се споредат најмалку два меѓусебно неповрзани извора, независно дали тоа се луѓе, документи, податоци и сл. На пример, ако се сподели вест со фотографија, постојат специјални програми што проверуваат дали фотографијата е веродостојна, дали е веќе објавена и сл.“

Други се оградуваат од употребата на алатки за проверка на факти поради искуството и примената на основните начела на новинарството, а во функција на потребата од брзо пренесување на информациите:

„...Нема потреба од платформи за проверка на факти. Додека тие ги направат анализите, јас ќе објавам повеќе текстови. Во новинарството нема чекање. Сакам да кажам, поради искуството, не ми е потребно тоа. Се водам според основните начела во новинарството. Искусните новинари знаат како се проверуваат фактите. Јас и по 15-годишно работно искуство без две потврди, два независни извора не пишувам вест...“;

„...Токму интернетската ’демократизација‘ овозможи секој да информира и секој да биде информиран. Се растури стариот информативен систем, кој подразбираше низа ’бариери‘ и сериозна одговорност за јавно искажаниот збор, значи систем во којшто беше вграден цел синџир: новинар, уредник, редактор, лектор, деск-систем

итн. Врз флоскулата ’без цензура‘ поминуваат не само лажни вести туку и говор на омраза и ординарни навреди...“

Новинарите покажуваат резерва во однос на веродостојноста, професионалноста на платформите за проверка на факти:

„...Скептик сум за разните платформи за проверка на факти. Проверка на факти кај нас е проект, а не е новинарство. Тој некој земал пари и ќе прави проверка сè додека му даваат пари. Нашата работа е секојдневно да ги проверуваме информациите. Не смееме да дозволиме да чекаме од некој што за тоа добил пари да ни ги проверува фактите...“;

„...Дезинформациите најмногу се ширеа на социјалните мрежи. Тие ни направија најголем проблем нам, кои работиме во телевизиите. Ќе се проширеше некоја вест таму, граѓаните ќе се вознемиреа, па ние моравме да ја проверуваме. Искрено, губевме толку многу време, наместо да се занимаваме со многу поважни работи...“

„...Иако властите најавија борба со ’пандемијата на лажни вести‘, сепак ги имаше и сè уште ги има во голем број и прават голема штета. Најпотребно е итно дејствување, особено во медиумската едукација, медиумската писменост и создавање јавност отпорна на лажни вести. За жал, тоа сè уште не е на ниво на коешто треба да биде!...“

## Извори на информирање

Од особена важност за време на пандемијата беше да бидат контактирани и пренесувани прецизни и официјални извори. Дистрибуцијата на одговорите на анкетираните новинари сликовито е прикажана подолу во текстот.

**Слика 13. Извори на информирање**




Добиените податоци покажуваат дека во најголем процент (одговорено со алтернативите „целосно се согласувам“ и „се согласувам“), новинарите информации

добивале од здравствени експерти и владини претставници (91,4%), СЗО (86,3%), владини соопштенија за печат и меѓународни извори (82,8%).

Овој приказ на проценти добива на значење откако предвид ќе бидат земени одговорите на новинарите кои беа интервјуирани.

Почетен проблем со којшто се соочија новинарите беше „...недостигот на релевантни информации, а министерот за здравство на почетокот беше во улога на портпарол, па читаше соопштенија секој ден...“

Најголема доверба новинарите имаат во легитимни официјалните извори, но доколку ги нема, користат „...неофицијални, за да можат сепак да се избрифираат...“

Како главни извори на информации што беа посочени од новинарите се јавуваат експерти, најчесто медицински лица, кои, според изјавите на новинарите, не се политички мотивирани:

„...Што се однесува конкретно до здравството, најголема доверба лично имам во универзитетските професори и во членовите на Комисијата за заштита од заразни болести. Станува збор за професионалци кои не се политички инструирани, а тоа веќе неколкупати досега се покажа низ примери. Одлуките на Комисијата добиваа различен епилог кога ќе стигнеа до политичарите...“

Достапноста до експертите како извори на информирање сепак била сериозен предизвик за новинарите, колку поради отсуството на експертиза во професијата, толку и поради природата на вирусот:

„...Како новинари не можевме (особено првите три месеци) и сè уште не можеме да најдеме експерти епидемиолози и инфектолози кои на граѓаните ќе им објаснат каков вирус е ова... Често и се грешеше во прогнозите што ќе се случува, што ми дава за право да заклучам дека ние немаме ниту експерти од тој ранг...“

Покрај домашни извори, новинарите консултирале странски извори, СЗО, но и експерти од различни земји:

„...Следам различни ставови од еминентни научници (разни студии, колку што ми дозволува времето), сè што излегува ново на пазарот за вакцини и лекови, ги следам СЗО, ЕМА, ФДА што одобруваат, што забрануваат за употреба. Правам интервјуа со познати странски научници, но и наши кои работат во познати светски центри и се од областа на медицината (имунолози, епидемиолози, инфектолози) и од фармацијата...“

Особено беше истакнат моментот на прес-конференциите на Владата, кои најчесто биле еднонасочни, само се соопштува информацијата, без да се остави простор за новинарски прашања:

„...Прес-конференциите од државните институции, со мали исклучоци, беа пренесувани буквално, односно своевремено не беше сосема јасно дали станува збор за новинарство или за односи со јавност (имаше само еден прес и од него преземаа сите и пренесуваа)...“

Од разговорите со новинарите се стекнува впечаток дека имаат свои извори на информации, односно „брифери“, во коишто имаат доверба, а коишто им доставуваат информации. Како резултат на изнудената социјална изолација, изворите на информирање станале тешко достапни за новинарите:

„..Изворите на информирање, односно т.н. брифери, од коишто новинарите ги

црпат и ги добиваат информациите, ги одложуваа средбите со новинарите токму поради пандемијата...“

Некои од новинарите успевале да реализираат прилози преку интервјуа со лица кои биле хоспитализирани:

„...Многу често дел од сториите ги снимам со колега-сниматeл внатре во КОВИД-центрите, каде што се лекуваат тешко болните, со обрнување внимание на сите протоколи за работа. Целта на сите извештаи е да бидат од проверени извори, медицински лица, како и лични сведоштва на инфицирани од вирусот, дури и оние пациенти кои не верувале во КОВИД-19...“

Со оглед дека социјалните мрежи беа медиум за ширење дезинформации, од особен интерес беше да се согледаат размислувањата на новинарите за начинот на којшто ги употребувале. Овој медиум се употребувал за воспоставување контакт со лица:

„...Да кажеме вака: 90% од содржините на ’Фејсбук‘ се минорни и тотално небитни, но ако ми треба нечиј телефонски број или да воспоставам контакт со некого или да побарам одговор на некое навистина битно прашање за мене, тогаш ’Фејсбук‘ ми е незаменлив и најбрз извор... Социјалните мрежи се исто така од голема помош, бидејќи преку нив наоѓам голем дел од експертите, се поврзуваме со луѓето, дознаваме за нивните приказни...“

Интернетот во времето на глобалната пандемија се покажа како моќна алатка за прибирање податоци, но со една напомена, а тоа е проверка на вистинитоста на информациите:

„...Се разбира, најмногу го користев интернетот. Сметам дека имам доволно искуство за пребарување по глобалната мрежа и дека можам релативно брзо да го пронајдам она што ми е потребно за одреден текст. Значи, тоа приближно оди вака: ја препознавам информацијата што е важна, пронаоѓам податоци и факти што ќе ја поткрепат мојата теза, а потоа ја презентирам најдобро што знам....“

## Притисоци за да се објават (односно да не се објават) прилози

Следниот сет прашања се однесува на тоа што придонесува кон известувањето за КОВИД-19 или влијае врз него, засновано на искуството на новинарот од изложеност на притисоци да објави или да не објави прилог што е во врска со кризата со КОВИД-19.

Иако во најголем процент анкетираните испитаници не биле изложени на притисок од Владата, сепак определен процент се изјасниле дека биле под притисок на Владата да објават некој текст (8,7%), додека малку поголем процент се изјасниле дека биле под притисок да не објават определена информација.

**Табела 1. Изложеност на притисок од Владата за објавување, односно необјавување текст**

| Притисок од Влада за објавување | Не | Да |
|---|---|---|
| **Да се објави** | 91,3% | 8,7% |
| **Да не се објави** | 86,2% | 13,8% |

Најголемиот процент испитаници (72,4%) не биле изложени на какви било ограничувања при известувањето за кој било аспект од пандемијата. Иако во најголем процент не биле изложени на притисоци, сепак определен процент биле изложени на притисок од религиски (6,9%) и културолошки аспект (17,3%).

**Слика 14. Видови притисоци со коишто се соочуваат новинарите при известувањето за КОВИД-19**




Политичката поделба е присутна во сите сфери, па таа поделеност е присутна и во медиумите и во период на пандемија, што е илустрирано со изјавата на новинар дадена во едно од реализираните интервјуа:

„...Поради критика кон владините мерки, одлучија од Владата да не прифаќаат интервјуа во хТВ. Не е во ред, треба да се обраќаат и кон гледачите на хТВ...“;

„...Имаме лесни и неосновани обвинувања кон колеги дека шират лажни вести, а тоа е без аргументи... Страшна политика на поделеност... тоа се тешки битки... се користат провладини медиуми за обвинување новинари... Има стигматизација од министерството, од комисијата... имаше кон ’Телма‘, ’Инфомакс‘, ТВ 24... Јавно шиканирање поради поставено прашање, лични навреди... лош однос кон медиуми... нема никакво помрднување во однос на слободата на изразување...“

## Финансии

Новинарските организации за коишто новинарите подготвуваат прилози обезбедуваат потребен буџет и потребна логистика за покривање на пандемијата според одговорите на 58,6% од анкетираните испитаници, а 13,8% од нив сметаат дека новинарските организации не обезбедуваат соодветен буџет и соодветна логистика (27,6% ниту се согласуваат ниту не се согласуваат).

Најголем процент (79%) на анкетирани новинари покажуваат загриженост и страв дека новинарската организација за којашто известуваат ќе доживее финансиски тешкотии поради пандемијата.

Одговорите од интервјуата упатуваат на тоа дека:

„...Кризата со КОВИД-19 сериозно ги засегна медиумите. Влијанието на кризата врз новинарството, делумно се рефлектираше и врз фрагилниот социоекономски стандард на новинарите. На некои од колегите им беа скратувани платите, неколкумина беа и отпуштени, па поведоа судски постапки за отпуштањата. Промената на условите за прибирање информации се одрази и на односот на сопствениците кон финансирањето на производството на вести...“;

„...Газдите на медиумите научија дека можат да прават програма и поевтино, па наместо да оди новинарот на самото место и да добие изјава, тоа сега се прави онлајн, што им ги крати трошоците за производство на програма...“

И додека некои медиумски куќи крателе плати, трошоци, други, како што е „Сител“, на пример, не ги намалиле платите на новинарите:

„...Финансиски, нашата куќа беше многу фер. Во ниеден момент не ни ги намали платите, иако фактички имавме само 15 работни денови во неделата. Ние сме благодарни за тоа...“

Како причина за економската криза во медиумите, покрај кризата со КОВИД-19, се наведуваат малиот пазар, а големиот број медиуми и политичката состојба:

„...Причината за економската криза во медиумите во Македонија е малиот пазар, но и политичката состојба...“;

„...Главно, многу е мал пазарот во РМ и е мал колачот од реклами... наметнатата економска и политичка ситуација дека ние сме нонстоп во криза, нонстоп имаме проблеми, нонстоп треба да се занимаваме со себе...“;

„Изложеност на сите тимови на осуди... ако си за оние или овие... и без плата и без здравствено...“

**Заклучоци**

Кои се предизвиците на новинарството и на медиумите во Македонија за време на пандемијата беше главното истражувачко прашање во оваа студија, а за таа цел се направи истражување во две последователни фази. Во првата фаза, беше реализирана онлајн-анкета на платформата „Гугл формс“, што беше основа за квантитативна анализа, додека во втората фаза беше спроведено интервју што, пак, беше основа за квалитативна анализа.

Податоците прикажани погоре се обидоа да ги расветлат сите важни аспекти од работата на новинарите во услови на пандемија. Анализата на квантитативните, како и на квалитативните податоци покажа дека новинарите се соочиле со следните тешкотии и предизвици:

- загрозена слобода на медиумите, слобода на говор,
- нетранспарентност на институциите, ограничен проток на информации од јавен сервис,
- обвинување новинари за неетично известување,
- нов начин на функционирање на медиумите (од офлајн во онлајн),

- неедуцираност на новинарите за известување во криза,
- сензационалистичко известување на новинарите, дезинформации, лажни вести,
- загрозено физичко и психичко здравје, доживување на трауматски искуства,
- недостиг на психолошка поддршка на новинари,
- финансиски проблеми на медиумите.

Податоците од квантитативното, како и од квалитативното истражување покажуваат дека главните предизвици и/или тешкотии пред кои-што се исправени нашите новинари денес се **загрозената слобода на говор** и **нетранспарентноста на институциите**, **ограничениот проток на информации од јавниот сервис**. Во неколкуте анализирани медиумски текстови, јасно се алармираше на „прекршување на слободата на печатот“, „замолчување на медиумите“, „груба цензура, и онлајн и офлајн“. Имено, во услови на здравствена криза од огромни размери, „Владата и здравствените работници ги затворија вратите за новинарите“, со тоа ја покажаа сопствената „нетранспарентност кон медиумите и новинарите“, максимално го „отежнаа пристапот до информации“. Сето тоа резултираше со ситуација кога „медиумите се претворени во обични трансмитери на пораки“, „некритички пренос на информации без нивно доследно преиспитување“, поточно „новинарството се претвори во односи со јавност“ (Вонредна слобода на медиумите, 2020). Како дополнителен предизвик со којшто се соочувале новинарите се притисоците од властите, но и притисоците од религиски и културолошки карактер, како што покажа анализата на примарните податоци (Табела 1 и Слика 14).

Освен загрозената слобода на говор, **напливот на дезинформации и говор на омраза** беше следниот голем предизвик на македонското новинарство. Во многубројните текстови на новинари, се истакнуваше дека во медиумскиот простор има „неверојатно количество на лажни вести“, „некои медиуми станаа алатка за ширење полувистини, лаги и дезинформации“, притоа „новинарите се обвинети за ширење на лажни вести“, но се и „одговорни да ги посочат и да ги разобличат лажните вести“. Тие „модели на медиуми, групи на медиуми и поединци кои шират дезинформации, пропаганда и говор на омраза, се главно во онлајн-просторот“, „онлајн-медиумите се најчести прекршители на професионалните стандарди“ и „интернет-медиумите претставуваат особено соодветен канал за ширење дезинформации и поттикнување говор на омраза“ (Новинарството како јавно добро, 2020).

Во однос на овој наплив на дезинформации или инфодемија, анкетата, пак, покажа дека новинарите во најголем број се запознаени со значењето на терминот *дезинформации*, но им недостига обука за препознавање на информациите што имаат карактер на дезинформација и, иако поголемиот дел од новинарските организации имаат упатства за справување со дезинформации, сепак тоа треба да биде правило и обврска на сите медиуми. Загрижува податокот дека дезинформациите имаат влијание врз начинот на којшто новинарите ја информираат јавноста.

Со дезинформациите е поврзана и веродостојноста на изворот на информација. Според одговорите во анкетата, новинарите употребувале разнородни извори каде што помеѓу релевантните (СЗО и здравствените експерти), најчесто се базираат на соопштенија за печат, но се забележува и користење на социјалните мрежи. Последниот податок е сериозен ако се знае дека токму социјалните медиуми се извор на дезинформации, лаги и полувистини (Медиумски и комуникациски модели кои шират говор на омраза и дезинформации, 2020).

Пандемијата како глобална криза се одрази на економија, што неминовно има влијание и врз опстанокот на медиумите, а со тоа и врз **финансиската егзистенција на новинарите**. Ова претставува сериозен предизвик за новинарската професија, бидејќи квалитетното и одговорно новинарство подразбира економска одржливост на новинарските организации. Во анализираните релевантни текстови, се истакна дека „медиумите преживуваат економска криза“; дека е „загрозена економско-социјалната состојба на новинарите и медиумските работници“ и дека има „потреба од нови бизнис-модели за новинарството“ (Новинарското известување во пандемијата: каде скршнавме од патот?, 2020; Пандемијата покажа дека новинарите не знаат како да известуваат во кризни ситуации, 2020).

„Економските последици од кризата веќе се чувствуваат, а според нашите проценки, во наредниот период тие ќе бидат уште поголеми по економско-социјалната состојба на новинарите и медиумските работници“, велат од ССНМ за ПИНА (Новинарите за тоа како пандемијата влијае врз новинарската работа, 2020).

Анализата на квантитативните податоци исто така покажа и дека новинарите токму поради карактерот на својата професија биле во постојана **загрозеност на сопственото физичко и психичко здравје**, но и под притисок од можноста вирусот да го пренесат на своите најблиски. Поголемиот број биле во ситуација да бидат изложени на вирусот, а речиси секој новинар се изјаснил дека познава колега кој се заразил со КОВИД-19. Анализата на овие податоци покажа и дека „изложеноста на новинарите на трауми предизвикува долготраен стрес, исцрпеност, анксиозност, страв“, а постоењето на „најсериозни закани кон новинарството и новинар(к)ите“ е секако уште еден предизвик во контекст на зачувување на нивното физичко и ментално здравје (Вонредна слобода на медиумите, 2020; Ниту новинарите не се имуни на пандемијата – им треба одмор, сон и помалку информации, 2021).

Освен предизвиците споменати досега, и **неподготвеноста и needуцираноста на новинарите за известување во кризи** беа истакнати како реален предизвик во релевантните медиумски текстови. „Медиумите не се подготвени за да известуваат во време на криза“, постои „нeедуцираност на новинарите за известување во криза“ (Значајната улога на советите за етика за време на КОВИД-19, 2020), едноставно „новинарите не најдоа ’втор‘ кредибилен извор“ (Пандемијата покажа дека новинарите не знаат како да известуваат во кризни ситуации, 2020).

Предизвик со којшто медиумите и новинарите се чини дека донекаде успешно се справија во оваа здравствена криза е тоа дека мораа да го сменат дотогашниот начин на работа. Тие направија сериозен обид брзо да се приспособат на **новиот начин на организирање на нивната работа, на новиот начин воопшто на функционирање на медиумите**. Од офлајн, новинарството за миг стана онлајн. Внатрешната органи-

зација во медиумските куќи стана работа во смени, на одредени временски периоди и со намалени човечки контакти. Од работа на терен, надвор, на отворено, стана работа во студио, приклучување од внатре, на телефон и на некоја интернет-платформа.

***

Слободата на изразување и информирање е клучен столб на една демократија, а тоа особено е важно за време на здравствена криза од пандемични размери. Во време на криза, кога буквално се загрозени човечките животи на целата планета, а за нивна заштита се повикува на социјална изолација и дистанца, кога човештвото е принудено да функционира без човечки контакт, во тој момент медиумите ја имаат клучната улога, но овој пат дополнително оптоварени со зголемена одговорност во обезбедувањето на точни, веродостојни и проверени информации за јавноста, но исто така и во спречување паника и вознемиреност, како и поттикнување разбирање и соработка со владините мерки за потребните рестрикции и ограничувања. „Како што е потврдено во Упатството на Советот на Европа за заштита на слободата на изразување и информирање во време на криза, член 10 од Европската конвенција за човекови права (ETC бр. 5) и релевантната судска пракса на Европскиот суд за човекови права – основните стандарди што треба да се применуваат при остварувањето на тие права остануваат исти“ (Mitigating a global health crisis while maintaining freedom of expression and information, 2020).

## Референции

### Единици на кирилица:


Валиќ-Недељковиќ, Д. (2020, 29 мај). *Пандемијата покажа дека новинарите не знаат како да известуваат во кризни ситуации.* https://respublica.edu.mk/mk/blog/2020-05-29-08-33-45

Ѓорѓиевска, С. (2021, 13 јануари). *Ниту новинарите не се имуни на пандемијата – им треба одмор, сон и помалку информации.* Македонски институт за медиуми. https://mim.org.mk/mk/aktivizam/1256-nitu-novinarite-ne-se-imuni-na-pandemijata-im-treba-odmor-son-i-pomalku-informacii

*Значајната улога на советите за етика за време на КОВИД-19.* (2020, октомври). Совет за етика во медиумите во Македонија – СЕММ. https://semm.mk/dokumenti/publikacii/791-19

Ивановска, К., Зеќири, А., Стефанов, Д. (2020, 30 јуни). *Новинарството за време на корона и посткорона.* Здружение на новинари на Македонија. https://znm.org.mk/novinarstvo-vo-vreme-na-korona-i-postkorona/

Јовановска, М. (2020, 8 мај). *Вонредна слобода на медиумите.* Македонски институт за медиуми. https://mim.org.mk/mk/aktivizam/1186-vonredna-sloboda-na-mediumite

Никодиноска, В. (2020, септември). *Медиумски и комуникациски модели кои шират говор на омраза и дезинформации.* https://mim.org.mk/mk/istrazhuvanja/1230-mediumski-i-komunikaciski-modeli-koi-shirat-govor-na-omraza-i-dezinformacii

Новинарството како јавно добро. (2020, 13 јули). *Самостоен синдикат на новинари и медиумски работници, ССНМ билтен, 38.* https://ssnm.org.mk/wp-content/uploads/bsk-pdf-manager/2020/07/Publikacija_Novinarstvoto_kako_javno_dobro_SSNM_br_13_juli_2020.pdf

Озимец, К. (2020, 3 мај). *Новинарите за тоа како пандемијата влијае врз новинарската работа.* https://pina.mk/3297-novinarite-za-toa-kako-pandemijata-vlijae-vrz-novinarskata-rabota/

Тунева, М. (2020, 23 јули). *Новинарското известување во пандемијата: каде скршнавме од патот?* https://mim.org.mk/mk/edukacija/1220-novinarskoto- izvestuvanje-vo-pandemijata-kade-skrshnavme-od-patot

**Единици на латиница:**

*COVID-19 is hurting journalists' mental health. News outlets should help them now.* (2020, July 17). Reuters Institute for the Study of Journalism. https://reutersinstitute.politics.ox.ac.uk/news/covid-19-hurting-journalists-mental-health-news-outlets-should-help-them-now

*Mitigating a global health crisis while maintaining freedom of expression and information.* (n.d.). Council of Europe. https://rm.coe.int/en-mitigating-a-global-health-crisis-while-maintaining-freedom-of-expr/16809e2d1e

More work, less pay: COVID-19 worsens plight of stressed-out Balkan reporters. (2020, March 9). Balkan Insight. https://balkaninsight.com/2021/03/09/more-work-less-pay-covid-19-worsens-plight-of-stressed-out-balkan-reporters/

## ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА

Врз основа на спроведените истражувања, добиените сознанија и презентираните текстови од истражувачката студија „Политичко-правните и културолошките предизвици во справувањето со пандемијата", произлегуваат и генерални заклучоци.

Во однос на опфатот или опсегот на **мрежите на солидарност**, најсилни се примарните мрежи: семејството, соседството, кругот на пријатели. Се појавуваат и себичноста и отсуството на помош, но (веројатно) во услови на паника и страв. Оценатa за понудената здравствена заштита варира и се чини дека Скопје е привилегиран центар, во однос на периферијата на земјата. Кризата не ги продлабочила поделбите, бидејќи луѓето знаат да гледаат и да просудуваат според непосредните искуства подобро отколку од сервираните групни претстави. Секако, солидарноста најмногу се појавила во најблиското опкружување, но не се согледани или потврдени пречки за пошироко изразена, понудена и примена помош што ги надминува етничките поделби, за што сведочат многу од нашите учесници во фокус-групите, особено од оние региони каде што хетерогеноста е поизразена.

Основната претпоставка од којашто се појде во истражувањето на **стравовите** – дека пандемијата е на врвот на ранг-листата на стравови со коишто се соочуваат граѓаните – не е потврдена. Економската состојба во државава, поточно невработеноста и сиромаштијата, како и лошото функционирање на институциите претставуваат поголем товар за граѓаните одошто можноста да се прележи или да се има последици од КОВИД-19. Ваквиот тренд не е видоизменет со години наназад. Граѓаните повеќе ги мачат дневните проблеми – сообраќајот, криминалот и сл., меѓу другото и поради тоа што не веруваат дека ќе се подобрат, за разлика од пандемијата, за којашто очекуваат дека е времена. Позитивно е што поголем број граѓани се одлучуваат за своите стравови да говорат со стручни лица, што во перспектива би можело да го подобри менталното здравје во целина.

Од анализата на истражувањето може да се заклучи дека **културните институции** за релативно кус временски период успеале да ги пренасочат своите активности на социјалните медиуми и да ги трансформираат во т.н. онлајн-активности, што во голема мера се должи на соодветната техничка и кадровска опременост на голем дел од институциите. Оние институции што не се целосно и соодветно технички опремени за ваков начин на работа, веќе размислуваат во насока на целосно комплетирање на неопходната техничка опрема за онлајн-активности во смисла на презентирање на нивните програмски содржини. Во однос на онлајн-посетеноста на публиката, иако значително помала во однос на претходно организираните настани со физичко присуство, институциите сепак изразуваат задоволство, имајќи предвид дека станува збор за релативно нов начин и концепт на следење на културните и уметничките настани, поради што на публиката ѝ било потребно време да се навикне. Од друга страна, задоволителното онлајн-присуство на публиката говори за утврдена практика на континуирана културна партиципација.

**Издавачките куќи** се соочуваат со предизвици во насока на: зачувување на психофизичкото здравје на вработените; сменетите услови на работа со оглед на неможноста за физичко присуство во одредени периоди од пандемијата, карантините и социјалната дистанца; сменетите услови на продажба и дистрибуција; сменетите

услови во поглед на комуникацијата со читателската публика; користењето на разни комуникациски канали, медиуми и интернет-технологии во рамките на издавачките куќи, меѓу вработените, но и при комуникацијата со читателската публика; организација на активности/настани/случувања; отсуство на државна помош во поглед на финансиска поддршка.

Здравствената криза само го изнесе на виделина проблемот со решавање на статусот на **неформалните работници во културните институции**, односно дека крајното решение на нивната состојба е нивниот работен однос да се трансформира во редовен, преку договори за вработување.

Во однос на процедуралната страна на **собраниското дејствување** во време на пандемијата со КОВИД-19, Собранието на Република Северна Македонија не најде соодветен начин да продолжи со својата работа, не се направени никакви процедурални промени и може да се констатира редуцирана реализација на неговите функции. Пожелните промени што би можеле да бидат направени со интервенции во дефинирањето/толкувањето на процедурите опфаќаат повеќе теми, меѓу кои-што толкување и регулирање на различни видови присуство, дигитализација и сл. Од друга страна, во однос на материјалните аспекти на собраниското функционирање, можат да се утврдат позитивни страни, меѓу коишто донесување регулатива во вонредни околности и насоченост кон погодените општествени категории од пандемијата, но се согледуваат и битни слабости. Севкупно, кај Собранието се забележува потреба за дополнителна засилена контрола на материјалната страна на законите донесени во пандемичен период, преку квалитетна делиберација и сериозна посветеност на дополнување на целокупното законодавство, особено во областите на управата, безбедноста, здравството, образованието, социјалните политики, работните односи, државниот систем и др., со соодветни одредби за подигнување на нивото на функционалност и капацитет на системите при вонредни околности.

Според податоците за изборната излезност на организираните избори во услови на пандемија, во светот постои тренд на намалена излезност, што е присутен и во државите во регионот, иако многу понагласен кога станува збор за парламентарните избори одржани во Македонија. Според добиените податоци, можноста за зараза од КОВИД-19 има одредено влијание врз **политичката партиципација** на граѓаните, а нивото на загриженост е поголемо кога станува збор за протести.

Во однос на **новинарството и медиумите** за време на пандемијата со КОВИД-19, податоците добиени од истражувањето укажуваат на следните предизвици: загрозена слобода на медиумите; говор на омраза насочен кон новинарите; нов начин на функционирање на медиумите (офлајн/онлајн), реорганизација на капацитетите; солидарност и поддршка меѓу новинарите; загрозено физичко и психичко здравје, доживување на трауматски искуства; недостиг на релевантни извори на информации; нетранспарентност на институциите, ограничен проток на информации од јавен сервис; присуство на политичка поларизација во медиумите; справување со дезинформации што доминираат во онлајн-просторот; needуцираност и необученост на новинарите за известување во услови на криза; финансиски проблеми на медиумите, загрозеност на економската состојба на новинарите; совесно и одговорно известување наспроти сензационалистичко.

## FINAL CONSIDERATIONS

Based on the conducted researches, the gained findings and the presented texts from the research study "The political-legal and the cultural challenges in dealing with the pandemic", general conclusions arise also.

In terms of the scope of **solidarity nets**, the primary nets are the strongest: family, neighborhood, circle of friends. Selfishness and lack of help also appear, but (probably) in conditions of panic and fear. The assessment of the offered health care varies and it seems that Skopje is a privileged center, in relation to the periphery of the country. The crisis has not excavated the separations, because people know how to see and judge according to direct experiences better than the group performances served. Of course, solidarity has been most prevalent in the immediate surrounding, but no obstacles have been identified or confirmed for wider, offered and received support that surpasses the ethnic separations, as evidenced by many of our focus group participants, especially those in regions where heterogeneity is more prominent.

The basic assumption made in the survey of the **fears** – that the pandemic is at the top of the list of fears faced by citizens – has not been confirmed. The economic situation in the country, namely unemployment and the poverty, as well as the poor functioning of the institutions are a greater problem for the citizens than the opportunity to suffer or have consequences from COVID-19. This trend has not changed in years. Citizens are more concerned by daily problems – traffic, crime, etc., among other things because they do not believe that they will be improved, unlike the pandemic, which they expect to be temporary. It is positive that more citizens are deciding to talk to professionals about their fears, what in the future could lead for improvement of the mental health in general.

From the analysis of the research it can be concluded that the **cultural institutions** for a quite short period of time, managed to redirect their activities on the social media and to transform them into the so-called online activities, which is mainly due to the suitable technical and staffing equipped of many institutions. Those institutions that are not fully and properly technically equipped for this way of working, are already thinking in terms of fully completing the necessary technical equipment for online activities in terms of presenting their program content. Regarding the online attendance of the audience, although significantly lower than previously organized events with physical presence, the institutions still express satisfaction, given that it is a relatively new way and concept of following cultural and artistic events, due to which the audience took a while to get used to. On the other hand, the satisfactory online presence of the audience expresses the established practice of continuous cultural participation.

**Publishing houses** face challenges in terms of: preserving the mental and physical health of the employees; changed working conditions due to the impossibility of physical presence in certain periods of the pandemic, quarantines and social distance; changed conditions of sale and distribution; changed conditions in terms of communication with the readers; the use of various communication channels, media and Internet technologies within the publishing houses, among the employees, but also in the communication with the readers; organization of activities / events / happenings; absence of state assistance in terms of financial support.

The health crisis has only brought to bright the problem of resolving the status of **the informal workers in cultural institutions**, i.e. that the final solution to their situation is to transform their employment into a regular one, through employment contracts.

Concerning the procedural side of the **parliamentary action** during the pandemic with COVID-19, the Assembly of the Republic of North Macedonia did not find an appropriate way to continue its work, no procedural changes have been made and a reduced realization of its functions can be concluded. Desirable changes that could be made by interventions in defining / interpreting procedures cover several topics, including the interpretation and regulation of different types of presence, digitalization and the similar. On the other hand, in terms of the material aspects of the parliamentary functioning, positive aspects can be identified, including the adoption of regulations in emergency circumstances and focusing on the social categories affected by the pandemic, but also significant weaknesses are being perceived. General, there is a need for additional strengthened control of the material side of the laws adopted during a pandemic period, through quality deliberation and serious commitment to addition the overall legislation, especially in the areas of administration, security, health, education, social policies, labor relations, the state system, etc., with appropriate provisions for raising the level of functionality and capacity of the systems in emergency circumstances.

According to the data of the organized elections turnout during the pandemic, there is a trend of reduced turnout in the world, which is present in the countries in this region, although much more pronounced when it comes about the parliamentary elections held in Macedonia. According to the obtained data, the possibility of infection from COVID-19 has a certain impact on the **political participation** of the citizens, and the level of concern is higher when it comes to protests.

Regarding the **journalism and the media** during the COVID-19 pandemic, the data obtained from the research indicate the following challenges: endangered media freedom; hate speech against journalists; new way of functioning of the media (offline / online), reorganization of the capacities; solidarity and support among journalists; endangered physical and mental health, experiencing traumatic experiences; lack of relevant sources of information; non-transparency of institutions, limited flow of information from public service; presence of political polarization in the media; dealing with misinformation that dominates the online space; lack of education and training of journalists for reporting in times of crisis; financial problems of the media, endangerment of the economic situation of journalists; conscientious and responsible reporting versus sensationalism.